ХРИСТО КРСТЕВСКИ

# ПАСИЈА ПО МАТЕЈ

# ПАСИЈА ПО МАТЕЈ

*Роман*

*за летањето, бегањето*
*и паѓањето*
*од височините*

*"Ако некој е сакан од Господа,*
*тој умира млад."*
*Плаут*

*Ова е нова, доработена, проширена, дополнета и сосема видоизменета верзија на мојот роман "Гнила кобила", што излезе од печат во 2000-та година, во Култура, Скопје. Новиот назив за детската игра "кикара" во потполност го заменува стариот термин, бидејќи има иста семантичка вредност, но овојпат со една мошне карактеристична додавка, која во својот дијалектичко-провинциски контекст вклучува и извесна алузија за некаква наша, домашна, скриена и злобна подбишега. Инаку, поимот "гнила кобила" е во употреба и кај нас, во Македонија, но само во североисточните краишта на земјата. Тој е многу покарактеристичен за српскиот јазичен идиом. Познат е, исто така, и поимот "долга магарица"(особено во скопско). Меѓутоа, она што мене ми се наложува како дилема е прашањето дали писателот може и смее да бара прошка за еднаш веќе сторениот "грев" што истрчал пред времето и решил една уште одвај испилена и голуждрава птичка да ја извади од гнездото за да полета на слобода, во просторот. Оттаму и ми се наметна помислата за поднасловот - роман за летањето, бегањето и паѓањето од височините. Впрочем, јас уште многу порано некаде напишав дека ниедно дело, во суштина, не е завршено.Тоа е само привремено затворено во своите корици, одземено од својот автор и позајмено на читателот, кој пак, од своја*

*страна, со самото тоа што се решил да ѕирне внатре, во тајните на книгата, веќе и самиот, на извесен начин, станал и сведок и соучесник во творечкиот "грев" на авторот.*

*Во Македонија постои мит за штркот, што уште во минатиот век, на еден неверојатно вешт начин го има раскажано прилепскиот мајстор-терзија, Марко Цепенко. Инаку, неговото дело како раскажувач и собирач е големо и непроценливо и тој и ден-денес се смета за родоначалник на модерната македонска литература. Тој мит живее меѓу народот, а неговиот автентичен и сугестивен сказ сé уште го означува најдлабокиот и најсуштинскиот духовен белег на Македонецот, кој не ретко, дури и со сила на синоним, кога чувството за возвишеното, од една страна, и за самозамајтапен, своевиден хумор и синкретизам, од друга, ќе натежне на терезијата, се врзува со поимот за Силјан Штркот. Во тој мит човекот лета, небаре древните Дедал и Икар му ги позајмиле своите восочни крилја, или некој од модерните летачи и ловци на височините, го искачија човека на небо со своите моќни и инспиративни творечки крилја.*

*Во неа, во таа наша единствена и најубава национална сказна, човекот се идентификува себеси со птица, со најетеричното живо суштество на земјината топка. И на извесен начин, како да се сугерира дека ние сме "пород на Силјана Штркот" (Б. Конески), со што, бездруго, се става знак на равенство помеѓу нас и суштеството кое е плод на безгрешното зачнување и раѓање. Значи, од човекот се одзема бремето на прворождествениот грев, од оној најстариот-Источниот. Од изворот на нашиот прародител. Небаре му се дава ореол на вонземјанин*

*Му се брише порокот. Се ослободува од вината. Му се простува гревот. И со тоа што него "штркот го носи од реката", тој веќе е очистен со светата водица, тој е "осветен", во состојба е целосно да се справи со предизвикот на челниот судир со Едиповиот комплекс. Чувството на вина, комплексот на родителскиот или прародителскиот грев поради атавизмот во нашите гени, наеднаш како да исчезнува, како да испарува и одвејува врз крилјата на Силјана Штркот, кој гордо лета над облаците и по многу години талкање и скитање по непознатиот бел свет , тој , блудниот син, доаѓа назад, се враќа на својата родна грутка, кај своето "смачкано племе", што го трга својот клет и "крпен живот", го свива своето гнездо на стариот оџак, го гледа својот род отстрана и , молкум, страда. Тој и неговите предци, кои уште порано одлетале во егзотичните краишта и морињa, секоја година ги менуваат своите крилја, како што змијата ја слекува својата кожа. Се очистуваат. Се ослободуваат од гревот. Ја пронаоѓаат својата божествена суштина и вербата во новото раѓање токму на изворот од реката со кружен тек, во цикличното вртење и пресоздавање, далеку, некаде во предисторијата, уште во хтоничните пространства на боговите, кај Артемида и Персефона, уште од illo tempore, па сé до модерните виртуелни предели и модели на вечното опстојување - до идејата за клонирањето и новиот тип на етернитизмот.*

***Авторот***

*На сите убиени и преживеани воини од Македонија во последната Граѓанска војна на просторите од бивша Југославија, кои заедно со некои бегалци од БиХ, Хрватска и Косово ја раскажаа оваа приказна.*

## Глава прва

(*Секретарката на нашиот херој однапред го прилагодува времето околу неговото доаѓање во Македонија преку интернет)*

Тој ќе биде таму. Денес. Или утре. Не е важно. Да видиме. Понеделник, вторник, среда... Не. Недела повеќе би одговарало. Да. Недела наутро. На први јули. Со Пан-Америкен, се разбира.

Тогаш - довидување!

"Последниот печалбар од нашите, најмладата преселна птица, ќе летне кон стариот крај," тоа беше напишано во неговиот дневник. Тој ќе се врати на своите корени.

"Стариот крај - каде е тоа, по ѓаволите?"

"Во Македонија."

"Македонија - каде?"

"Еден чекор потаму од Итака на Одисеј."

"Не разбирам."

"Ќе разбереш."

"Кога?"

"Еден ден. Можеби скоро. Многу скоро."

Стјуардесата ќе се обиде да му ја симне сонливоста од очните капаци. Таа ќе пристисне на копчето од далечинскиот управувач. На телевизијата некој идиот од модниот канал ќе се расприкаже за најважните нешта што го чинат Модерниот Херој. Плеј-бој. Џет-сет. Бла-бла-бла. "Ох, тоа е само фарса," ќе рече тој. "Сега сè е изменето. Свршено. Сè е свршено. Денешниот фраер е поинаков. Комплетно. Тој е едно просто, обично момче. Тип од секојдневието. Како вашиот прв сосед. Просечен изглед, облека, особини. Освен, неговото банковно конто. Моето чувство за оној старомоден прототип - тоа си е сосема друга приказна. И ако навистина сакаш да знаеш што токму мислам за тоа, тогаш слушај, брат: -Пред сè, облеката - од кожа, свила, џинс. Костум - од кашмир. Италијанска мода, се разбира - Версаче, Армани, Унгаро. Чевли - Гучи. Часовник - Ролекс. Запалка - Картие. Очила - реј-бан. Автомобил - Порше, спорт купе. Приватно летало, ами како. Јахта, тоа не треба ни да се споменува, зар не. За пушење... миризлива тревка: canabis sativa. Или, Марлборо. За пијачка - Блади Мери, Џек Дениелс, Чивас Ригал.

Жени, тип:

а) Наоми Кембел,
б) Клаудија Шифер,
в) Синди Крафорд.

Апартмани: Њујорк, Париз, Палм Бич."

Плеј-бој, една ретка ѕверка во златен кафез. Non plus ultra. Момче со високи принципи. Со свои стандарди. Со свои унери - бла-бла-бла. Хоби - лов на диви свински срца. Омилена детска игра - Кикара. Цвеќе - нарцис, или сина гарденија. Годишно време -

врнежлива есен. Што е? Да не згрешив нешто? Смешно е? Не. Во никој случај. Одвратно е. Ете тоа.

Тој ќе се сети на денот кога умре татко му. Ќе најде уште една прибелешка од неговиот дневник, начкртана со негов ракопис (на грбот).

"ДЕНЕС ГО ЗАКОПАВМЕ ТАТКО МИ. ГОСПОДИ, ВЕЧЕРВА Е МОЈОТ ПРВ НАСТАП. МОЈОТ НАЈВАЖЕН DÉBUT . МОЈОТ КОНЦЕРТ. КАКВО ГЛУПАВО СОВПАЃАЊЕ! ДА ТИ ГО ЕБАМ ЗАНАЕТОТ МУЗИКАНТСКИ! ЌЕ ЈА ИСПОКРШАМ ГИТАРАТА. ЌЕ ГО ЗАСТРЕЛАМ И ГОСПОДА! ЌЕ ГО ЗАПАЛАМ И СВЕТОТ, АКО ТРЕБА!"

Уви!

Стјуардесата ќе објави:

"Молам, врзете си ги ремените! Полетуваме!"

Џамбо-џетот е подготвен.

Довидување, Америко!

*"Ти никогаш не го научи својот мајчин јазик оти се роди посмртче. Голема неволја е тоа, синко мој. А и јас не те научив на ништо. Бев толку зафатен. Во грижи. Постојано.. ."*

Денес, или утре. Тој ќе биде таму. Морам да си го сведам часовникот. О, колку е ниска месечината... Изгледа како да се удавила во океанот. Како во онаа наша позната песна за зајдисонцето: „зајди, зајди, јасно сонце и ти јасна ле месечино, бегај, удави се..." (Но сега, навистина се прашувам-Кој може воопшто да зборува за онаа баричка тука, зар не?) Сега е сè поинаку. Не би можел да препознаам никого од моите таму, освен можеби од сликите. Мојот стрико, мојот братучед, кого уште? Не разбирам ниту еден единствен збор од јазикот наш, македонски. Не разбирам ништо.

Моето ветување, мојот завет кога умираше тој, кога испушти душа, дека ќа ја обновам нашата заедничка семејна гробница во Равен*, ќе ја надмине мојата сила. Го знам тоа. Но што можам да сторам? Дадов збор. Сега е доцна за каење. Големата сенка од моето посмртно детство уште рее над мене. Би можел ли кога и да е да ја избркам сенката од твојата насмевка (од сликата)?

Не знам. Навистина.

Не се сеќавам на твојата насмевка.

---

*Равен е историско место. Тоа не постои веќе. Освен во имагинацијата на овој автор.

Не се сеќавам на ништо твое, освен на некои неважни дребулии какви што се деловите од твојата облека, твојот сламен куфер, твоите везени работи.. .

Што друго?

Ништо. Ништо особено. Ништо значајно. Освен големото, мошне големото платно во масло во нашата дневна соба, насликано на твојот дваесетти роденден, две години пред да ме донесеш на свет. Ти, како невеста. Твојата невестинска руба во наш национален стил. Твојот дувак и венецот околу главата. Твојот ѓердан од охридски бисери* (старо наследство од свекрвата). Твојата последна радост и постојана насмевка на лицето.

("Господ ги зема најубавите млади луѓе за измеќари во рајот"*, беше една од омилените лакрдии на татко ми кога бев малечок, но не од неговиот дневник).

Неговиот дневник! Што, всушност, беше неговиот дневник? Тоа е една друга приказна. Многу кратка и многу тажна. Ќе ви го раскажам остатокот. Кај и да е. Ќе ви ја раскажам. Сигурно. Кога ќе дојде вистинскиот час за тоа.

*Бездруго, купен кај прочуениот охридски јувелир-филигранист, Деребан.
*"Ако некој е сакан од Господа, тој умира млад", пишуваше Плаут.

Типот што седеше до прозорецот ќе ми го понуди за миг својот илустриран магазин. Читам некакви написи од страницата за забава. Авантурите на Чарли Браун. Стрип-сторија. Да. Дури и во пошарените изданија за забава на возрасните, таа инфантилна жичка на Американецот не смее да изостане. Наидувам, исто така, и на крстозбор. Потоа, некаков општ прашалник. Ајде да го исполниме целиот лист и да ја откриеме судбината. Опиши се себеси во десет зборови. Десет различни ситуации. Ајде.

Човек кој доаѓа од Америка во Македонија, во земјата на своите предци, човек кој зборува на некаков туѓ јазик и одбива да општи со светот освен на својот апстрактен, необичен, таен и немушт начин. Некаков сленг можеби. Тоа е човек кој се враќа назад од некој друг свет, од некое претходно живеалиште, како во некоја чудесна реинкарнација кон стариот крај, но тој не знае никого, не знае ништо за тој нов-стар свет, светот на неговите родители, кои отишле како печалбари преку море и ги оставиле своите коски во Америка засекогаш, и сега, тој се обидува да стапне на родната грутка од своите родители, да се соедини себеси со нив, да стане дел од овој универзум, да се сплетка себеси со корените.

Тој беше одвоен од нив стотици, милион години.

Тој беше на некоја друга планета. Откорнатик.

Сега тој се чувствува толку убаво. Небаре пpероден.

Како на крилја. Тој лета.

Да, тој е сè уште странец, тој е како искорнат, како извлечен од земја, но тој не е паднат од Марс. Тој е жив. И тој е тука, сполај му на Господа.

"Ќе ти кажам нешто. Музиката е како вештерка со убаво лице," зборуваше тој, шегувајќи се. "Ќе ти ги покажам нашите народни инструменти. Гајда, зурли, кавал, тапани. Нашите македонски народни ора и танци. Тие се како служители на ѓаволот. А ти знаеш, нели, вештерката му е ќерка на истиот стопан, зар не?"

Тој никогаш не го подучуваше. Беше толку зафатен. Но неговиот син ќе почне со часови по пијано. Тој ќе стане музичар. Ама вистински. Образован. Учен. А не некојси заебан слухист, музикант, самоук, свадбар, чакат'клија. Многу подоцна, ќе сфати слушајќи. "Секој ја сака музиката. Само прашај кого и да е, и ќе видиш." Тој ќе признае, не без некаква притаена гордост: "Да, бе, мојот син е професионален музичар. Но јас сум само еден кутар слушател." И по извесна пауза: "Дури и змијата стои исправено, се крева себеси простум под силното влијание на музиката. Погледајте го само она чудо со факирите во Индија," зборуваше тој. "Да. Така ти е тоа, мој господине. Музиката е најголемата волшебница на светот. Таа е како скротителка," ќе додадеше на крајот.

Овие последни зборови, тој ќе ги изрече со големи гестови и гримаси, речиси безмалку како вистински кловн, шегувајќи се и имитирајќи некој од мошне ретките и специјални муштерии во својот дуќан, во својата музичка продавница, продавајќи ноти, инструменти, разноразни антиквитети (народни носии, украси, сабји, стари монети, разни грнци, теракоти од

античко време, слики, икони и безброј други нешта што потекнуваа од Балканот, но првенствено од древната почва на Македонија, лулката на толку многу мешани и непомирливи цивилизации. Сето тоа беше сместено и изложено во неговиот малечок дуќан, на 57-та улица, во Њујорк.)

"Да, музиката," ќе воздивнеше тој на крајот. "Чиста илузија. Полни уши - празен стомак. Ти ја раскажав приказната за мрзливиот штурец и вредната мравка, зарем не се сеќаваш?"

"Во моето детство (си било некогаш одамна) ние често си ја игравме онаа чудесна игра наречена КИКАРА. Не знам, можеби нашите деца сè уште ја играат својата КИКАРА онаму, во Македонија. Но јас ќе ти кажам нешто околу начинот како го правевме тоа ние. Тоа беше фасцинантно. Занес. Вистинска и неповторлива екстаза. Десет момчиња од нашето маало играат против десет момчиња од соседното маало во нашиот град. Тоа е голема битка. Голем натпревар. Голема борба. Десетмина против десетмина. Десет еднакви против други десет еднакви и лути противници. Ќе застанат еден зад друг, ќе се наредат во редица и ќе се наведнат потпрени на

големото дабово стебло во средината на нашето маало, а противничкиот тим ќе прескокнува преку наведнатата редица, еден по еден, врз грбот на другата група, одзади, колку е можно што подалеку, небаре бега и лета скокајќи пред летачот и скокачот зад себе

и тоа оди така сè додека долната или горната редица не почне да паѓа надолу, да се растура, да се урива. Тогаш сите, колку што нè има, и играчите и гледачите,

и натпреварувачите и безделните сеирџии што гледаат и навиваат отстрана, ќе удрат во една општа, нездржана смеа.

Тој момент кога целата група (горната или долната, сите заедно) ќе почне да се ниша, пред да почнеме да се откинуваме еден од друг, да ја губиме нашата рамнотежа, нашата самоконтрола, тој момент на нашето паѓање долу, некој многу остроумен ѕевзек отстрана ќе го крсти како КИКАРА. Којзнае. Можеби бил во право. Можеби неговата слика за нашето паѓање по долготрајното и занесно летање е точна и исправна. Во секој случај, името КИКАРА ќе си остане така засекогаш. Та нели велат некои вешти и досетливи чешити за лакрдии дека и паѓањето било лет. Само што за лет требало крилја, а не раце и нозе. А луѓето што паѓале по летањето, повеќе прилегале на камен, не на птици. Како и да е, КИКАРАТА беше прекрасна игра*. Полноќниот јавач и гнилата кобила. Ние бевме противници, но не и непријатели. Тоа беше нешто како наше македонско родео. Родео со гнила кобила наместо со диви коњи.

Тоа беше само игра, бездруго.

Ние сакавме да покажеме, да докажеме еден на друг, кој е појак, кој е поиздржлив, кој е понадмоќен, кој е повешт, кој е стопан, кој е господар на маалото. На градот . Чие маало е најдобро. Кој е cool, како што велите денес, вие, момчињата".

---

*Во Македонија се познати повеќе имиња за таа игра: некаде ја викаат "долга магарица" (во скопско), некаде е познато и името "гнила кобила" (во кумановско), а некаде "кикара"(штипско) и тн.

Како и да е, твојата Ахилова петица нема да бидат твоите уши, твојот слух. Ти ќе слушаш премногу. Ќе знаеш премногу. Дури и зад дебела ограда од седум ѕидови, ти ќе можеш да го разбереш секој наш изречен збор, секој звук, секој шум, секој тресок и вресок, макар крикнал човек, или жена, макар тропнало тенеќе, макар се карале ние, тие, вие, или не, му зборуваа луѓето. Не постои никаква тајна што ти не можеш да ја откриеш. Секоја тајна на овој свет. Но ти не си љубопитен. Воопшто. Не си душкало. Не се плеткаш наоколу. Би можел да направиш прекрасна кариера како шпион. Само да посакаш. Но ти не сакаш да бидеш шпион. Каква штета!

Понекогаш, се прашуваше и самиот себеси: постои ли некаква разлика помеѓу едно вообразено малечко момче за кое се мисли и претпоставува дека е пример за некој што ветува, некој со иднина, талентиран, перспективен, од една страна, и еден неранимајко, еден уличар и мангуп, од верата надвор, од друга. Одговорот беше сосема нејасен, збркан и сомнителен. Секогаш. Ќе видиме што ќе се случи до крајот на нашата приказна. Постојат два пата. Кој ќе го изберам јас? Ќе бидам ли некој накренат, горделив сезнајко, или нешто поинакво, некој друг, многу пообичен?

Само еден Господ знае.

Значи, горд паун, или глупаво магаре?

Тоа е прашањето.

Ќе видиме.

Продолжението следи.

Којзнае што ќе станеше со него ако не беше тука неговата музика. Музиката беше точно онаа појдовна точка во неговиот живот од која ќе тргне најголемата крива линија на неговата дланка, дури и според последното и најчудното пророштво на Циганката гледарица, што му ја претскажуваше судбината.

Тој ќе начкрта дури и на насловната страница од етидите на Черни, уште на самиот почеток од неговите часови по музика:

"Јас можам да си го замислам секој тон во неговата природна и вистинска боја,

А е црн

F е златен

G е син

Fis е црвен

C е виолетов

Bb е сив

D е оранж

E е зелен

H е кварц-кристален.

Тоновите As, Cis и Es немаат никаква боја, или таа сè уште не е достапна за човековиот разум, за човековото око. Барем, сè уште не."

Како и да е, за него секој тон беше предопределен да биде на вистинската скала од ѕуницата. Тој имаше некое резервно, некое Трето Око што ја опфаќаше гамата на сите бои, небесниот нотен клуч. Многу подоцна, тој ќе открие безброј музички тајни и ќе промени многу од своите претходни уверувања, сомнежи и дилеми, но од оние околу боите на тоновите никогаш нема да се откаже и да отстапи. Особено откако ќе почне да работи на својот мјузикл наречен "Месијата". Ќе ги бара корените на старите македонски ритми (асиметрични сите по ред) и ќе ги

најде најтипичните примери од примитивните обреди, обичаи и ритуали.

Ќе допре дури и до прималниот крик на својата виртуелна меморија, невидливите траги на своите сетила низ македонските народни инструменти како гајдата, зурлата, кавалот и тапаните. Ќе ги најде, ќе се појават тие одненадеж во неговото дело. Како некои одамна секнати звуци од долгите и неповторливи сеанси на музичките вечери со пријателите на татко му во клубот на земјаците, како повторно зажуборени извори од детството. Тоа ќе биде речиси некое видовито послание, некоја приказна миракула. Токму затоа, најпосле, ќе реши да се врати, да си дојде дома, да го стори тој аџилак на своите македонски корени и изворишта. Ќе се здобие со апсолутен слух за сите звуци и шумови во текот на својот живот.

Ќе свири на сите инструменти. Пијано, виолина, гитара, кавал, тапани, па дури и на гајда. Барем ќе се обиде со тапаните и гајдата во своите аџамиски и тинејџерски години. Ќе биде вистински човек-сам-оркестар (one-man-band).

Неговиот татко ќе му зборува за раните шеесетти, за Битлсите, Рави Шанкар, за децата на цвеќето (хипиците), за земјотресот во Скопје, во јули, на 26, 1963, во 5,17 наутро, за толку многу нешта.. .пред да умре.

Тој ќе признае дека сепак не го препознал сосема добро светот на своите родители. Сè му беше малку чудно, необично и туѓо кога последен пат си дојде дома. Тој ќе ги изненади своите роднини, своите стари пријатели, тој ќе одбие да им зборува на својот сопствен јазик и ќе се обиде со некој свој посебен сленг, апстрактен, несекојдневен и немушт јазик, што само тој ќе си го знае и разбира, тој и никој друг, освен

можеби уметничкиот круг на неговиот син во Америка. И безмалку шегувајќи се со себеси, тој ќе рече: "Јас си зборувам на својот сопствен дијалект. На мојот сопствен начин. Еден посебен вид. Тоа е говорот на сите преселни птици. На сите печалбари и губитници во светот." Неговиот син си мислеше, сеќавајќи се: Секој си го зборува својот сопствен јазик. Како во Кулата Вавилонска. Морзевиот, Брајловиот систем, јазикот на глувонемите, птичјиот јазик-еуфоничниот, јазикот тн. "пиџн"*, заумниот јазик, јазикот на племето Гагаузи, Гагаузи од Тонгузија, всушност, една чудесна интерполација со древниот Славјански идиом, можеби езотеричен, Езоповски јазик, јазикот на луѓето кои мораат да го кријат вистинското значење на зборовите, меѓу кои особено оние на субјектите и објектите, сето време, без престанок, постојано, од илјадници и илјадници причини за некој кој најголемиот дел од својот живот го поминал во вистинска ортодоксна комунистичка земја, како што тоа го стори тој.

---

"пиџн" (pidgin) јазик - Нашите луѓе, нашите иселеници во Америка зборуваат еден мошне чуден јазик, една невообичаена мешаница, всушност, кажано сосема сликовито, една "турли-тава" од англискиот и македонскиот домороден јазик, такашто само тие можат и умеат да си се разберат помеѓу себе. Тоа е еден специјален вид јазик, во кој често пати доаѓа до вистинска збрка, недоразбирања, неволји и смешни ситуации, особено во контакт со неупатените. Дење, на работа, тие зборуваат англиски, но кога се враќаат дома, си даваат одушка, и си зборуваат на својот, македонски јазик. Идиоматскиот начин на изразување, што инаку е главна одлика на англискиот, е малку

познат, или речиси сосема непознат за нашите луѓе таму и тие во почетокот со тоа си имаат огромни тешкотии во разбирањето. На пример, ако Американецот му каже на некое наше штотуку пристигнато момче во "белиот свет" smarty-pants, тоа кутрото ќе се вџаши сето в недоумица, не знаејќи што му вели манукот, бидејќи не може да разбере што за чудо ќе да беа тие панталони штом можат да бидат и толку умни. Истото тоа ќе го мисли и за поимот fast-food, на пример, не знаејќи како тоа храната може да биде брза (нема, белки, нозе, па да трча!), за поимот со хренвиршлата hot-dog и тн. Нашите луѓе таму, отприлика вака зборуваат: "В недела, ќе му се опниме в карот, па ќојме пикник, ќе вртиме барбикју" и тн. и тн. Впрочем, тоа е и нормално. Американците и кога јадат, јадат набрзина, наврат-нанос. Од нога, што се вели. Ним времето им е скапо. Времето е пари. Тие немаат време за уживање. Затоа сите се клукаат со хамбургери, чизбургери, хот-дог и сл. Значи, тоа е тој, т.н. "пиџн" јазик, колоквијален, или креолски јазик, како што го викаат тамошните. На ист, или сличен начин зборуваат и многумина од странците и другите иселенички, етнички групи во Америка, кои таму ги има во огромен број.

Зашто, кога се кажува, на пример, "црвено"-тоа не го означува истото тоа црвеноваму или онаму. Има толку многу различни нијанси и својства. Кога се кажува црно, или бело, пак се повторува истата стара прикаска. Во неговата бивша земја, понекогаш мораше да се каже црно дури и тогаш кога, на пример, ќе станеше збор и за ланскиот снег. Што и да се кажеше тогаш во една од тие, или слична на нив земји, вистината секогаш беше најголемата жртва. Тука нема никакво сомнение.

На крајот, сепак, татко му на нашиот херој ќе признае: -Се одродивме, мајката! Брееј! Си го заборавивме и својот сопствен јазик! Веќе не се разбираме еден со друг. Ете, земи го брат ми. И со него се отуѓивме. Се одродивме. Како да не сме задоени од една иста мајка.

---

го мисли и за поимот fast-food, на пример, не знаејќи како тоа храната може да биде брза (нема, белки, нозе, па да трча!), за поимот со хренвиршлата hot-dog и тн. Нашите луѓе таму, отприлика вака зборуваат: "В недела, ќе му се опниме в карот, па ќојме пикник, ќе вртиме барбикју" и тн. и тн. Впрочем, тоа е и нормално. Американците и кога јадат, јадат набрзина, навратнанос. Од нога, што се вели. Ним времето им е скапо. Времето е пари. Тие немаат време за уживање. Затоа сите се клукаат со хамбургери, чизбургери, хотдог и сл. Значи, тоа е тој, т.н. "пицн" јазик, колоквијален, или креолски јазик, како што го викаат тамошните. На ист, или сличен начин зборуваат и многумина од странците и другите иселенички, етнички групи во Америка, кои таму ги има во огромен број.

*"И Кралот на славата ќе дојде.*
*Кој е Кралот на славата?"*
Библијата-псалм 24

Да се биде славен! Како е да се биде славен?-беше напишано со големи букви во насловот од еден напис.

Да се биде многу славен! Вауyу! Како оној маѓепсник со волшебно стапче во рацете.

Како штркот колобан од најдалечното село, кој беше диригент на жабешкиот хор од онаа страна на реката, мислеше тој не без извесна иронија и самозадоволна насмевка поради секавичната досетка на претпоставената пасторална и идилична слика од детството во себеси.

Но тука немаше никаков напис за штрковите и жабите. Имаше некои интересни детали за разни композитори и музичари.

Поднасловот гласеше: - Како да се збунат буржуите? (Comment èpater les bourgeois)?

Еден фрлаше смрдена, скапана и гнила риба во механизмот на пијаното и за време на изведбата примадоната се шеташе по сцената со кукла во рацете, врескајќи сето време.

Друг грабнал во рацете скршена фотелја,

трет трча низ публиката облечен во долга ноќна кошула,

четврт свирка на сирена, чука на машина и пука со детски пиштол,

петтиот стои на подиумот, пред музичарите, гледајќи во метрономот, и им диригира, покажувајќи им го времето, додека тие свират "таму и ваму", всушност, обично glissando нагоре и надолу,

шестиот-челистот, одвреме-навреме мавта лимена конзерва или удира по подиумот со ременот од панталоните,

седмиот го влече гудалото по мазната површина на пивското шише од скопско пиво.. .(скопско-и сè е можно!).. .каква збрка!

осмиот предлага неговата "Соната без две раце" да се свири со архангелска брада!

деветтиот, наместо нотна партитура, употребува телефонски именик!

десеттиот.. ..

Екстраваганцијата на музичарите е на целосен показ. Што не би сториле тие за таа пуста слава! (Написот вриеше од такви унери).

Не многу одамна, некој апсолутен анонимус, го изведе својот славен подвиг кога се обиде да ја продаде дури и својата сопствена смрт, своето јавно самоубиство на CNN. Што сè луѓето нема да измислат, што сè нема да сторат за таа пуста слава. Господи! Сè. Буквално сè, зар не?

Славата е можеби онаа гранична, онаа крајна позиција на секое човечко суштество, највисоката точка на секоја човечка судбина, од која се замаглува видот и се губи свеста, од која се искривоколчува вистинската претстава за личноста врз која веќе не може да се втисне ниту палецот за проста идентификација во регистерот на сомнителните и

прогонетите, насекаде низ светот. Независно од цената и наградата што по него е распишана од потерата. А сепак, секој сака да знае дали Божјиот прст ќе го допре токму неговото чело. Дали Господ ќе го избере токму него. Никој не е свесен за својата последна, за својата финална, фатална рунда. Секој сонува да биде славен, да биде почествуван, да биде зад граничната линија на казната за предизвикот што се издвоил од стадото, најпрвин да биде спасен, потоа можеби ќе биде подготвен да се покае за секој сторен грев и порок од кој не успеал да се ослободи во својот земски живот, да биде опеан и спастрен за Оној свет. Секој пајак ќе се фати себеси во сопствената мрежа. Секое јагне ќе тргне кон својата кланица. Во средината на своето стадо. Невино. Како агнец божји. In sancta simplicita.*

*In sancta simplicita-Во својата света простотија

Кога ќе го добие својот прв пасош во животот, работите ќе си се стокмат и наместат така што истиот веднаш ќе добие и своја употребна вредност. За жал, не за добра намена и цел. Тие дни ќе им јават со телеграма дека баба му на нашиот херој ненадејно отпатувала на оној свет. Ќе се укаже една непланирана можност тој за првпат да ја надлета "големата бара" и да замине за Македонија. Татко му веќе не ќе може да го преземе ризикот да му прави друштво и да отпатува на еден толку долг и напорен пат. Немаше ни десет дена од неговата прва операција од рак на грлото. Во тек беше неговата хемотерапија. Значи, Мат Џордан ќе мора да ги спакува куферите сам, да биде "маж, достоен на старото македонско семејство Аџи-Јорданови" и да летне кон стариот крај. Кон Равен.

Тоа ќе биде неговото воздушно крштевање и прво подолго патување во животот. Никој не ќе го испрати на аеродромот. Одењето во стариот крај кај него воопшто нема да предизвика некоја посебна возбуда. Повеќе ќе го копка стрежбата поради летот во височините отколку средбата со роднините во Македонија. Оставајќи го татка си во болничкиот кревет, попрво би можело да се каже дека оваа неочекувана промена во неговото вообичаено секојдневие (продавница-колеџ-болница) ќе му падне повеќе како несакан товар врз грбот отколку како некоја шанса барем за миг да се отргне од

секојдневните грижи. Сепак, не може да се каже дека во неговите младешки гради срцето нема да затупка малку побргу при помислата дека на извесен начин, дури не сакајќи и не очекувајќи, е испречен пред единствената можност, конечно и еднаш веќе вистински да се промолкне низ стварните опцрти и контури на големата слика за земјата на своето потекло, за таа славна и древна Македонија, за тој митски Равен, како дел од прикаската на својот татко, која чиниш немаше крај, која имаше свои крилја и летови, но на која веќе одамна ѝ недостигаше гранката и коренот на приземјувањето, на слетувањето. Ѝ дојде крајот на прикаската. Детството мина. Хероите се уморија. Им требаше една темелна и голема починка.

Ќе остане само една недела во Македонија. Некои подалечни роднини ќе го пречекаат на аеродромот. Ќе го однесат пред прагот на старата семејна куќа на прочуеното семејство Аџи-Јорданови, во Равен, во Горно Маало, ќе го запознае својот стрико, со неговото семејство, жена му, братучедот Борис. Ќе сретне едно големо мноштво луѓе на кои нема да им ги запомне ниту имињата, ниту презимињата, ни прекарите, ни карарите. Ќе го тупкаат по рамето, ќе му се втируваат, ќе му се љубуваат старците, жените и децата, ќе го гледаат и загледуваат како да е суштество паднато од некоја друга планета, ќе го теглат, ќе го прашуваат и потпрашуваат, но тој, кутриот, ништо нема да разбере од сета таа силна и нападна навалица врз него. Од јазикот, пак, одвај ли нешто ќе дофати. Овде луѓето зборуваа на свој дијалект, а татко му влечеше повеќе на скопски. Не смееше ни да гукне, ни да пропелтечи, а кога ќе го стореше тоа неволно и од немајкаде, луѓето умираа од смеење, се превиткуваа и му се потсмеваа. Речиси, најголемиот дел од кажаното го разбираше и можеше

да го прими, но не можеше да врати со ништо. Затоа, тој изгуби волја да им одговара на сите љубопитни душкала и продолжи да си зборува само со братучедот Борис. На англиски, се разбира. Тие неколку дни од закопот на баба му во Равен протекоа како една долга и шумна врволица, а тој ќе нема по што да се сеќава на нив, по ништо нема да ги запомне. Ќе се сеќава само бледо за тоа дека стрико му ќе му турне в раце некакви хартии и документи, имотни листови и тапии оверени со штембили и со судски печати, за тоа дека дедо му пред умирачката им оставил тестамент на двата сина, со еднаква и идеална поделба на сите материјални и финансиски оставнини. Му даде признаница за паричните пратки на татка му во Равен, на адреса на деда му, кога тој ги тераше да ја обноват старата семејна куќа во Равен, но стрико му избра поинаков план: со своите пари и со парите од татка му и брат му, изгради палата во Скопје, во подножјето на Водно, во населбата Козле. Му рече дека палатата има два идентични дела, со два различни и одвоени влеза. Од она што го имаа собрано на куп, можеше дури да се обнови и старата семејна гробница во Равен.

Така, Мат Џордан, наврат-нанос го виде Равен и бргу-бргу си замина назад, во Америка.

Но подобро ќе биде ако се каже дека попрво Равен го виде него, а не дека тој го виде Равен.

"Добредојде! Добредојде! Дај ми ги пљачките назад!" рече мошне љубезно средовечниот мустаклија, отворајќи ги безмалку церемонијално вратите од својот Форд. "Немој голема рица да ми чиниш ко да сум крал" се пошегува нашиот херој. Беше премногу млад за толку голема евала. Беше на аеродромот во Петровец. Најпосле. Средовечниот, непознатиот господин, се претстави себеси како Петре, некој подалечен роднина од стрика му, од страната на жена му. И тој неодамна се вратил од Австралија. Од државата Викторија, Мелбурн. Му рече дека стрико му го однеле сношти во Државната болница. Дијагнозата беше многу лоша: рак. Рак на белите дробови. Како татко му, помисли веднаш. Неговиот татко умре од рак на грлото. Истата црна семејна нишка.

О Господи!

Другата лоша вест беше дека неговиот син, неговиот братучед, всушност, беше изгубен со месеци и месеци, некаде во Босна, или Далмација, како војник во растурената Југословенска народна армија. Така, нивната куќа сега ќе биде празна, напуштена. Исто така, стриковата жена веќе неколку години била покојна.

"Штом така стојат работите, нема што друго да се прави освен да се најде некој добар хотелски апартман, што велите вие на тоа?" го праша својот придружник.

"О, не, не! Тоа не доаѓа предвид!" одговори тој. "Твојот стрико изрично ми нареди да те одведам право во неговиот дом".

"Но јас не мислам така".

"Да. Тој беше толку решителен, толку настојчив, што јас ни случајно не смеам да ја утнам работата. Му дадов и чесен збор. Бев присилен на тоа."

"О, значи така?"

"Да. И уште ми придодаде: -Мојата куќа е и негова куќа, да знае. Јас не му нудам гостопримство. Тој си е свој на своето. Брат ми плати повеќе од половината цена за неа. Затоа, те молам, кажи му да се чувствува во неа како во свој сопствен дом".

Стриковата куќа беше голема бела палата под падините на Водно, долу, во шумовитиот дел на Козле. Небаре излегла од прочуените американски мостри на Беверли Хилс. Наоколу се простираа иглолисните стебла, со голема градина, овоштарник со вишни и голема жива ограда од дрворед млади фиданки и рамномерно кастрени туи.

На главниот влез од куќата се влегуваше низ железна капија. Две одвоени патеки водеа до двата внатрешни влезови во куќата. Сè беше ново и велелепно. Тој беше одушевен и сосема изненаден. Не очекуваше таков луксуз. Ниоддалеку. Но, како што рече и неговиот придружник: "Сите се прашуваа како на стрико ти му појде од рака да создаде ваква чудесија. Како го стори тоа. Одговорот беше мошне едноставен. Сè беше многу, многу поевтино овде, во Македонија. Американскиот долар тука е голем како планина. А така е и насекаде во светот. Знаете како е. Не велат нашиве луѓе за џабе: ’секоја планина-своја тежина’. Тоа е една од нашите поговорки. Сте ја слушнале ли?"

"Не. Никогаш не сум ја чул".

"О, имаме плипот такви".

"Знам. Татко ми обично ми кажуваше по некоја од нив кога беше на ќеиф".

"Татко ти умре во Њујорк?"

"А-х-а."

"Кога?"

"Пред три години."

"И .. .галиба.. .го јадеше, го кинеше однатре докрај јанѕата македонска, а? Така ли е?"

"О, да. И уште како."

"Тоа е лошо. Тоа е многу лошо. Вистинска штета", рече тој.

Нашиот херој ги симна рамениците. "Не знам," рече тој. "Јас ќе ги пренесам коските на моите родителиваму, во нашата семејна гробница, на гробиштата во Равен. Тоа беше неговата последна желба. Јас ќе се обидам да ги обновам, бидејќи стрико ми не стигнал да го стори тоа. Ништо. Ќе си ги засукам јас ракавите. Колај работа. Ќе бидам готов за недела-две. Нема да жалам ни труд, ни пари. Ќе бидам готов. Бргу. Многу бргу. Затоа и дојдов тука."

"О, вистина?"

"Да. Сигурно. И знаете што? Тој имаше обичај да ме подучува на некои од нашите бројни македонски поговорки. Често. Многу често. Се сеќавам, една од нив беше: "Секој камен си тежи на своето место". Да. Човекот е смртен. Сиромав. Немоќен. Слаб. Беспомошен. Како стакло. Кршлив. Минлив. Мимолетен. Единствените вечни суштества на земјата се црвите. Да, црвите. Човекот е нивен вечен гостин.* Ви се допаѓа ли?"* Тој зјапаше во него воомјазено. Немо. Без да изусти макар и еден единствен збор.

---

* Всушност, поговорката гласи:"На земјата луѓето се гости-црвите се домаќини".

*".. . и му ги мачкаше раните со маст"*

Св. Лука 7/38

Свидната млада жена беше милосрдна сестра во одделот за онкологија и радиологија на клиниката од Државната болница во Скопје.

Нејзиното име беше Виола.

Таа мачкаше некаква модрикава течност околу градите на неговиот стрико, кој го зрачеа со X-зраци по операцијата. Беше мошне внимателна и грижлива, премачкувајќи го со генцијана. Стрико му изгледаше многу блед и слаб. Наеднаш почна тивко да му шепоти:

"Моите денови се изброени, синко. Моето сврши. Ми дојде крајот. Имам само една молба до тебе. Те молам, остани тука. Пронајди го брата си. Помогни му. Стори ниет да си дојде дома, да се врати. Тој се заметна некаде. Тор-топ се стори. Џенем. Најди го, те молам. Те преколнувам. Вие сте братучеди. Браќа. Јас умирам. Те молам, не давај да се повтори старата лакрдија со татка ти и мене. Нашето мина. Не се видовме цели триесет години, иако живеевме во Америка десет лета, еден покрај друг, а разделени. Но вие не смеете така. Во иста земја, во исто место. Во една куќа. Те молам, стори го тоа, синко мој!"

Сестра Виола го молеше да престане да зборува. Таа беше толку загрижена. Гледаше во нашиот херој со молбено лице. Тој ја разбра работата. И веднаш излезе надвор. Ја чекаше во холот.

Сестра Виола беше млада, софистицирана, смерна личност. Беше облечена во сина униформа со бела капа, впрочем, како и сите други католички калуѓерки, чесни сестри. Нејзините движења, нејзиниот дискретен о́д на прсти, нејзиниот лесен, едноставен и природен начин на однесување, сѐ беше речиси совршено кај неа - таа просто потсетуваше на некоја овдешна, малечка, роднокрајна Богородица, што може да се види насликана по ѕидовите на нашите цркви и манастири. Беше толку тивка, толку смирена, толку блага што чиниш постојано ширеше некаков сеопшт склад и целосна помиреност на нештата околу себе. Нејзината добронамерност беше како дар од Господа.

Му зборуваше на англиски.

Тој беше опфатен со вистинска јанѕа да ѝ каже дека дури и мувите се сакаат помеѓу себе кога таа поминува покрај нив, но не ѝ рече ништо од тоа. Одвај се воздржа да не тресне таква глупост. Си ги собра брдниците навреме и замолча. Покрај тоа, ситуацијата со стрико му беше крајно лоша и сѐ околу нив изгледаше бескрајно тажно и безнадежно. А најмногу од сѐ, таа беше калуѓерка згора на тоа.

Му рече набрзина неколку зборови за утеха и повтори еднаш или два пати дека Господ е само еден. И тоа беше сѐ.

Утредента тој повторно ја најде покрај креветот на стрика си, како сѐ уште го мачка со сината течност генцијана, со нејзините нежни и долги раце. Неговиот стрико беше како во транс. Во агонија. Тој се ѕвереше во него низ трепките на полуотворените очи, пелтечејќи нешто неразбирливо. Најпосле, сфати. Го изговараше името на својот син.

"Борисе...Борисе, ти ли си тоа, Борисе? Дојди...дојди поблизу, синко...!"

"Не! Не сум Борис. Тоа сум јас. Тоа сум јас. Зарем не се сеќаваш, стрико? Тоа сум јас, твојот внук!"

Но сè беше залудно. Тој веќе не можеше да разбере ништо. Беше во длабока криза. Повикаа доктор. Тој момент, нашиот херој погледна во часовникот.

Беше 10,30 претпладне.

Беше вторник.

Три часа подоцна, неговиот стрико ќе испушти душа.

Сите грижи околу закопот и сите материјални и други вообичаени формалности, ќе паднат врз негов грб. За сето време, Петре ќе му биде десна рака. Да не беше тој, и да не му се најдеше напомош, којзнае дали воопшто ќе се снајдеше во тој надалеку познат и нерешилив лавиринт на нашата трома, поткуплива и мрзлива бирократија.

Недела навечер. Тој ќе ја сретне Виола уште еднаш на концертот на Руските мадригалисти во Соборната црква на Свети Климент.

Летото беше во својот зенит. Беше во полн ек фестивалот "Скопско лето". Ќе ја сретне Виола токму пред влезот на црквата. Таа ќе дојде заедно со две постари калуѓерки. Ќе му кимне со главата мошне дискретно и речиси срамежливо. Нејзиниот лик ќе изгледа нажален. Литургијата по Свети Јован Златоуст на Чајковски ќе ги трогне сите.

Следниот ден пак ќе ја сретне Виола во болницата, доаѓајќи да побара некои хартии, некои документи за стрика си. Таа ќе му соопшти дека за неколку дена заминува за Хрватска. Тоа е патот на Црвениот Крст, ќе му рече. Таму е војна. Тој мислеше на својот братучед. Тоа е вистински предизвик и за него. Неговиот братучед. Да. Му вети на стрика си, зар не. На смртната постела. Се заveшта. А ветувањето дадено на Судниот ден е многу, многу потешко. Но каде е неговиот братучед? Којзнае. Можеби е некаде помеѓу Хрватска и Босна. Последен пат бил во најблискиот град до Дубровник (каде што оди таа), во Требиње. Но тој не знае ништо за оваа земја. Не познава никого таму, не знае ниту еден збор од нивниот јазик. Ќе биде сосема изгубен. Тоа е сигурно. Ѝ ги кажа своите сомнежи, стравувања. Ѝ кажа сѐ.

Таа рече:

"Нашиот Господ е милостив. Нашиот Господ е еден. Исус е семоќен. Ние сме во негови раце. Сите ние. Тој никогаш не нѐ остава сами.

- Господ нека те благослови!

На излезот од болницата, го пречека Петре. Потоа влегоа во еден ресторан, на крстопатот кон болницата, сиот покриен во стакло, со некое чудно име (Дал-Мет-Фу). Внатре беше усвитено и вриеше како во котел од посетители. Сакаа веднаш да излезат, но при доаѓањето одвај најдоа паркинг-плац, а сега нивниот Форд беше заробен од некој несовесен возач. Така, се помирија со тоа да останат во нашата македонска стаклена сауна. Петре дури додаде една од многуте наши поговорки "каде сите Турци, таму и гол Асан"и веднаш нарача две големи кригли со ладно скопско пиво. Го виде натажениот и смуртен профил на својот млад гостин и се обиде да го орасположи, чукајќи се со дебелите кригли, здравејќи се со него со некој чуден и невообичаен тост:

"Не му ја мисли многу, пријателе! Напиј се скопско-и со него-сѐ е можно"!-и притоа го впери прстот во рекламниот плакат за скопско пиво над нивните глави, откаде што ја прочита популарната порака за својата здравица.

Таа година летото небаре се прикраде во Дубровник. Како сениште. Како призрак. Пците на војната почнаа да лаат. Се готвеше крвав пир.

Одозгора, од другата страна на Требиње, откај патот што води од Конавле и Чилипи, доаѓаше најголемата опасност; топовите на Југословенската Народна Армија грмеа речиси секој ден. Напати прилегаа на злокобни тапани. Напати одѕвонуваа од црковните камбани на Свети Влахо. Огнената закана претскажуваше долга и неизвесна војна. Сенародна морија и гибел. Паднаа и првите цивилни жртви во овој некогаш мирен и заумно убав град.

Граѓанската војна започна.*

Тој зеде убав апартман, отседнувајќи во хотел "Ексцелзиор", со прекрасен поглед на островот Локрум.

Древниот Дубровник беше утврден со своите стари тврдини и камени ѕидишта, но опсадата околу него беше потполна. Зад дебелата кора на молкот, повремената штама и соблазнителната тишина, владееше вистински хаос. Во срцата и душите на дубровчаните. Во морничавите лаежи на пците, во кострешавите ’ржења на мачките, во криковите на галебите. Дубровник прилегаше на стара препотопска желка, скриена во својот тежок ренесансен оклоп.

Цела недела тој шеташе наоколу, без цел, покрај морскиот брег, зјапајќи беспомошно во виорните

*една од првите цивилни жртви беше и младиот, недолжен поет и хуманист Драган Великиќ;

бранови на морската шир. Одеше по сто пати на ден и се пријавуваше кај дежурниот офицер, го даваше името и презимето на својот братучед со сѐ војната пошта, но одговорот беше постојано ист - Работиме на случајот. Истрагата е во тек. Мораме да провериме стотици и стотици разноразни списоци. Засега нема ништо. Не најдовме ништо поопипливо. Но најпосле, сепак, му рекоа:

Вашиот братучед не се наоѓа во Требиње. Веќе не е таму. Тој веројатно е префрлен на островот Вис, уште пред два месеци. Мора да е таму. Проверете. Ако не е таму, тогаш има дезертирано. Тоа е сигурно. Но ние можеме да ви кажеме со голема доза на сигурност: тој е жив. Неговото име не се наоѓа во списокот на мртвите војници. Барем досега не го пронајдовме. Се разбира, ние одговараме само за оваа област, за оваа територија, за Хрватска. Во случај нешто да се измени, некоја нова поединост да се укаже, или што-годе друго во меѓувреме да се случи, ние веднаш ќе ве известиме. Но само ако искрсне нешто ново. Инаку, не.

(Мошне чудна логика, зар не. Тие се одговорни само тука. Тие не се одговорни таму. Како да не се работи за една иста држава, мајката. Ти си сѐ уште жив тука и ти си полужив, или целосно мртов таму. Една од твоите нозе е во Србија, другата во Хрватска. Едната е жива, а другата мртва. О, Господи! Објасни ми! Кажи ми, братучед, што си ти?

- Мост? Споменик? Стоногалка? Бостанско страшило?-си мислеше тој.)

Илјадници и илјадници војници имаа дезертирано од Југословенската народна армија. Насекаде од просторот на бивша Југославија. Неговиот братучед можеби беше еден од нив. Стотици и стотици војници

беа убиени уште во првите месеци на војната. Тој можеби беше еден од нив.

Тоа прашање му се меткаше низ глава секој ден.

Сѐ околу него беше необично, откачено, чудно.

Тој беше единствениот гостин во хотелот со капацитет од над четиристотини легла. Беше единствениот пливач на плажата, каде што во летната сезона на годишните одмори овде знаеја да се одмораат илјадници и илјадници странски и домашни туристи. Беше единствениот посетител во салата на ресторанот, опкружен со дузина келнери, беше еднинствениот минувач низ стариот централен сквер на градот познат под името Страдун, ѕверејќи се везден во конзолите на Еротите од Кнежевиот двор, во статуите на Свети Влахо, Турица, Вила и Чорое, во камената плоча на семејната куќа на контето-писател Иво Војновиќ, во миговите кога се гнездеше во празната просторија на ресторанот "Ловриенац", каде што се гостеше со гурмански подготвениот зубатац, беше единствениот свирач на пијаното во холот на хотелот, близу до терасата, свирејќи му на никој друг освен на самиот себеси, но не затоа што сакаше да ужива во тој чин, или нешто слично на тоа, ами просто затоа што сакаше да го совлада, да го надгласи, да го надгрми неподносливото трештење на топовите од онаа страна на градот. Се сеќаваше во тие моменти на нашата стара поговорка за "говорот на оружјето и молкот на музите". Но сега, тоа не важеше. И наспроти сѐ, тој го свиреше Рахмањиновиот Прелудиум во цис-мол, кога сенката на младата жена прелета преку клавијатурата во доцното попладне. Таа беше толку неочекувано затечена и стоеше како статуа, нема покрај сликата на осамен маж кој свири

на пијано во доцно летно попладне, таа не се надеваше дека ќе го најде токму него под такви необични околности, сам и изгубен во просторот на оваа неверојатна кула од слонова коска, како дух од некој друг свет, како бродоломник од некое друго море, како новодојденец од некоја друга планета.

Таа беше вистински изненадена. Беше скоро збунета. Беше како некоја исплашена птица. Сакаше веднаш да избега. Да одлета. В миг. Но не го стори тоа. Пред неа се укажа едно мало зрно на љубопитност. Таа остана докрај. До последниот акорд. Како укотвена лотка на истото пристаниште. Како уловена птица во истиот кафез на војната.

Седеа на терасата, сосема сами, љубувајќи се некаде пред себе, кон островот Локрум. Тих повеј ги заниша палмите над нивните глави.

Зашумоли сѐ околу нив.

Никогаш пред тоа ги немаше видено нејзините очи толку близу спроти себе. Никогаш досега. Таа бездруго нема да узнае колку возбудлива можеше да биде нејзината близина во тој момент, помисли тој. Таа ја беше заробила својата убавина во железните пранги на посветеноста и предаденоста кон Севишниот, зад дебелата завеса на својата облека, во привидната трпкост, напати сенишна гипкост, но не ретко и скриена одбивност и тврдокорност на нејзините зборови кон сѐ што е земно, тривијално и обично и чија нежност ја чуваше само за молитвите што му ги упатуваше Нему, на Небесниот Отец. Не ѝ беше гајле за нејзината убавина, се разбира. Во никој случај. Убавината ѝ беше можеби последното нешто на што можеше да помисли тој миг. Беше целосно и наполно исклучена од потребата и напливот на тие и такви мисли. Во нејзината глава се роеја само божјата промисла и верата.

Му кажа како се вика. Му го кажа своето вистинско име.

Беше сосема традиционално: Теута. Теута Мекси.

Му рече дека е Албанка. Беше родена во Пеќ, на Косово и Метохија. Таа беше седмо женско челаде на нејзините родители и според старите албански обичаи за машкото потомство, му ја наменија и посветија на Господа.

А беа католици.

Таа изучи добри школи во Хрватска.

Дипломираше во Англија. Беше вистински полиглот, зборувајќи српски и хрватски, македонски и англиски, помалку француски, италијански, и се разбира, албански.

Имаше 21 година. Беше милосрдна сестра во редовите на Црвениот Крст.

"Поминував оттука," рече таа,"кога случајно ве здогледав од врвот на ридот. Ве препознав. Веднаш."

„О, вистина? Морам да признаам...ме изненадивте. Не очекував никого. Барем не од таа страна. Како од небо да паднавте. Навистина ме изненадивте", рече тој.

„Да. Ви верувам. Сè беше по игра на случајот. Чиста случајност. Но сепак, се прашував што можам да сторам за некого кој се нуждее од помош во туѓа земја.. ."

„О, да, да, се разбира. Јас сум ви длабоко благодарен за тоа...ве молам...не притеснувајте се... мене навистина ми е потребна вашата помош...се разбира...до извесна граница на вашите можности..."

Таа држеше книга во своите раце, црвена малечка книга (веројатно Библијата), мошне грациозно, префрлувајќи ја од едната во другата рака, наизменично, речиси забавувајќи се и погледнувајќи одвреме-навреме кон островот со некаква чудесна полунасмевка, тивко и срамежливо, небаре барајќи спас во една толку дискретна и невина игра.

Тој ѝ понуди да се напијат чај.

Таа прифати.

„Се прашував, помислував," рече таа, „на вашиот братучед. Прашував и некои ранети момчиња од болницата за македонските војници. Некои од нив

дојдоа од Требиње. Им го спомнав дури и името на вашиот братучед. Ништо не знаеја да ми кажат."

„О, знам. Го знам тоа, за жал. Не е лесна работа. Воопшто. Тоа е исто како да бараш игла во стог сено."

Таа кимна повторно со главата.

„Точно така," рече.„Јас понесов список со повеќе од една дузина имиња на македонски војници. Можам да си замислам како ви е."

Тој изгледаше сосема разочарано.

„Ова е една неверојатна авантура, претпоставувам. Да се дојде во една непозната земја, зад седум гори и седум мориња, како што се вели, да бараш некого кој е изгубен Господ знае каде, да се дојде тука, на вакво непознато место, неповикан, во услови на војна, крволочна граѓанска војна, и згора на сета таа бркотница, метеж и бежанија, да се бара некој кој ти е братучед (брат), а истовремено и апсолутен странец за тебе...оти, јас никогаш него сагламно не сум го ни видел, ниту запознал...освен онаа наша кратка средба од пред пет години на закопот на нашата баба. Но тој сега сигурно многу е изменет, зар не. Па што, тогаш, е сето тоа ако не една безнадежна авантура? Навистина. Тоа е една Сизифова работа. Сива зона. Утопија."

„Точно така," рече таа. „Но можеби...јас не знам... Можеби е залудно...илузорно...како сакате наречете го...но ако сепак имавте случајно една фотографија од вашиот братучед...ако ви се наоѓа при рака...или такво нешто...оти...којзнае...сè си бива...зар не..."

„Да. Ќе ви дадам една. Кажете ми само каде треба да ви ја испратам?"

„Во болницата, се разбира."

„Ќе ви испратам."

„Ве молам."

Се гледаа. Молчаливо. Небаре ја ставаат на проба својата заедничка решеност да си достојат на зборот. Таа кимна со главата и скоро нечујно изусти:

„Господ нека ви е напомош!"

Потоа се сврти и излезе надвор, заминувајќи си нечујно од терасата и спуштајќи се по камените скали кон патеката покрај морскиот брег, лесно, поднаведната троа нанапред со главата и исчезнувајќи постепено од неговиот видокруг, сè подалеку и подалеку.

Набргу ја изгуби нејзината силуета во далечината.

## Глава втора

*Времето сегашно и времето минато*
*Се содржат можеби во времето идно*
*А времето идно во времето минато*
Т.С.Елиот (Четирите квартети)

Татковото златно правило ќе биде: СОМНЕВАЈ СЕ ВО СЕКОГО! АКО НЕМАШ ВО КОГО ДА СЕ СОМНЕВАШ - ТОГАШ СОМНЕВАЈ СЕ ВО САМИОТ СЕБЕСИ!

Оваа изрека ќе му биде една од најомилените.

Ќе ја повторува неброено пати во животот.

Пред дваесет години, кога се врати од Македонија, од својата последна визита на стариот крај, тој ја донесе со себе и мајка си, бабата на нашиот херој.

Тие зборуваа на некој мошне чуден јазик. Тој ништо не можеше да разбере од сето изречено меѓу нив двајцата. Еден ден, таа ги изненади сите со својата чудна и не помалку своеглава постапка. ( *"Јас мама си ја знаев и вакква и онаква, ама како болаш'к Мара никогаш не сум ја знаел. Но ете, кога ќе натежнат годините, дури и најкротките и најумните, умеат троа да скршнат од патот").*

А што беше сторила, кутрата?

Се решила самата на еден чекор без изим, иктиза и исав од сина си. Се втурнала во лифтот, сосема сама, но пред тоа причекала да влезе со неа и некој друг од катот, и покрај тоа што беше речиси слепа, се спуштила долу и седнала пред влезот на зградата. Не можела да издржи да живее во домашен притвор, му призна подоцна на неговиот татко и посакала да си помуабети со некого (на македонски, се разбира) како што си го правела тоа во стариот крај везден со своите соседи и први комшии (тие се толку блиски помеѓу себе, се познава секој со секого и си муабетат еден со друг преку цел ден, а понекогаш, како што си имаат обичај, особено во потоплите летни денови, богами и дури до доцна навечер). Така, си ошла таа долу и си седнала пред влезот, обидувајќи се да најде некој комшија, да си поприкаже троа, да си го разубави утрото и да го отепа денот, да се мавне троа од четирите тесни ѕидови на станот (со тие мити микро-бранови, аспиратори, домофони и илјадоиедно чудо во него) и да избега надвор, да земе здив, на слобода. Си седнала така пред куќи, крснозе, пет пари не давајќи за ништо.

Арно ама, како што си седела така, минувачите почнале да ѝ потфрлаат ситни парички во скутот. Таа сета се ококорила во нив со своите комај слепи очи и се саштисала наеднаш. Не очекувала таква рицa, таква метанија да ѝ чинат. Било како било, таа ништо не разбрала од чудо, а и не ѝ било многу гајле откако видела дека минувачите не престануваат да ја честат. Којзнае што за адет ќе е тоа. Можеби така треба. Може таков си е редот во Америка. Сите дојденци, сите гости така да ги гоштеваат и добросуваат.

До вечерта собрала еден цел куп пари. Се штукнала од умот. Сал се крстела, не верувајќи. Не,

ова нема да излезе на арно, оти многу арно не е на арно, си мислела таа во својата умна и бистра глава.

(Оди, фати му го крајот. Ништо не разбирам. Кога ќе се врати синот, ќе го прашам дал од ова темно небо сал железен гра́д врне?!).

Татко му на нашиот херој си дојде доцна дома, ја најде мајка си таму, надвор од куќата, пред влезот, па ќе ѝ вели:

„Што за марифет ќе е ова, мајче?"

„Не знам, бре, синко," ќе вели таа. „Ако си Богу верен. Ако знаеш ти, знам и јас. Јанлаш ли сум, што ли е, ама некои многу терсене луѓе овде ти шетаат околу куќава. Што за празник, што за слава ќе е, јас само сакав да си направам муабет со нив, а ете и самиот гледаш што таксират ме снајде, ни крива, ни должна: тие почнаа да ми потфрлаат пари в скутот. Мислев дека гра́д почнало наеднаш да врне."

„О, Господи!" му се откина од очај на таткото од нашиот херој.

Таа, кутрата, не знаеше дека тие неа си ја зедоа за просјачка.

Кутрата бабичка. Таа изгледаше како отепана, како шашардисана. И најодзади, татко му на нашиот херој рече:„Луѓето, мајче, овде не се разбираат еден со друг. Ова е Кула Вавилонска."

Набргу, таа се врати во Македонија. Не можеше да живее со нив, среде нивната џунгла на асфалтот. Умре во стриковата куќа по неколку години. Но синот не дојде на нејзиниот погреб. Падна болен. И тој се готвеше да замине да ги копа небесните ниви.

Тогаш Мат за првпат стапна на земјата од своите предци.

А уште пред некои триесетина години, кога татко му на нашиот херој се врати назад, во Равен, прочуената Фата Фатима (Дебелата, како што уште ја викаа), една од најголемите вражалки во земјата, му претскажа:„Гледај право пред себе на патот, синко - те чекаат големи нешта, голем касмет, голема среќа - ама веднаш потоа и - голема жалост! О Господи! Колку лична, колку убава невеста...!" (Преку лицето на вражукалката како тој миг да прелета сенка од крилјата на некоја злокобна, крескава и баксузна чавка. Како да сакаше да забошоти некоја скриена, тарот-карта во шпилот.)

Да. Татко му на нашиот херој најде прекрасна девојка од западниот крај на Македонија, која живееше во познатото скопско Дебармаало. По потекло беше од Галичник, од она живописно село, распослано високо на планината, близу границата на Албанија. Таа беше навистина нешто ретко, во секој поглед, но како што велат нашите стари „никој не е без мана", така и нашата убавица од Галичник си имаше една скришна болест за која дури цела дузина лекари не можеа да најдат лек.

Последната надеж беше Фата Фатима. Таа рече: - Слушај ме добро, пријателе. Ти мораш да одиш во Тетово. Таму се наоѓа прочуената Шарена Џамија. Ќе прашаш за Дервиш Даут и сите ќе ти кажат кој е тој. Кажи му ја макaта што ја имаш и тој веднаш ќе ја растури магијата. Ќе најде цер, ќе најде илач за твојата невеста. Само ти кажи дека те праќа Фата Фатима и ич гајле да немаш за ништо.

И така, тој си појде Тетоо, го најде лесно големиот Дервиш Даут и веднаш му кажа што мака го мачи.

Големиот Дервиш Даут подготви дервишки култ, правејќи круг од верници околу себе, кои веднаш

почнаа да му се молат на Алах, клечејќи и паѓајќи долу, ничкум, на земји. И така, тие правеа метании со часови и часови, во името на Алах, губејќи ја постепено својата самоконтрола и доведувајќи се себеси во некаква целосна состојба на агонија и транс, готови да си ги прободуваат и своите образи со долги и остри игли-ножови, во некаков ритуал и култ на целосна предаденост кон Алаха, како факирите, познатите Муслимански патувачки свештеници-аскети, сиромашни луѓе и просјаци, кои умеат да покажат најразновидни чудесии со змии, да лежат голи на шајки, да трчаат и газат со боси нозе врз усвитена жар, да прободуваат игли низ нивните тела и да прават триста чуда и уште којзнае колку чудесии и марифети на овој свет. Но тоа беше далеку, дури таму во Индија, зар не? И уште повеќе.

Татко му на нашиот херој веднаш се сети и помисли за миг на нему добро познатиот вуду-култ на Хаити и на исто така познатите Зомби, зашто нему му се пристори за миг дека пристигнал во некоја погрешна земја, на некое погрешно место, во некое погрешно време.

Се сеќаваше само според чуеното од пријателите и прочитаното од весниците:

„Во Вуду-култот на Хаити, Зомбите ги создаваат низ опитот на зомбификација и потоа ги употребуваат за работа, небаре марионетки на волшебникот. Според традиционалното гледиште, зомбификацијата се засновува врз специфичното вуду разбирање околу

составните делови на човековото суштество, особено на душата и чинот на смртта и тоа е последица од вршењето на црната магија од страна на вуду-волшебникот, кој подготвува специјален ритуал, преку

кој ја предизвикува смртта и повторното оживување на мртвото тело. Некои учени докажуваат дека таа зомбификација не е резултат на магијата и ритуалот, ами само последица на отровните и опојните средства (познатиот "зомби-отров"), кој ги парализира сите телесни функции, создавајќи привидно чувство на смрт-кома. По неколку дена, волшебникот ја оживува жртвата, повторно со еден вид халуцинантен пијалак, т.н. "зомби-краставица", и најпосле, жртвата со оштетен мозок, со изгубена меморија, без способност за говор и со целосен недостиг од лични својства и белези на жива личност, се претвора во марионетка на волшебникот."*

Како и да е, таткото на нашиот херој се врати кај Фата Фатиме и ѝ рече што стори.

Фата Фатима вака му одговори на тоа:

„Да, синко мој, така ти е тоа. Македонија е навистина чудесна земја. Самата ќе ти се каже ако троа се напрегнеш да ја запознаеш само навидум нејзината тврда и пргава ќуд. Тука можеш да најдеш сè и сешто. Секакви типови и секакви чудотворци, екими, вештици, пророци, бајачи и бајачки, јасновитци и јасновитки, семсекакви басмаџии и мавтосувачи, кои можат како од шега да излечат секаква болест. Овде, во Македонија, тие можат да сторат дури и слепи луѓе да прогледаат, глуви да прослушаат и неми да прозборат. Да. Македонија е една чудесна земја, нема

*"Разговори со Зомбите"-Тод Муди.

што. Лулка на сите, па дури и на најстарите волшебници на светот, извор на сите занаети, вештини, магии и чудесии што кога и да е сте ги слушнале во животот. Да. Македонија е света земја, синко мој."*

Барајќи лек за својата невеста, татко му на нашиот херој посети многу места од обете страни на Вардар.

Тој пропатува низ Македонија, вдолж и во широчина, почнувајќи од Скопје и завршувајќи со родниот Равен, а со оглед на нејзината големина, тоа не беше и некој подвиг за паметење и не му одзеде многу време. Но и онака не брзаше и не иташе многу. Никаде. Никој не ги гонеше. Беа на меден месец. Запознаа секакви луѓе, секакви типови, секакви лица, места, градови, вери, јазици, навики, обичаи, обреди, ритуали, церемонии, прослави, настани, култови, необичности, предрасуди, заостанатости, но исто така, и една неверојатна острина на народниот Дух.

Постојеа два пата:

Едниот беше службената медицина, а другиот онаа народната, алтернативната. Оваа последната беше преполна со разноразни видови на секакви чаеви од илјадници и илјадници растенија и билки од нашите гори, планини, баири, ридови, шуми, долини, рамнини, полиња и ливади. Тој се обиде да ги изоди и двата.

---

* Чудесно е тоа што безмалку истото го тврди и Г.Г. Маркез во своето славно дело "Сто години самотија", уште на првата страница, спомнувајќи ги "магионичарите што приредиле претстава, небаре осмото чудо на мудреците и алхемичарите од Македонија". Се разбира, оваа иронична досетка на славниот писател, јас само скромно се обидувам да ја поткренам на квадрат.

Така, во неговата свадбена радост се измешаа и безброј грижи и неволји, поматувајќи ја неговата голема радост, љубов и среќа, но истовремено и терајќи го со уште поголема жар и волја да го стори дури и она навидум невозможното, да најде лек и спас за својата прекрасна невеста.

И откако се прибраа дома, збраа душа и се одморија, тој дури и не сакајќи да си признае самиот на себеси, сепак си продума во себе:

- Толку изоден пат - за ништо. Вртење во место, во еден толку мал и збиен простор. Во еден тесен и маѓепсан круг. Македонија! Може да се помине меѓу два трепнежа на соколот што пие вода на Вардарот. Меѓу два восклика на ороводецот на Тешкото. Меѓу два удара на тапанџијата и одекот на зурлите од Бистра до Шара.

Некаде во тоа време, корзото беше еден од најинтересните и можеби еден од најчудните обичаи и навики во секојдневниот живот на овдешната младеж. Cé до крајот на шеесеттите години. Корзото беше вистински феномен, култно место и свртaлиште, маѓепсан круг, опсесивна потреба и задолжителна вечерна променадна вртелешка на младите во нашите градови кон средината на минатото столетие. Тие обично излегуваа навечер, долу во градот и се собираа на централниот плоштад, небаре здоговорени. Шетаа наоколу, во круг, со часови и часови, како во некоја обредна поворка, како перпетуум-мобиле и се љубуваа еден во друг, со напати кратки, скришни, отсечни, но напати и долги, вљубени погледи, додворувајќи му се на избраното либе низ разноразни ишарети, шеговити дофрлувања и задевки, подигрувајќи се, вљубувајќи се низ ласки и смеа. Тоа беше, исто така, ако сакаме да додадеме и некој поостар тон, вистинска љубовна берза на пазарот на љубовта, но и убава можност за секого од нив да ја покаже новата облека, новата гардероба, новите крпчиња и чевли што ја лансираат последната модна лудост и диктат, обидувајќи се секој од нив да се претстави себеси во што поубаво светло и издание. Сите сакаа да бидат забележани, да се најде најкусиот пат до новата авантура и доживување, новата можност, па дури да се открие и новата љубов, зошто да не, и како што времето незапирливо си течеше и одминуваше така и нивните желби станувaа сé поголеми и поголеми, нивните прилики, можности, претензии, аспирации, нивните нови коли, мотори,

нивниот нов социјален статус, нивното што-и-да-е ново станувaше сé повидливо и сé понаметливо. Тоа

беше навистина еден живописен карусел, жив карневал и парада на сите бои, звуци, мириси и вкусови, еден котел што постојано врие во испарувањето и потта на младите тела, една чудесна, неверојатна река без враќање, која кружеше наоколу и се влеваше самата во себе, растејќи сé повеќе и повеќе во еден голем, незаборавен шум и тек на младоста, на една кока-кола генерација, еден вистински метежен слап и водопад на духот, вицови, смеи и шеги, со сите нивни задевки, шешерлавии и детски игри, преминување преку сите огради, забрани, вечерни часови и граници, со нивните гуми за џвакање, со нивните петелчења, которчења, чаламења, со нивниот рок´н-рол, со нивните топ-листи, нивната забава и фанатизам, нивните задевки и самодокажувања, нивните фатални предизвици и мирења, нивната забава и екстраваганција, нивните идоли (Елвис, Битлсите, Ролингстоунсите, Џејмс Дин), нивниот омилен рефрен, како што беше оној заумен "Еден бакнеж" со незаборавната Нина Спирова, нивните луди танци, сите шарени крпчиња и бои што ги носеа и се китеа со нив како папагали, сета таа експлозија од гласови и смеа, тој непрекинат и несекнат ек и бла-бла-бла што сé уште ечи во нивните уши, тој оган и ритам што сé уште струи низ нивните тела. Тоа беше тоа уникатно, единствено и неповторливо КОРЗО. Тој врволеж и вртолеж, кадешто се случуваше сé, среде толпата на тој и таков метеж, низ скопското КОРЗО.

Таму кадешто се сретнаа родителите и на нашиот херој.

Денот кога татко му на нашиот херој стапна на македонско тло повторно, беше први април, всушност, празникот на лагите, триковите и вицовите. Беше Денот на Смеата во Скопје. Тоа беше прекрасна можност за граѓаните да се олабават од своите вообичаени, секојдневни грижи и да се забавуваат. Денот беше исполнет со изненадувања, како што впрочем можеше и да се очекува штом започна со веста на телевизијата дека минатата ноќ паднал некаков НЛО на земјата, во селото близу Равен. Исто така, најбомбастичната и најсмешната новина беше очигледната "патка" дека Македонија според истражувањата на Галуповата анкета, ќе биде најбогата земја во почетокот на Третиот милемиум.

Покрај овие божем (не)пријатни шеги и лудории, Први април беше прекрасен ден за опуштање на нашите луѓе. Во карневалска атмосфера, и покрај најголемата несреќа што го беше снашла овој град, на главниот плоштад во текот на целиот ден се одвиваше парада на маскирани лица. Имаше смеа, музика, и над сé, убава забава.

И во духот на најдобрата традиција сврзана со прочуениот зимки циклус на маскираните обреди, речиси во сите кафеани, ресторани и ноќни клубови се одржуваа и маскенбалови. Татко му на нашиот херој чувствуваше недостиг на таа вистинска карневалска атмосфера во Америка, на тоа шаренило, на таа луда и незаборавна забава за масата. Или беше премногу затворен во својот деловен и херметички велеградски круг, кадешто шаренилата и пердувите се илјадапати

пошарени и попердувести ако човек само реши сосема и целиот да им се посвети, без остаток и ограничу-

вање. Сепак, тој ја немаше видено дотогаш таа глад за забава и опуштање во родниот крај. Барем не се сеќаваше Можеби тоа беше знак на страв и претчувство за некоја нова и уште пострашна катастрофа од претходната. Којзнае.

Градот навистина беше сиот во урнатини. Старата слика на Скопје беше изменета. Сосема изменета. Најпрвин, стариот централен плоштад со познатите зданија на Домот на Армијата, на големата зграда на Банката, Театарот, Железничката станица и многу други бележити згради во Скопје, беа уништени. Имаше некаква Огромна Дупка (во структурата, во сеќавањето на луѓето, во темелите на градот), така што Оној кој претходно го знаел Скопје пред земјотресот и по земјотресот, беше навистина шокиран.

Сега Скопје личеше на едно огромно градилиште. Изнадојдоа едно чудо луѓе отсекаде. Од сите страни на светот. Скопје беше град на солидарноста. Татко му на нашиот херој беше само една малечка мравка во тој мравјалник од ѕидари, крај реката Вардар, крај вечно мрзливите и жолти бранови што живо жуборат под големиот Камен мост, со своите бројни аркади (13), долг 220 м., изграден од императорот Јустинијан уште во шестиот век.

Беше сабота вечер кога пристигна во Охрид со својата невеста. Поминаа неколку прекрасни часови на терасата од хотел Палас. Сретна и многу од своите млади школски другари од Скопје. И три девојки од својот клас. Добро ги познаваше тие девојки уште пред да замине за Америка. Се сеќаваше дури и на нивните имиња: Нора, Златка, Соња. Беа најдобри ученички во гимназијата. Беа просто неспоредливи. Сега ги најде како вистински убавици и атрактивни млади жени. Беше стварно изненаден, радосен. И по малку шокиран од нивното необично однесување. Ги остави скромни, пристојни и мудри девици, а сега ги најде луди, модерни, агресивни, посесивни млади жени што не отстапуваат пред ништо и никого, бесрамни, независни, самоуверени, и можеби не толку еманципирани од сите претходни морални, социјални ограничувања, предрасуди и скрупули на нашиот балкански, или попрво, ориентален менталитет и образование, култура, ученост, и сите оние нешта што одат со тоа, ами нешто апсолутно ново, дотогаш невидено, и над сé, неприродно, афективно, вештачко, наместено и мошне различно и веќе сосема далеку од онаа поранешна слика што тој ја имаше за нив. Пред сé, тие изгледаа мошне фриволно и распуштено, нападно, дрско и претерано во секој поглед, тие му го превртија наопаку чувството и споменот за неговото минато. За час. Дури трепнеш. Го матираа. Го притеснија до ѕидот. Му дадоа шустер-мат. Му изгледаа како некои кокети. Беа готови да заминат во кревет со било кој. Како некои мивки. Барем на прв

поглед изгледаше така. Таков беше неговиот прв и површен впечаток. Навистина му домачна. Отпрвин

мислеше дека се шегуваат. Дека сакаат да си поиграт со него. Да го провоцираат. Но откако се увери дека таквиот нивен однос е ист со сите партнери од спротивниот пол, му стана сé јасно. Од курви, каменарки и проститутки, му беше дојдено преку глава. И веднаш им сврти грб. Не го занимаа веќе. Ги откачи.

И токму во тој миг, во мигот спроти овој настан, тој сфати дека сé е некако поинаку кога се гледа од растојанието на нашето детство и прва младост, тогаш кога овошките во туѓите бавчи се сé уште недозреани, кисели и како самите да ни се насмевнуваат под првото пролетно сонце, повикувајќи нé да рипаме преку плотови, мамејќи нé на првите кражби и лудости и дека сé е релативно и флуидно на овој свет во миговите кога ќе се прелее реката на животот со сите нови бури и проломи што мора таа да ги влече со себе отпосле на својот грб.

Што беше главната причина за неговата изненаденост? Се прашуваше во себе - што токму придонесе тие неочекувани случувања толку да ја разнишаат поранешната слика во неговата меморија и свест? Тој размислуваше за последиците од земјотресот во Скопје. Го виде тој прекумерно оштетен и речиси уништен град. Сé беше поинаку. Но, најмногу од сé, луѓето, се разбира. Тие беа толку изменети. Не можеше да ги препознае. Многумина од нив беа станале вистински зависници од алкохол, наркотици. Како да сакаа очајнички да се доберат до крајната, недофатна точка на спасението. Како да беа во шок. Сите. Беа сосема напнати, емоционално, психолошки, душевно. Живееја во некој постојан ритам на брзаница и треска и изгледаше како секој ден да им е токму последниот. Секој Божји ден имаше стотици и стотици, понекогаш дури и илјада мали тресења на

земјата, така што тие не можеа никако да поверуваат во уверувањата на повиканите "утешители" дека потресите кога и да е ќе запрат. Станаа нервозни, психотични, безволни и живееја во постојана несоница. Живееја во агонија, длабоко погодени од несреќата што ги снајде. Се разбира, тоа се однесува на сите жители на Скопје, помалку или повеќе, бидејќи еден огромен дел од нив привремено беа раселени во поголемите центри на тогашна Југославија, а не мал дел, ако не и најголемиот, во внатрешноста на Македонија, откаде што потекнуваше најголемиот број на дојденците и доселените, кои по ослободувањето нагрнаа на главниот град.

Сé, буквално сé беше изменето во нивните животи. Моралните вредности беа сосема изместени. Сето свое нормално и вообичаено однесување, сите претходни верувања и погледи на нештата. Луѓето станаа напнати, недоверливи, повлечени, исплашени, резервирани, оддалечени, ладни, апатични, ги изгубија сите илузии, сфатија наеднаш дека ништо не им преостанува освен да си го живеат својот живот и да си ја грабнат цврсто живеачката во свои раце оти сé е минливо и кршливо како стакло во овој лажовен живот и свет. Со сета сила решија, се напнаа да се докопаат до опашката на ветерот, да си ја јавнат лудата дорија на своето сопствено безумие. Сé беше во пораст: криминалот, алкохолизмот, проституцијата, разводите на браковите...

Така, тие живееја како во некоја френетична трка, уплашени дека утре можеби ќе ни дојде и Судниот ден.

Тој остави еден романтичен, ориентален, старомоден, тивок град од околу 180-200.000 жители и

сега најде едно модерно луничаво градилиште. Тоа не беше старото Скопје. Ова беше некоја нова Содома и Гомора. Тоа беше можеби главната причина зошто се обиде својата невеста да си ја побара во својот роден Равен, но набргу потоа си го промени мислењето. Тој беше како обземен од својата идна невеста. Во неа се вљуби на прв поглед. До уши. Обневиде, го заслепи нејзината убавина. Се препна од камените коцки на сопското корзо и падна на нејзиниот непреодолив шарм и откако сиот замелушен и неосвестен стана повторно на нозе - веднаш згазна на луд камен!

Најпосле, разбра. Луѓето беа исплашени. Стравот им беше влегол во коски, беа опфатени со едно фатално стравување од некоја нова и неизбежна катастрофа. Тие веќе се имаа сретнато со смртта толку пати. Лице в лице. Речиси над илјада луѓе умреа во еден ден. Во една секунда. Во едно мало поместување на земјата. Понекогаш животот е толку евтин. Понекогаш животот на една винска мушичка трае подолго отколку животот на едно човечко суштество. Татко му на нашиот херој мислеше (и знаеше) колку евтин беше животот во последната војна. Поевтин од чашка вода. Тој беше таму. И знаеше како изгледа тоа, макар што беше едвам постар од десетина години. Се изнагледа трупови за цел живот. Во априлските бомбардировки. И потоа. Не помалку потоа. Секој ден. Сека ноќ. Си го обеси крстот на својот тенок, детски врат.

И по сите премрежја, тука веќе немаше што да се прави со сопствената религија, со сопствената вера, со своите верувања и неверувања, со своите идеали, принципи, стандарди, стојалишта, ставови, стравови, надежи, сомнежи, гледишта, интелектуални скрупули,

знаења, вештини, можности, готовност да се научи и прими новата лекција што катаден ни ја задава строгиот животен учител и судија, обидот да се изгради еден нов и поубав свет. Да се исчекори уште еден чекор потаму од ништото и никадето. Беше доста, стварно. Времето на паролите, митингувањето, акцијашењето, помина.

Па сепак, колку и да беше долга опашката на ѓаволот што дојде да си ја земе назад својата шега од луѓето, татко му на нашиот херој почувствува дека сé не е попусто и изгубено засекогаш. Беше готов да им се придружи на луѓето што полека почнаа да се освестуваат по својот првичен шок. Да се помрдне од место. Да се слее со масата. Да си плукне на дланката. Да си бркне во џебот и да си го одврзи кесето. Не беше можеби сосема свесен како да го стори тоа. Барем во почетокот. Беше збунет и троа нерешителен. Но тоа траеше само миг. Најважно од сé беше тоа дека е тука. Со нив. Тоа беше сосема доволно за почеток.

И уште како.

Деновите по својот армас тие ги поминаа во Скопје и Равен. Уживаа во своите кратки излети до Охрид, Галичник, Тетово, Матка и толку многу други места. Ги видоа нашите изворни обичаи, танци и ора, слави и празнувања..

Беше прекрасна пролет. Насекаде по Македонија беше како во цветна градина. Каде и да одеа, им се чинеше дека е некој празник, дека се слави некоја слава. Домашна. Или сенародна. Дури и нејзините лесни несвестици како да престанаа за миг, така што веднаш поверуваа дека Фата Фатима била во право. Му дадоа дури и голем бакшиш на Дервиш Даут. Бегајќи надвор од Скопје, тие сретнаа и запознаа еден

друг, по малку скриен, необичен, несекојдневен, но возбудлив свет.

Се искачија на Шара, беа на Попова Шапка, уживаа во прекрасниот поглед на бачилото и на белите стада околу пасиштата, го пробаа и прочуеното овчо сирење и кашкавал, го погалија дури и најопасниот волчјак Шарпланинецот, чуварот на стадата (всушност, едно од најверните и најсилните кучиња во светот од чиста раса) и со часови се љубуваа во Бошков мост на реката Радика и во мостот на Мала Река со незаборавното име "Елен скок", што беше како вистинска скаменета музика на природата, отидоа и до "Ридот на невиноста" близу Скопје, ги посетија нашите прочуени манастири, како оној на Свети Јован Бигорски, со чудесните резби и икони, Свети Наум Охридски, Курбиново, Лесново, со прекрасните живописи и фрески од XII-от и XIII-от век (една од нив беше и онаа "танцот на лудите и мудрите девици"), во Старо Нагоричане, фреските со претстави од профаниот и мирскиот живот (народни ора), во Нерези, со прочуената фреска "Оплакувањето на Исус Христос", во Свети Јоаким Осоговски, со судбоносните камбани и ѕвона и многу други манастири со нашите единствени фрески и икони од XI, XII, XIII и XIV век, со бројни ремек-дела од нашите славни сликари, зографи и копаничари од Тресонче, Гари, Галичник, Лазарополе, Осој, Сушица, Папрадиште и уште кои не. Уживаа во вечниот жубор во кањонот на Радика, свртија и по кривиот пат кон селото Галичник со поглед на планината Бистра, каде што здивот застанува, очите остануваат ширум отворени, а устата онемува. Го мирисаа цвеќето евокимус што ботее крај Аџина Река, ги допреа фиданките од дабовата шума на Царевац, ги бркнаа своите нозе во езерото Маврово, во Длабока Река кај

Кораб, ја пробаа прочуената охридска пастрмка со црвени дамки по телото, уживаа во погледот кон дивите кози на врвот од планината Галичица, под која се простира светлосната магија на големото, единственото Охридско Езеро, последното светско чудо со најчистите проѕирни води, нашиот македонски, вечен Славјански бисер, изворот на писменоста на сиот славјански род.

Го гледаа и најстариот обичај на ловење риба во Дојранското Езеро, каде што вештите рибари со помош на птиците корморани ги втеруваа јатата риби во мандрите од трски покрај брегот, близу сламените колиби (со посебно оградените места за лов, по примерот на древниот кинески обичај за ловење риба).

Го посетија неговиот роден Равен, архаичниот Равен, со старите археолошки наоѓалишта, споменички остатоци уште од римско време и знаци за престојот на Словенските првоучители, браќата Кирил и Методиј, кои живееја кон крајот на IX-от и почетокот на X-от век, близу реката Брегалница. Го видоа и обредот со жртвеното машко јагне, пеливанските борби и ѓуреши, обичајот на закопот на мртвите со големите и свечени процесии и музиката со лимени инструменти во Равен, Охридскиот пливачки маратон, празникот на гроздоберот во Кавадарци со изборот на кралицата на гроздоберот и многу пред тоа прославата на Ѓурѓовден, како што велат Рисјаните, а Муслиманите и Ромите Hidirllezi, близу Велес.

Што друго?

Илјада и едно чудо видоа на својата фантастична обиколка околу Македонија. Тие ги поминаа своите свршенички денови во некаква вртоглава екстаза и целосен заборав на сите заеднички и простосмртни нешта, што понекогаш умеат да го направат

поподнослив нашиот обичен и секојдневен живот, најчесто оптоварен со илјада и една грижи и неволји и постојан јарем околу вратот, овозможувајќи ни здив со полни гради, наместо дишење на жабри. Така, дури и несвесни, тие наеднаш поверуваа со сето свое срце и душа, дека за миг влетаа во облаците од некое друго небо и се вивнаа кон ѕуницата од некое друго време. Изгледаше како празник да царува насекаде околу нив и наеднаш сите луѓе почнале да пеат една иста песна, во еден ист глас, така што станаа свесни дека лицата на сите луѓе ги облеале истите зраци на среќата, на сите, колку што ги има, и поверуваа за миг дека стариот апостол Павле им се обраќа токму на нив и само на нив кога им вели дека "слушањето било

заборавена уметност, дека без љубов се само кимвал што ѕвечи", дека жалоста веќе нема никогаш да се всели и да се врати назад во нивните домови. Никогаш повеќе.

Таа очигледна мамка и химера траеше многу кратко.

Им болсна како малечка искра надеж во очите, небаре светулка врз трепките на летна ноќ.

Прелета како сенка од ластовица во доцно летно попладне.

Во тој занесен миг, решија свадбата да ја направат во нивните родни места: Галичник и Равен.

Нашиот херој думаше...

Неговиот татко имаше обичај да му кажува разни бајки и приказни, кои нему му биле кажувани од неговиот татко, или дедо (најверојатно) и неговиот татко од неговиот татко, или дедо (па дури и баба) и така со ред. Со генерации и генерации. Сликата за старецот кој ја раскажува својата приказна покрај огнот и домашното огниште, опкружен со цела дузина деца, кои го голтаат секој негов збор, е речиси типична.

Се разбира, тоа се случува зиме, кога деновите се кратки, а ноќите долги и студени. И над сѐ, кога училиштата не се отворени поради зимскиот распуст, а полските работи околу жетвата, собирањето на летината и длабокото есенско орање по нивите, одамна завршени. Огнот потпукнува во печката, а сенките "шетаат ли шетаат" по ѕидовите и фантазијата расте сѐ повеќе и повеќе. Во еден таков исклучителен момент, сѐ станува можно. Вратите на сите тајни на светот ширум се отвораат.

Нашиот херој думаше.

Кога јас бев малечок, татко ми имаше обичај да ми раскажува разни приказни пред да заспијам, наместо да ми пее народни или приспивни песни за мали дечиња, како што прават луѓето во повеќето такви случаи по разноразните страни на светот. Тој ме водеше во кревет со нашите македонски народни приказни и кажувања. Се сеќавам на некои од нив. На пример, на приказната за глупавиот човек кој ги броеше магарињата, но не можеше да ги изброи десет

колку што беа кога ги купи на куп на Ат-Пазар, бидејќи секогаш ќе заборавеше да го изброи и

магарето на кое јаваше. Така, тие секогаш излегуваа девет.

Се сеќавам на приказната за скржавиот поп, кој одбиваше да ја даде својата рака дури и тогаш кога се најде среде река, давејќи се, или кога падна во калта, враќајќи се дома. Тој умееше само да зема, но никако да дава, што и да е.

Се сеќавам на приказната за овчарот и трите самовили и на тоа како итриот овчар ги надмудрил, земајќи си ја најмладата од нив за невеста.

Се сеќавам особено на приказните и досетките на Итар Пејо од Мариово и за неговиот турски соперник Насредин Оџа, исто така мошне итар како и тој. Но на крајот од секоја приказна, Итар Пејо успеваше да го надитри Насредин Оџа. Секој пат.

Се сеќавам на приказните за најголемиот јунак Крали Марко од градот Варош, кај Прилепа града. Тој беше најсилниот човек на светот за време на турското ропство. Тој беше најголемата легенда во македонската историја, борејќи се против Црната Арапина и другите Османлии. Иако, нели, велеа дека бил нивен вазал.

Се сеќавам, исто така, за најнеобичната приказна што воопшто сум ја чул, приказната за Силјан Штркот, кој избегал од дома уште како млад непрокопсаник и откако ќе се врати назад по низа години, ќе биде престорен во штрк. Тоа беше една прекрасна приказна.

Кој беше Итар Пејо? Кој беше Крали Марко? Силјан Штркот?

Луѓето како Санчо Панса, или Тил Ојленшпигел, Бај Гањо, Помет, Пјеро, Арлекин и така со ред. Беа ли тие барем слични еден на друг? Дали е тоа оној ист заеднички, вечен и маѓепсан, мистичен и митолошки

круг, истото тркало на сите приказни на народите, околу кое, како околу својата оска, се врти судбината на цел свет? Или барем детството на светот?

Галичката свадба е еден од најживописните обичаи и обреди во западниот крај на Македонија. Тоа е една наша мошне стара традиција, која навлегува длабоко во историјата и според нејзините непишани правила, луѓето од Галичник ја слават четири дена. Првиот ден, тие го истакнуваат бајракот во еден од аглите на куќата и пукаат од пушка. Следниот ден, обично го прават "зоењето", китените сватови ја земаат невестата на коњ и ја водат во домот на младоженецот и потоа се врши свадбениот обред. Третиот ден, се оди во куќата на невестата, кај нејзините родители. За секоја посебна пригода, се пеат посебни песни, се играат посебни ора и танци и секој учесник прави посебни адети и чинодејствија, особено оној таинствен зрив на невестата кон младоженецот („Низ прстен те гледам...") Една од најважните работи притоа е музиката. Таинствените тапани и зурли, како и ритамот, кој пак е приказна за себе.*

И над сѐ, облеката-носијата, атмосферата, луѓето и високата тензија на целиот обред во ова сликовито село на врвот од планината. Стрмниот пат што води од една кон друга куќа, на една прилична оддалеченост меѓу нив, гордоста и достоинството на тој гороломен народ од планината, кој може да го восхити секого со своето однесување, како неговото потекло да е од некои кралски, болјарски, благороднички корења. Ритамот на ората и особено најпознатото помеѓу нив,

---

* Се редат посебни обичаи како: "Покана кон мртвите","Бричење на зетот","Одење по невестата","Невестинско оро","Манук" и т.н.

ТЕШКОТО, може да ве натера да се почувствувате како сведок на вистинско крунисување на ЧОВЕКОТ КАКО КРАЛ НА ПРИРОДАТА, а не само како сведок на една вообичаена селска свадба. Што се однесува до таткото на нашиот херој, тој самиот се чувствуваше повеќе како професионален ловец на звуци, отколку како обичен младоженец, кој просто ги лови автентичните одгласи на природата од неговите сопствени народни песни и ритми и ги пренесува на семплови во својот магнетофон.

Тој, исто така, сними стотици и стотици фотографии, небаре како некој заскитан турист на туѓа свадба, во некоја туѓа земја, во некој од многуте егзотични краишта на светот. Беше толку смешен и, истовремено, толку, толку зафатен... се разбира.

Тие звуци тој ги имаше и ги носеше во крвта. Уште како дете. Ги запомна засекогаш. И во најтешките денови во Америка, споменот на прекрасните езгии на кавалот, му го поткренуваа здивот и адреналинот во крвта. Ги паметеше особено звуците и ритамот на ТЕШКОТО.

Феноменот на ТЕШКОТО е нешто несекојдневно, незаборавно. Танчерите на ТЕШКОТО во почетокот на танцот постепено се потпираат себеси на левата и на десната нога, на прстите, со чести клекнувања и потклекнувања и танцуваат во круг со многу, многу бавни движења и чекори и потоа, одвреме-навреме, ороводецот се искачува врз тапанот, без каква и да е помош од тапанџијата, кој ја понесува сета негова тежина, а тој сето време мавта со шамивчето. Потоа ритамот постепено станува сè побрз и побрз (во accelerando) и танчерите се вртат во круг, потскокнувајќи високо, високо. Ритамот е сè побрз и побрз. Сето време зголемувајќи ја својата драматика,

тие речиси паѓаат во транс, сѐ до крајот на орото. Тоа е најтешкиот начин на танцување, па оттаму орото и го добило името ТЕШКОТО. Единствената музика е тишината и ритамот на тапаните. Сѐ е како татнеж, како гром и како ехо од минатото, а потоа одненадеж зурлите спиштуваат со својот судбински налет низ пискот, плач и лелек. Целата атмосфера е крајно драматична, торжествена и таинствена. Секој жив човек мора да се наежи, секому косата му се крева. Намовнува. Се накострешува.

Тоа е најубавото македонско народно оро.

Тоа е симбол на нашето петвековно ропство под Турците. ТЕШКОТО се игра многу ретко, само во мошне важни и свечени пригоди. Една од тие е денот кога нашите луѓе одат преку море, на печалба. Најчесто во Америка.

„Ние немаме пирамиди, сфинги, палати и паметници, но нашето славно минато е во нашите народни песни, народни ора, и покрај сите елементарни непогоди", ќе рече некаде, по којзнае кој повод, народниот мудрец, небаре правдајќи се, дури и несвесен дека нема никакви причини за тоа. Напротив.

Има ли тука нешто уметничко?

Народна уметност. Или уметност во национален стил. Што е тоа?

Дали Анонимусот, нашиот прв народен уметник од Средниот век, нашиот живописец и фрескосликар, иконописецот и копаничарот се можеби нашите први художници со кои можеме да се гордееме?

Којзнае.

Да го земеме предвид она што некои од луѓето со поизострено око и со троа пена на јазикот го велат за нас дека Македонија е една мошне необична земја со околу два милиони жители и отприлика исто толку надвор од неа, главно, затомени, обезличени и обесправени, распрснати низ соседните земји, кај нашите први соседи, но и живеејќи во немал број и преку морињата (Америка, Канада, Австралија), како и во Европа (Германија, Данска, Шведска, Франција), во која секој десетти е неписмен, а секој втор или трет полуписмен, но обично се мисли и тврди овде-онде дека во неа секој стоти е прикажувач на приказни. Или барем се смета себеси за таков.

И покрај тие и такви смешни трици и колчишта, останатиот свет нас (Македонците) нѐ знае само преку приказните за скржавиот поп и преку онаа за човекот - магаре јавај, магаре - барај. Штета. Вистинска штета.

Исто така, секој стоти е маслосувач, но тврдоглавиот, педантен и упорен свет нѐ знае само преку нашите фрески, икони и понекогаш преку нашата Наива. Во најлош случај, само преку нашите цртежи-карикатури. Некој од нашите славни сликари,

би крикнал од бес поради ова, бездруго, кревајќи голема цева и викајќи на сет глас: „Ние сме потценети. Нашата слика е расипана и искривена". Можеби. Веројатно е и така.

Иста работа е и со песната. Ние сè уште сме само еден рустикален, ориентален, фолклорен извор со безброј ритмички својства, остатоци и егзотичности (вистински рудник од кој црпи, копа и краде цел свет, како од некој непресушен извор). А сетете се, кој-годе го спомнал името Македонија, бездруго ја слушнал и поговорката за ретката и единствена музикалност на Македонецот, во која се вели: "Ако одиш во Македонија, немој ѓавол да те излаже да запееш. Или да заиграш. Ќе бидеш и натпеан и надигран". Но што вреди тоа кога помеѓу умеењето и имањето зјае цела бездна. И празнина.

Имаме ли ние некој уметник, некој артист со голема почетна буква А? Освен Анонимусот од Среден век?

Дали е тоа нашиот славен Свети Климент?

Дали се тоа нашите стари сликари Михаил и Евтихиј?

Дали е тоа нашиот Јован Кукузел, со неговите свети и свечени звуци?

Нашиот надарен прилепски терзија, Марко Цепенко?

Како да се сочува нашата славна, нашата прекрасна народна уметност? Половина, а можеби и повеќе од половината од нашето национално богатство од народното творештво денес е изложено во безброј метрополи низ светот: Лондон, Париз, Москва, Њујорк, Берлин, Белград... Половина, и можеби повеќе од половината од нашите икони се украдени и распродадени во бесцение насекаде низ

светот. Дивите копачи ја изораа Македонија вдолж и во широчина и за мали пари го пренесоа нашиот национален нумизматички трезор во приватните банки на колекционерите од Грција и Кипар и којзнае уште од каде не. Како да се сочува нашето минато? Нашата пишувана историја? Оти не попусто се вели:"Нема историја без писмени знаци. Без артефакти". Да се сетиме само на зафрлените и отпатно запустени Липковски Мумии. На Кокино. На Цоцов Камен. На Тетовската Менада. На нашата уникатна карпеста уметност. На Стоби. На Хераклеја. На Охрид. На златната охридска маска. На виничкото кале. На делчевската погребна кочија. На Маркови Кули. На Баргала. На Банско и Водоча. И на уште кои ли не култни места и наоди по Македонијава.

Да се вратиме за миг во историјата. Да го земеме, на пример, Александар Велики, најголемиот и најславниот војсководител на светот и во историјата, кој живеел на тлото од Македонија, во Пела, на почвата од нашето денешно најблиско соседство, се разбира, без било какви претензии да му го кратиме или симнуваме ќуркот на кој и да е Грк во светот.

Тој сакаше да ги обнови градините на Семирамида. Дали Вавилонската Кула беше изградена под притисок и кнут над робовите со камшик и присила, или со посветеност кон Бога? Дури и бесмртните Богови се мртви, покрај бреговите на Тигар и Еуфрат. Нивните гробови се близу до најстарите траги на клинестото писмо, до трагите од аметистот, до сината боја на кобалтот, до килибарот, алабастерот, пурпурот, близу до трагите на старите кралеви Хамураби и Набукодоносор, до трагите на старите Богови Мардук и Иштар. Тие се најголемите сведоци на изминатите времиња.

Што пишувањето значи во правот на ѕвездите и во вртолежите на омајните и вечни времиња? Халдејските мислители и мудреци го предупредуваа Александар Великиот да не се враќа во Вавилон, но тој не ги послуша. Смртта на големиот крал е апсолутно нејасна, барем според старите документи.

Нејзината трагична и по малку немушта речитост е сè уште закопана зад превезот на мистеријата, темнината и тишината. Доказите се несигурни, непотполни, изгубени и лабави.

Што може пишувањето да ни помогне тука?

Да ни даде голословна утеха ли? Што? Кој?

Хомер ли? Плутарх? Херодот? Тептавиот Демостен?

Ако тоа не можеше да го сочува споменот за најголемиот крал, најголемиот меѓу сите кралеви што кога и да е живееле на овој свет, со сите свои царства, царици и империи, со сета своја слава и моќ, тогаш што останува од трагите на простосмртните грешници од овој наш обичен свет?

Прав. Честичка. Вселенска дупка. Празнина. Нула.

Што, всушност, претставуваше Дневникот на Неговиот Татко?

Мал, обичен бележник, кој му го даде тој за да ги запишува своите последни желби пред да умре, по неговата втора и фатална операција. Тој беше сосема нем, зар не. Ги запишуваше сите тие забелешки на крајот од својот пат, молејќи за своите секојдневни, главно биолошки нуждеења. Околу храната, тоалетата. Неговиот секојдневен живот. Нашиот херој го сочува бележникот како спомен. Така, би се рекло

дури и не сакајќи, тој како да беше принуден, како да му беше предодредена таа неславна орисија да се обиде врз еден кревок темел да го изгради својот виртуелен град некаде во вселената. Неговите песочни кули и замоци. Тој ќе се изгуби себеси во омајните пространства на виртуелната реалност. Нема да пишува зборови во песокот, градејќи ја својата Кула Вавилонска. Ќе биде цврст и многу пореален, многу попрактичен од ирационалната, изидеологизирана, издогматизирана, патетична и по малку трауматична генерација на својот татко. И најпосле, по конечното враќање во преградките на своето "смачкано племе", ќе му се довери на својот најдобар и единствен пријател кој нема никогаш да му противречи во ништо-софтверот. Ќе биде обичен и простосмртен претставник-следбеник на својата нова, cyber - генерација.

## Глава трета

*"Проповедникот се трудеше да ги најде*
*вистинските зборови и она што беше*
*напишано исправно, зборовите на вистината."*
БИБЛИЈАТА

„Се прашував себеси речиси секој ден - морам ли јас цел живот да пловам спроти ветрот.

Понекогаш помислував дека сиот свет сковал завера против мене и решил да ми ги скрши веслата.

За секоја убава работа што ќе ја изборев со судни маки, ми се враќаше со две или три лоштотии. За секој пријател што ќе го стекнев, се здобивав со двајца непријатели.

Секоја моја победа беше Пирова победа.

Јас сум како победник со глогов венец на главата. Некој кој му завидува на секој губитник во овој безмилосен и несправедлив свет, полн со грабеж, лов на вештици и вечен плен. Поле на прекумерно сити овци и глутници вечно гладни волци.

Проклетство!"

На таков летен ден, од небото паѓаа сиви снегулки од пепел наместо дожд, како по некоја долго очекувана ерупција од најголемиот вулкан на војната и не само од неодамнешниот пожар што се ширеше наоколу низ маслиновите гори, покрај морскиот брег, последните неколку денови.

Ова лето несреќите доаѓаа една по една. Вчера тие го зедоа големиот сив Гренд Чироки од Црвениот Крст во Дубровник и заминаа за Сплит.

Виола настојуваше да му се придружи и покрај неговите противења. Таа сепак беше мошне упорна и најпосле успеа да го убеди во тоа. Беше спарно августовско претпладне. Тој беше некако сиот како оси да го касале. Имаше некакво нејасно темно претчувство длабоко во себе и само дрдореше, се жеравеше, се жиличеше, се јанѕосуваше. Не можеше да најде ништо друго освен да треска разноразни тревливи глупости и сè што ќе му паднеше на ум, зборувајќи со засипнатиот глас. Беше некако вознемирен. Неговите збркани зборови во почетокот од нивното патување беа како последна алка на синџирот од сите откачени нешта кои порано избегнуваше (или намераваше) да ѝ ги каже и, така, сега како да се извинуваше самиот на себеси поради својата "искреност", но исто така и за својот "патетичен" обид да најде зборови за нешто што не може да се искаже со зборови. Та нели ги упати апостолот во заборавените тајни на слушањето? Во тој момент, изгледаше како некој кој се обидува да се оправда себеси поради своето најдлабоко чувство на вина, без вистинска причина и поради несторен грев. Вродена мана од раѓањето, знаеше да каже подоцна за тоа, не без извесна самоиронија во гласот.

Како и да е, тој не можеше да го објасни своето темно претчувство. Ни себеси, ни на неа.

И така, се всредоточи на возењето. Таа седеше таму, тивка и нема, изненадена на извесен начин од неговиот немир, кој очигледно тој не можеше да го сокрие од неа и таа потајно бараше во себе сили како да му помогне. Но не можеше да смисли ништо, освен своите молитви. Му се молеше на Севишниот, впрочем како што го правеше тоа секогаш кога ќе почувствуваше потреба да помогне на ближниот свој. („Љуби го Ближниот свој"...). Покрај тоа, неговиот претеран очај таа го забележа на неговото лице последните неколку часови откако заминаа.

Што се однесува до него, тој знаеше дека црвот што го јадеше однатре му помогна да сфати дека тресењето празна слама е најлошиот избор, во секој случај. Затоа замолча и продолжи да вози по патот кон Сплит.

Неговиот џип Гренд Чироки го отфрли тунелот како некоја валкана и привремена црна наметка. Кривулестиот пат ги водеше долж морскиот брег. Шумата од кипариси, борови, ели и олеандери, синото Јадранско Море, посино од кое и да е друго што дотогаш го беше видел, со нијансите од жолто-зелени појаси покрај крајбрежјето, во гама од тиркизно до гримизно-руменикави одблесоци на коралните гребени, го ублажуваа впечатокот од пепелавиот дожд што ги следеше по патот, витлеејќи наоколу низ воздухот.

„Ја сеќавам твојата имела на душата, да, ја сеќавам". Така ми велеше твојот стрико во болницата пред да го повика Господ. Со изнемоштен глас ми шепкаше на уво: „Имам имела на душата, сестро!" Убаво ги запомнав неговите зборови. И морам да ти кажам: -Господ има план за сите свои чеда! Имај трпение. Чуму таа скрб? Зар не помислуваш понекогаш дека сите ние на свој начин ја чувствуваме истата минлива болка, глупава горделивост и празна суета. Знам, знам, можеш да ми кажеш дека јас никогаш не сум се соочила со сликата на целосната човечка коварност, оти сум била Божје чедо, како што велиш ти, но пак ти велам - Да, во право си. Јас го најдов секој одговор во моето Свето Писмо и низ верата во нашиот Господ. Се сеќаваш ли на неговите зборови: „Секој што ќе замоли, ќе добие, и оној што ќе побара, ќе најде, а на оној кој ќе почука, ќе му се

отвори. Да, поуката е таква. Семето е Речта Господова!""

Тој гледаше во неа со речиси тажна симпатија. Таа почувствува извесна нелагодност поради долгата и огнена тирада во името на Господа. Тоа беше еден мошне деликатен миг. Тој знаеше дека мора да ѝ

покаже знак на добра волја, полна почит и подршка. Одвај се воздржа да не ѝ рече "Амин", што му беше речиси на самиот врв од јазикот и како што сигурно ќе ѝ речеше на секоја друга личност во некоја поинаква прилика и случај, со својата пословична иронија и долг, остар јазик без влакна. Но не беше докрај начисто со самиот себеси дали сега тоа „Амин" ќе добие таков несакан призвук, или не. Неговиот порив и поттик беа искрени да ѝ укаже мал знак на подршка и согласност. Макар каква и да е.

Но не рече ништо. Се совлада себеси. Беше свесен за нејзината суптилна природа, за нејзината деликатност. Во тој момент таа навистина изгледаше како "трска што се вее на ветерот". Како бреза што трепери. Како трепетлика.

Не ѝ рече ништо. Но длабоко во себе почувствува дека таа шири позитивна енергија врз него. Таа ја простираше кон него својата широка мрежа на добра волја, но тој сепак не беше толку лесен плен за да биде уловен веднаш, без борба, инает и опирање во мрежата на добродетелта. И уште еднаш се потсети на зборовите од неговиот татко:

- Кој посакува добро, тој и мисли добро. Кој мисли добро, тој и зборува добро. Кој зборува добро, тој и прави добро (работејќи, жнеејќи штедри дарови, пишувајќи, живеејќи) и кој прави добро тој свети, сјае, зрачи наоколу и таму сѐ е чисто, таму нема пеплишта и виулици, но само сонце преку неговото чело грее и

биди сигурен, синко мој, ти се наоѓаш пред лице достојно за почит.

Нема сомнеж во тоа. Верувај.

Тој изгледаше малку уморно. Го запре џипот за миг и се освежи, миејќи си го лицето и вратот од пластичната канта во гепекот.

„Не ставив око на око. Саноќ. Слушав некое детенце што плаче отаде прозорецот", рече.

„Детенце ти плачеше отаде прозорец саноќ, велиш?"

„Да."

„Колку тажно".

„Да. Тоа беше повеќе како глас во пустина. Како крик од некоја далечна планета".

„Вистина?"

„Да. Беше. И ме разнежи. Беше долга, долга тешка ноќ. Како мо́ра. Паднав во мојата стара бессоница. Бев навистина вознемирен. Да земам книга во раце пак?-се прашував. Не. Сфатив дека не оди. И така, излегов надвор среде ноќ, шетајќи покрај морскиот брег и слушајќи го шумот на брановите. Се обидов да го разберам говорот на морето. Попусто. Еден брод впловуваше во пристаништето и светилникот го водеше, трепкајќи со часови и часови. Почна веќе скоро и да се разденува, кога ја слушнав последната сирена на бродот и веднаш потоа, наместо првиот кукуриг на петелот, ги слушнав топовите од онаа страна на ридот. Тоа ме врати назад, во реалноста. Се втурнав пак во креветот и повторно се обидов да читам.

Не ми одеше од рака и набргу сфатив дека времето за нашето заминување дошло. И така, станав на нозе најпосле, неволно, мамурлија и однемајкаде..."

*"Оче, прости им; оти тие и не знаат што прават."*
Св. Лука 23/34

На фериботот од Сплит кон островот Вис, тие ќе го сретнат него - младиот војник Луке. Тој ќе патува за Комижа, мало пристанишно гратче отаде Вис. Ќе им се приближи на палубата од траектот, откако ќе го препознае нашиот херој и ќе сфати дека тој е Американецот. Го виде пред тоа, кога пристигнаа на паркинг-плацот од кејот, со нивниот џип Гренд Чироки од Ред Крос. Ќе се претстави себеси, приоѓајќи им пријателски и отворено.

„Јас сум Луке. Мило ми е што ве срекавам во својата слободна земја", ќе рече тој, со срдечна насмевка на лицето.

„Задоволството е мое. Ова е сестра Виола".

„Здраво! Драго ми е што ве сретнав, сестро! Јас сум војник на отсуство."

„Господ нека те благослови, војнику!"

„Благодарам, сестро! Ќе ми треба неговата милост. Барем досега, тој беше милостив кон мене. Беше на моја страна и се надевам дека ќе остане со мене сѐ до крајот на војната."

„Тој е секогаш со нас. Фален да си, Исусе!" ќе рече таа, молејќи се, шепотејќи.

„Беше ли на бојното поле? Го помириса ли троа барутот, пријателе?"ќе праша нашиот херој.

„Дали го помирисав барутот? Ме прашувате дали го помирисав? О, Господи! Та јас променив три различни униформи досега во оваа крвава Граѓанска Војна. Камо да беше барутот лук, па да не сум го помирисал. Ама, не. Најпрвин, бев во Белград, во Југословенската народна армија, во елитната формација наречена Титова Гарда. Потоа бев испратен да бидам убиец на мојот сопствен народ во Вуковар, каде што го видов најгрозоморниот хорор и апокалипса која едно нормално човечко суштество би можело кога и да е да ја замисли, и најпосле, успеав да избегам оттаму како дезертер."

„Долг круг, пријателе. Голема збрка. Вистинска мешаница. Лошо искуство, зар не?"

„О, Господи! Вуковар беше вистинска кланица. Сè беше урнато. Срамнато со земја. Вуковар беше нашата најголема трагедија. Насекаде само пожар и пепел. Насекаде. Жртвите ги товареа во камиони, во автобуси, божем ги евакуираа, а всушност ги пикаа и затвораа по хангари, за подоцна да ги дотепаат. Еден по еден. Луѓето беа убивани на улиците како стока. Од болницата извлекоа околу триста болни, божем поради соработка со бранителите, МУП-овците, или нерегуларните единици (усташи, Зенги, како што ги викаа) и ги застрелаа, ги убија како пци на Овчар, сите до еден. Југословенската Народна Армија можеби не го правеше тоа самата, стриктно, самоиницијативно, но го правеа масовно ордите на Аркан и кој ли уште не. Вршеа масакри. Колеа, палеа, убиваа, ги силуваа нашите жени, ги ограбуваа нашите куќи, мачеа, дигаа, крадеа, грабеа, земајќи насила сè што ќе закачеа, валкајќи и осквернувајќи ги мртвите тела, тие пијани скотови, дивјаци, ѕверови и крволочни канибали, газејќи ги и влечејќи со тенковите мртвите тела на тие

несреќници и она што е можеби најстрашното од сè, оставајќи ги на изгладнетите свињи и крмаци да ги јадат труповите и распаднатите и гнили остатоци на нашите убиени луѓе и дечиња по улиците. А сето тоа-зошто? Божем за одмазда против бранителите, што се дрзнале да се спротистават, да се бранат и да пукаат од засолништата на Борово. Тие што ги викаа усташи, Зенги и не знам како сè не. А што беа нивните Аркановци? Четници? Колачи? Што? Велат, нашите бранители биле препознавани по кондурите (што биле дар од некои странски донатори-воени подбуцнувачи од старата австроугарска воена камарила, како и по торбиците од фабриката, што биле од домашно производство. За тоа дури постоеше и афера со извесниот генерал Шпегељ, кој по тајни канали ги вооружувал нашите бранители, со оружје купено од унгарските воени арсенали). Но тие судеа и пресудуваа на лице место. Беа и судии и џелати, во исто време. И веднаш потоа, егзекутираа. И самиот бев сведок на некои од тие масакри. Стегав заби, мижев и молчев. И сега, ве прашувам јас вас - дали некогаш воопшто сте слушнале за некоја ваква, или слична грозоморна стравотија во вашиот живот?

Да. Тоа е најкрволочната војна што можел да си ја смисли и стокми во својот болен пигмејски ум вечниот Сатана, уште од самиот почеток, уште откако е создаден светот, па сè до наши дни, и преку тоа, до самиот крај на времињата. Би можел да се заколнам. Но вистината ќе излезе на видело еден ден. Има Господ! Ми верувате ли, пријатели мои? Ми верувате ли?"

Тие го гледаа безмалку саштисани.

Виола беше сета згрозена.

Таа се крстеше, барајќи го Господа, гледајќи кон празното небо, некаде кон далечината и морската шир.

„Дали ова е вистинска приказна, пријателе?" праша нашиот херој, сосема неспособен да поверува во една таква невозможна, страшна работа што им ја раскажа младиот војник Луке.

„Да - за жал. Ова е вистина. Цела вистина. Повистинита не може да биде. Секој збор што ви го кажав. Господ ми е сведок," и небаре исправен пред Страшниот суд, се прекрсти со жар во очите.

Сите занемеа за миг.

Беа очајни, ѕверејќи се еден во друг, сѐ уште неосвестени од она што го слушнаа. Само до пред две-три минути младиот војник Луке изгледаше толку весел, толку жизнерадосен и готов да ја сподели својата радост со секого што ќе го сретне на патот. Беше готов да го прегрне сиот свет. Како да леташе на крилјата од највиорната фортуна. Но сега, неговото лице беше мрачно и смуртено. Изгледаше како некоја сосема друга личност. Како наеднаш да се сокри сонцето зад облаците. Тие молчеа. Неговите зборови; неговата сторија беше како гром од ведро небо. Избегнуваа да си погледнат в лице. Тука веќе немаше што да се каже. Оваа приказна, кажана во еден здив, беше како некоја тешка осуда, како некое застрашувачко предупредување и закана. Од лицето, од целата појава на Луке, се читаше дека во главата му се којат луњи, а во устата и градите таи грмотевици.

Нашиот херој сосема лефтерно го допре рамото на сестра Виола и ѝ понуди да седне долу, врз отворениот шезлонг, во аголот на палубата. Ѝ донесе и чаша вода. Го поведе и младиот Луке на спротивната страна од палубата, држејќи го за лактот и почна да му

зборува, обидувајќи се да најде вистински зборови, што пократок пат до ранетата душа на воинот. Тој сакаше да дознае толку нешта за војната и околу неа и веднаш потоа му ја кажа приказната за неговиот братучед од Македонија. Луке не знаеше ништо за воините од Македонија, освен за името на некој војник Роберт Данилов, кој бил во неговата чета, во неговата трупа, во Белград. Биле заедно кога заминале за Вуковар, но Луке бргу успеал да избега од бојното поле, што не било случај со неговиот македонски колега. Не знаеше никој друг од Македонија. Имаше, исто така, слушнато за мошне познатиот адмирал Боцинов од Сплит, кој одбил да го бомбардира овој медитерански град и потоа за казна бил осуден од Воениот суд во Белград. Тој беше Македонец, исто така. Народот од Сплит го сметаше за херој.*

---

• Сепак, сплиќаните првиот војник од тенковите на ЈНА кого сакаа да го линчуваат, беше еден кутар Македонец (Светланчо Наков), кој во тој момент не знаеше дури ниту како му е името, а не пак да војува со некого со кого до вчера делел и арно и лошо. Познато е дека првата жртва од ЈНА во Сплит беше Македонецот Сашко Гешовски, чија свирепа смрт ја згрози сета тогашна домашна и светска јавност и го означи почетокот на воениот судир во Хрватска. Етничкото чистење во Хрватска, особено на просторите од Далмација (Сплит, Задар и тн. беше започнало уште во раните 80-ти години. Сечените вратови и глави на етничките Срби околу Задар го имаа својот одговор во сечените глави на Хрватите во околината на Вуковар, Борово Село, Даљ и тн А

којзнае. Тие можеби беа и некое задоцнето ехо од криковите на илјадниците сечени глави уште од времето на Јасеновац. Бесната "Луња" беше можеби само последниот акорд на тој Балкански реквием.) Мошне е поучна и указателна приказната за српскиот генерал Трифуновиќ, кој својата воена должност при опсадата на Вуковар и Осијек ја извршил прописно и со ниедно пречекорување на домашните и меѓународните закони за воени дејствија и обичаи на војување, а сепак од хрватските судови беше осуден за геноцид, во отсуство, на 12 години затвор и одземање на сиот движен и недвижен имот во Загреб, а пак од српските судови на осум години поради саботажа и неизвршување на истите тие задачи. Апсурд до апсурд. Според тврдењата на поранешниот градоначалник на Осијек, литератот Златко Крамариќ, како и на подоцнешниот, Анте Ѓапиќ, генералот Трифуновиќ е неправедно осуден со толку остра и незаслужена казна. Познатиот хрватски бранител Дедаковиќ-

Во почетокот, ние не бевме свесни каде одиме и што би требало да правиме. Линијата на фронтот беше некаде долж реката Дунав. Огромна толпа народ ги напушташе околните села. Многу бегалци талкаа бесцелно, потамина, напуштајќи ги своите огништа, без надеж и цел. Сè укажуваше на еден вистински егзодус. Се движеа една по една големи групи луѓе низ пченкарните полиња на Славонија, непрегледни воени трупи, конвои, камиони, трактори, приколки, тоа беше една општа збрка и турканица, насекаде грабеж, опожарувања, чад, миризба од нафта и гас, колони луѓе, жени, деца, старци и старици, стока, цели стада, волови, крави, коњи, впрегнети талиги, прав, дожд, кал...

---

Јастреб по сите неуспешни обраќања до хрватскиот воен и политички врв за помош при одбраната на Вуковар (по телефон разговарал дури и со Ф. Туѓман) ја објави својата позната ОПТУЖБА преку радио-Вуковар до ХРВАТСКИОТ САБОР при падот на Вуковар и ги обвини за ПРЕДАВСТВО сите политичари, челници и пратеници во највисокиот законодавен дом на Хрватска. Власта во Загреб воопшто не ги примала извештаите од теренот преку радио-Вуковар и само скратено и несоодветно ги објавувала, со претходна дебела цензура. Тоа се однесува на сите новински извештаи од групата новинари под раководство на Синиша Главашевиќ, кој е убиен веднаш по падот на Вуковар, а останатите од екипата на радиото што останале живи, денес живеат во Загреб.. Инаку, тие своите извештаи ги испраќале до радио 101 во Загреб, Ројтерс, ББС, АПФ и другите светски агенции.

„Уби ли некого и ти?" речиси несвесно му се откина зборот од уста на Мат кога го постави прашањето на Луке, двоумејќи се. Луке го гледаше немо еден миг. Тој молчеше.

Најпосле, рече:

„Да - убив."

„Многумина?"

Насмевката на Луке слизна како залутан зрак врз неговото смрзнато лице.

„Не ги броев воопшто, ако не ви пречи мојот недостиг од црн хумор, се разбира."

„Те молам за прошка, Луке. Јас само сакав да знам..."

„Да. Сфаќам. Прашењето не е дали убив многумина. Вистинското прашање можеби треба да гласи: -Кого убив? Јас не знаев дека пукам во својот сопствен народ. Не знаев во кого пукам. Воопшто. Немав избор. Пред мене се поставуваше само едно прашање: -Јас? Или-Тие? Но што беа тие? Срби? Или Хрвати? Не знаев. Беа луѓе Ако ти не ги убиеш нив, тогаш тие ќе те убијат тебе, без какво и да е предупредување. За миг. За една секунда. Без око да

---

Генерал Боцинов, како Македонец, по завршувањето на војната, вршеше највисоки воени должности во својата матична, македонска војска. Луке знаеше, исто така, дека во почетокот на војната, беа убиени 57 македонски војници, а тешко ранети повеќе од 150. Дезеориентираноста на македонските војници беше целосна и покрај тоа што воените старешини ги уверуваа дека се борат за праведна кауза. Дезертирањата и масовните бегства од редовите на

ЈНА и од бојното поле на просторите од бивша Југославија, каде што воените дејствија се разгорувaa со невидена жестина, беше секојдневна појава. Списоците за нови регрути од Македонија беа уништени од страна на министерот Јордан Мијалков и Македонија веднаш по своето референдумско изјаснување за осамостојување, престана да се меша во воениот конфликт. Во тоа можеби се крие и причината за наместениот сообраќаен аксидент кај Бујановац, по кој министерот Мијалков го изгуби својот живот.

Но Луке, името на неговиот братучед, за жал, никогаш не го имаше слушнато.

им трепне.Тоа беше борба, крвав судир, суров и брутален, лице в лице, војна. Единственото прашање беше:

- Живот, или Смрт?

По ѓаволите!"

„Но тоа...па тоа е пекол..."

„Да. Пекол."

„Тогаш како...како го издржа сето тоа? Зарем тоа не е страшно? Зарем тоа не е неиздржливо? Да пукаш во својот сопствен народ...О, Господи!"

„Да. Но запомнете: и тие пукаа во мене. Јас не знаев дали се тоа мажи, жени, деца, или дали се Хрвати, или Срби. И што е најважно - тие беа воини. Вооружени, беа МУП-овци, како што се нарекуваа, нерегуларни, пара-воени формации, како што ни зборуваа нашите офицери. Од страв, луѓето се претвораат во ѕверови. Да. И кога само ќе се сетам, кога само ќе си приспомнам дека тие исти офицери нè учеа:"ЈНА е само одбранбена, а не агресорска армија. Трета по својот воен потенцијал во Европа." Како цинично сега тоа ми звучи..."

„Значи...ти пукаше?"

„Да."

„И не знаеше кого убиваш?"

„Не. Не знаев. Не им пишуваше на челото"

„Мора да се чувствуваш грозно?"

„Да. Тоа е тоа. Освен, ако мојата самоодбрана..."

„Да. Кажи ми, те молам!"

„Зошто? Зошто сакате да ги знаете сите тие поединости? Што ве занима вас тоа? Што може еден Американец да разбере од сета оваа Балканска таратунга, од сета оваа наша, домашна зовриена каша? Нашето слепило, можеби? Ако сакате да знаете, пријателе, ние го знаевме нашето црно, нашето

темно сценарио уште однапред. Можевме да го претпоставиме. Да го насетиме. Беше очебијно. Уште многу пред да започне. За сите нас. Тоа тлееше, тоа искреше стотици години пред тоа."

„На кој начин?"

„Еден од нашите мудри луѓе умееше уште на времето да каже, со сета своја проникнива далекувидост: - Балканот е како крчма, како ан. Бизмарк го нарече 'буре барут'. Овде навистина е како во крчма без крчмар. Везден голема мешаница. Секој се дере на секого, секој го обвинува другиот, без причина, а понекогаш дури и без повод, онака, од дерт, од пизма, од инает, никој не го слуша туѓото мислење. Секој секого каса. Секој е најпаметен, никому главата не му тежи. Ведната глава сабја не ја сече, ама овде главата не е на цена, сабјата е поскап шеј. Овде владее општа викотница, метеж и кавга. Последната светилка во крајпатната крчма од предградието на Европа ја скршија сношти и сега не можеш да распознаеш кој кого удира во мракот. Не можеш да сфатиш кој пие, а кој плаќа. Кој е пијан, а кој трезен. Овде е Балкан.

Овде владее најголемиот хаос. Најтешкиот цилиндер на војната, на секоја голема војна во минатото, почнувал да врти оттука. И тој сѐ уште врти."

„Мора да е страшно чувството да се доживее ваква катастрофа."

„Да. Е. Вистина е тоа."

„А ... последиците?"

„Што последиците?"

„Мислам...после сево ова...да се биде здрав. Да се остане нормално човечко суштество...и покрај сѐ..."

„Нормален? А што е тоа нормален, по ѓаволите? Многумина од нашите војници извршија самоубиство. Многумина од нив едноставно не можеа да поднесат -

полудеа. Еден мајор нѐ викаше секаноќ на рапорт. Нѐ снабдуваше со некакви жолти апчиња. Но најмногу од сѐ, нашите војници се пијанчеа. Најголемиот дел од нив го избраа тој лек - да пијат. Инаку, можеби не ќе беше можно да се убива, да се убива...да се гледа сето тоа, сите тие грозотии."

„Сфаќам."

Наеднаш престанаа да зборуваат. Луке направи голема пауза. Запали цигара. Дишеше тешко. Беше мошне возбуден. Исто така, делуваше мошне уморно. Сакаше да престане со приказната, која веќе почнуваше да го заморува и измачува, но ја забележа љубопитноста во очите на нашиот херој и неволно, најпосле сепак изусти:

„Знам. Би сакале да знаете што потем се случи, нели?"

„Да. Би сакал."

„Одговорот е - ништо особено. Едноставно, избегав оттаму."

„Како?"

„Лесно. Сѐ се случи одненадеж. Апансаз. Се појави однекаде Црвениот крст со нивната кола, со еден џип,

близу до линијата на фронтот. Речиси ист како и вашиот. Изгледа дека Црвениот крст е мојата вистинска амајлија. Така, се решив да ризикувам. Бев и самиот изненаден од својата храброст, што тој момент изгледаше како чиста лудост. За два часа се најдов во Осијек. Следниот ден, заминавме за Загреб. Така, избегав. Најпосле, се добрав и до својата родна грутка. А сега, еве ме и тука."

„Добро изведено."

„Прекрасно. Гром во коприви не паѓа, зар не?"

„Да. Секако. Секако."

Се насмеаја за миг. И двајцата.

„Оженет ли си, Луке?"

„Сѐ уште не, сполај му на Господа."

„Зошто?"

„О, како да речам. Не знам. Имам големо семејство на Вис, во Комижа. А освен тоа, јас сум сѐ уште млад, зар не?"

„Се разбира, се разбира. Тие сега нестрпливо те очекуваат, нели?"

„Да. Се надевам дека е така."

„Ќе бидат мошне среќни."

„А-х-а."

„Така и ќе биде. Верувај."

Кога пристигнаа на пристаништето во Вис, Луке ја промени облеката. Беше лесно облечен во маица со куси ракави и сини фармерки. Платнената торба му беше префрлена преку рамото и им мавташе за поздрав. Им се насмевнуваше. Времето беше многу топло. Вистинска летна горештина. Се давеа во пот сето време, обидувајќи се да најдат некој поубав засен и студена напивка. Знаеја дека мораат да останат тука на островот барем една ноќ, бидејќи траектот пловеше само еднонасочно во текот на денот. Но, најнапред од сѐ, тој ја поведе Виола право во католичката црква и ја остави таму според претходниот план и договор. Таа намеравааше таму да ноќева и да најде засолниште во

својата црква, а тој се врати во хотелот, во малата жолта зграда близу до пристаништето.

Тоа беше мошне мирно место.

Без луѓе, без шетачи, без детски игри наоколу, без сообраќај.

Мир. Насекаде мир. Мир и спокојство. Само одвреме-навреме крикови од морски галеби, отворена бескрајна сина морска шир, палми, сламени чадори на брегот, ладен пијалак, тивка, дискретна музика...се плесна на столот и посака да не мрдне оттаму сѐ до зајдисонце.

Така и стори.

Во тој момент, војната му се пристори многу, многу далеку од него. Војната беше последното нешто на кое можеше да помисли тој миг. Се почувствува спастрен, сигурен и засолнат во тоа тајно скривалиште. Како во некоја сина, успиена лагуна.

- Немај гајле! Биди среќен!-мислеше тој, повторувајќи ја во себе одново и одново таа олеснителна вртелешка во мислите од рефренот на радиото и

обидувајќи се да заборави барем за миг на обврските кон својата музика. На својот штотуку започнат „Месија". Тој им вети (на луѓето од МНТ) дека во најлош случај работата ќе ја заврши до крајот на септември. Кога летото си оди, секоја преселна птица добива нови крилја, мислеше тој.* Всушност, тоа беше поуката од некоја стара легенда, што тој ја научи од својот татко, се разбира. Како и сите други, впрочем.

Келнерот го потсети дека сепак не е сам, на некој напуштен и пуст остров, небаре бродоломник, оставен од сите, на крајот од светот.

---

*Според митот за "Силјан Штркот"

„Мислев дека сум сосема сам и дека тука нема ни жива душа", рече.

„Се плашам дека грешите, господине".

„Да. Гледам".

„Па, повелете! Со што можам да ве послужам?"

„Да, но најпрвин можам ли да ви поставам едно прашање?"

„Се разбира, господине. Молам, прашајте!"

„Кажете ми, дали грешам ако забележам дека немате многу туристи годинава?"

„Не, господине. Не грешите. Воопшто. Во право сте, господине".

„А зошто?"

„Па, добро. Не е многу тешко да се каже зошто, нели. Тоа е сосема јасно, господине. Војната, зар не."

„Сфаќам. И колку долго трае ова?"

„Мислите војната, господине?"

„О, не,не! Мислам на туристите, се разбира."

„Ова е од поново време. Пред тоа никогаш не ни се случило нешто такво. Особено во летната сезона."

„Сфаќам. А што е со војската?"

„Со која војска, господине?"

„Мислам на вашите гости. На морнарите. Зарем тие не се ваши редовни гости?"

„Не би рекол, господине. Покрај тоа, јас навистина не се снаоѓам најдобро во нештата што се во врска со врвните воени тајни, но би рекол дека тие си заминуваат, се предаваат, вака или онака, тие се како последните стаорци во бродот што тоне."

„Го зборувате ли тоа за сета Морнарица?"

„Не. Зборувам за сета ЈНА. Сигурен сум дека таа си заминува."

„Сега?"

„Можеби не токму сега, но речиси нејзиниот најголем дел. Би можело така да се каже."

„О, не го знаев тоа."

„Сепак, ви ја кажувам целата вистина, господине."

„Од лошо, полошо. Штета."

„Зошто штета, господине? Ако смеам да забележам, ова е хрватска земја, зар не?"

„О, не, не, не! Извинете! Не се разбравме најдобро. Јас не жалам за ЈНА. Воопшто. Воопшто не жалам за неа, пријателе. Причината зошто...јас мислев...о, заборавете."

„Простете ми, господине. Да не ве навредив нешто?"

„О, не, не! Немајте гајле! Сѐ е О. К. Сѐ е О.К. Не е важно!"

„Би сакале ли да се напиете нешто, или можеби да каснете, господине?"

„О, не знам. Но сепак, да, да, се разбира, би можел да се напијам...и зошто да не...да...не сум јал ништо уште од вчера...што убаво имате приготвено за денес?"

„О, би можел да ви понудам што било, господине. Го сакате ли нашето мени?"

„Не, не. Не е задолжително. Не треба. Сѐ што ми треба сега е...сѐ што ми треба е...-О, Господи!..што беше тоа сѐ што ми требаше...?"

„Љубов можеби...господине?"

„О, не, не! Добар виц, мислите на песната на Битлсите, зар не? Да. Се сетив. Сѐ што ми треба сега е некоја добра риба, шише црвено вино, голема зелена салата и тоа би било речиси сѐ."

„Ништо повеќе?"

„Тоа е сѐ што ми треба засега."

„Да, господине."

„Благодарам!"

Келнерот појде кон пултот. Беше млад, висок, со мустаќи и рамно зачешлана коса. Латински тип. Му спомна за љубовта. Нашиот херој се насмеа. Не се беше насмеал толку долго време.

Околу пладнето се искачи во својата соба. Се изненади од глетката: прозорските окна беа тркалезни, небаре се најде во бродска кабина. Седна на терасата, под сенката на палмите, слушајќи ја музиката на морските бранови, криковите на галебите и радиото од ресторанот. Така залулкан, не знаеше кога и како заспал. Спиеше на шезлонгот до зајдисонце.

Сонуваше некои чудни сништа. Некаква сирена (полудевојка, полу златна рипка) пееше прекрасна етерична песна, беше гола, и единствена природна облека ѝ беше долгата и светла коса со чија помош се обидуваше да го фати и да му го обвитка вратот, и како што се обидуваше да го стори тоа, нејзиното лице од најубава сирена се престоруваше и обезличуваше во најгрда вештерка. Не беше јасно притоа дали сака да го освои, или да го уништи, задушувајќи го истовремено. Танцуваше како стија околу него и пееше како Рајска Птица, предизвикувајќи го и заведувајќи го...

Се разбуди сиот возбуден и облиен со пот. Имаше шише кисела вода на масата. Беше многу жеден. „Рибата плива три пати - првин во морето, потоа во тавата и најпосле во виното", се сети на досетката од келнерот кога ручаше.

Но сега, во неговата верзија, рибата пливаше уште два пати: во неговиот сон и во шишето со минерална вода.

Се вртkaше наоколу низ терасата. Однекаде се појави една голема и гојна црна мачка, стоејќи на работ од терасата, близу до ламаринениот ќунк. Можеби намирисала риба во мојот сон, исто така, мислеше тој, смеејќи се на сопствена сметка. Тоа беше шестата смрт на рибата. Сепак, седмата смрт е најопасна и неизбежна. Таа можеби ме дебне токму мене, се наежи наеднаш сиот при помислата на седмата смрт. Мачките имаат девет животи, а мене и две би ми биле премногу, а не пак дури седум.

Во тој миг, од црквената камбанарија изби вечерната. Од плочникот одекнуваа рамномерните и тропотливи чекори на ретките минувачи.

Мир му ја облеа душата. Краткотрајната загриженост од утринава исчезна. Уште еден долг топол летен ден беше зад него. „Слава му на Господа во височините, на земјата мир, а меѓу луѓето добра волја," помисли тој за миг на своите детски години кога татко му постојано и непрестано го упатуваше на Божјата молитва. Набргу, се вотна надвор и го праша портирот каде е касарната. Беше мошне лесно да се најде. Беше токму на аголот од улицата. Се врати назад да ги земе документите за дежурниот офицер, бидејќи пасошот го остави на рецепцијата, а оние за неговиот братучед му ги бараа насекаде по воените установи, особено поради тоа што беше странец. Веднаш ја најде касарната и се пријави на стражарницата. Немаше никој да зборува англиски. Требаше да се издржат сите оние вообичаени долги објаснувања со помош на рацете, гримасите и гестовите, сè дури не се разбраа.

Најпосле, на големо разочарување, сфати дека братучед му не е тука и дека никогаш ни не бил на островот Вис. Воопшто не знаеја да му кажат каде, или да го упатат како да го најде и каде би можел да биде во тој момент. Само грчеа рамиња и креваа раце. Црната и празна серија на неговата залудна потрага по братучед му, продолжуваше. Оваа последна неуспешна епизода, не ветуваше ништо добро.

Кога се врати во хотелот, почна да се стемнува. Седна надвор од ресторанот, близу морскиот брег. Сè уште беше истиот келнер и две млади двојки: двајца морнарички офицери, облечени во бели униформи, со своите придружнички, блондинка и бринета. Беа весели и опуштени, прославувајќи нешто мошне шумно. Набргу келнерот му рече дека тие се интересираат за него и дека го покануваат да им се придружи доколку нема ништо против.

Тој љубезно им се заблагодари и по извесно време се упати кон скалите што водеа до неговата соба на катот.

Пред него беше уште една долга летна ноќ што требаше да се преживее.

Немаше ништо за читање (кратката сторија на Труман Кепоти „Појадок кај Тифани" веќе беше прочитана и препрочитана), немаше ни весник, ни радио или ТВ-приемник, немаше друштво, немаше ништо. Беше сам и за никаде. Немаше никој освен самиот себеси и таа долга летна ноќ, што веќе почнаа да ја навестуваат првите ноќни светилки откај ресторанот. Требаше да легне со кокошките, да спие, а

штотуку беше станал од спиење. Беше тука, во оваа разурната земја, илјадници и илјадници милји далеку од својата родна американска грутка, обидувајќи се да

го спаси, да го откине, да го откачи својот братучед Борис од шепите и канџите на таа крвава ЈНА, што веќе беше целосно растурена, неговиот братучед, кого само еднаш го имаше видено пред тоа; тој беше сам, толку сам, толку многу сам, „небаре тунел", како што некогаш пееше народниот поет од една латино-американска земја, под заумниот паметник на исчезнатите цивилизации од височините на Макчу Пикчу* (помисли за миг дека на драго срце би се претворил и во обичен папагал да е само до него, во собата на тој поет) и почувствува некаква слабост, некаков сомнеж во сè и сешто, некаков страв од сè и дека сè е залудно и загубено засекогаш во оваа туѓа земја, каде што (еднаш, во дамнешни времиња) живееја неговите директни предци, и сега, тој е само еден мал остаток од опашката на ѕвездената прав од минатото и само една кружна честичка во вселената, еден изгубен вител во ружата на ветровите.

- КОЈ СУМ ЈАС?-се вовлече, се притаи како сенка подмолна во него прашањето, небаре му го поставува некој предок од „смачканото племе" во свеста, уште од дилувијалната збрка на вековите - сè до денешни дни.

- GNOTHY SEAUTHON-како негово грчко ехо во најдлабоката смисла на Зборот што е за паметење и најпосле:

- нашиот мал херој, прашувајќи се себеси, исто така, во оваа изгубена соба, во овој мал хотел, на

---

* Пабло Неруда

овој изгубен остров, можеби токму на крајот од светот, во овој мал светилник што светка низ ноќта, промрмори повторно:

- КОЈ СУМ ЈАС?
- ШТО ПРАВАМ ЈАС?
- КАЈ ОДАМ ЈАС?

И одговорот: - Мора нешто да сум згрешил, штом почнав да ја играм таа голема ГРЧКА ИГРА, преправен пред новата Питија на Делфи, што сака да ме проголта сиот. Сега и тука. На крајот од светот.

Но ајде да поспиеме троа. Утре е нов ден. Покрај тоа, велат, утрото е поумно од ноќта, зар не?

Утредента, тие се вратија во Сплит. На палубата од траектот немаше никој освен нив двајцата и две млади девојки, истите русокоса и црнка, кои минатата ноќ беа во ресторанот со морнаричките офицери во бела униформа.

Виола изгледаше малку уморно. Беше бледа како и секогаш, но сега таа прилегаше на некој што не спал цела ноќ. Нашиот херој, исто така, остана буден сè до првите петли. Тие седеа во ќошот од палубата, во тишина на својата самотија, како две изгубени птици од своето јато.

Во очигледна спротивност со нив, младите русокоса и црнка беа во своето најдобро расположени

расположение. Беа изложени на сонцето, сончајќи се во топлес, легнати на шезлонзите, слушајќи музика од големиот касетофон, мошне гласно и одвреме-навреме се забавуваа играјќи лудо, бесно, смеејќи се на сет глас, шегувајќи се, подигрувајќи се низ вресок, чалам и дофрлувања. Виола беше сета стушена поради тоа.

Нашиот херој стана и ја поведе кон спротивната страна на палубата. Младите русокоса и црнка беа троа сепнати од нивната реакција. Кога поминуваа покрај нив, русокосата се обиде да го фрли на теме нашиот херој, удирајќи го ѓоа случајно со колковите при поминот, нишајќи се и предизвикувајќи го со својот огнен танц. Таа беше добро скроена, во секој поглед, како впрочем и секоја друга модерна девојка што трча на сите страни и вози триста на час. И што е најважно, времето на грдите, слабодушни и анорексични девојки беше одминато за навек. Твиги беше déjà vu. Сепак, тој ја откачи и не ѝ обрна внимание. Нејзината очигледна бесрамност да предизвика некоја брза реакција од негова страна, тој веднаш ја проспе. Беше мртов ладен. Не даваше ни пет пари за нејзините мавтања и поздрави.

„Мјао! Мјао! Мјаооо! Хај, мачо-мен-Америкен!" му мјаукаше таа, обидувајќи се да го збрка со своето знаење на неколкуте англиски фрази, велејќи: „Еј, ти, голем галебе, летај, летај, најголема птицо над овој брод!"

Најпосле, играта на зборовите ја погоди целта.*

„Оди по ѓаволите!" рече нашиот херој- „таму е сестра ти страчка! Но и ти не си сачка-прачка!"

* Игра на зборови: mew значи и галеб, но и наивна будала во англискиот сленг.

Беше навистина изнервиран. Успеа да го налути. Не можеше да мине преку тоа. Виола се совлада. Таа само ја сврти главата од нив, бесчувствена за нејзините предизвици: Крескава сојка!... Крескава сојка!..." мрмореше таа. И веднаш потоа изусти: „Господи, чувај нè од нечестивиот и не воведувај нè во грев! "

Кон крајот на патувањето, тие се спуштија долу во потпалубјето, далеку од острвените и лакоми птици грабливки - русокосата и црнката.

Патуваа околу три часа до Сплит. До пладнето, времето се смени. Бонацата заврши. Задува трамонтана. Според временската прогноза, на Јадранот дуваше северен ветер. Чувство на олеснување се разлеа врз нивните лица. Тоа беше убаво и неочекувано освежување. Немаше никаква опасност за нивниот брод. За среќа, веќе беа близу до пристаништето. Полека влегуваа на докот и набргу ја фрлија и котвата. И веднаш, најбргу што е можно, тие истрчаа кон нивниот Чироки, избегнувајќи ја луњата и невремето речиси токму во последен час.

Тој беше мошне внимателен кон неа. Во секој поглед. Се трудеше да ѝ угоди во сѐ, но во тоа сепак немаше ништо претерано. Никогаш не одеше премногу далеку, секогаш усрден, разумен, пристоен, тоа не го чувствуваше како некоја своја обврска, должност, како товар да му паднал на грб, или нешто слично на тоа, ами токму напротив, нему просто му годеше да ѝ ги прави тие ситни нешта и постојано да ѝ укажува внимание, бидејќи таа никогаш не побара помош од него, никогаш не го стори тоа. Таа беше речиси бестелесна, етерична, девственица, понекогаш дури и по малку нестварна со сета таа своја скромност, ненаметливост и притаеност. Но што и да кажеме за една таква посветена личност каква што беше Виола, ние сепак мораме да сфатиме дека на крајот од краиштата, секој од нас е само човек и никој не е совршен и нераглив. Помалку или повеќе. Нема никакво сомнение дека таа беше толку истрајна и предадена на верата што можеше да се лишува и да се самооткажува од сите свои лични желби, од сѐ што нам, на обичните смртници, ни создава маки, но таа навистина умееше да трпи со денови и денови без каков и да е знак дека ќе му подлегне на искушението. Беше навистина тврдокорна и трпелива. И не само по прашањето на постите, се разбира.

На пример, ако тој нешто ѝ потспомнеше за јадење, таа секогаш одговараше дека веќе јадела, во црква ли, во болница ли, во манастир ли, кај било, главно, кај неа секогаш сѐ беше на место, никогаш

ништо не ѝ фалеше и недостигаше. Ако ја прашаше пак нешто сосема обично, како - Дали ѝ студи, или ѝ е жешко - таа секогаш одговараше - Немај гајле, со мене е сѐ во ред, или така некако, без оглед на нејзината облека. Таа секогаш беше облечена на ист начин - во нејзината калуѓерска униформа. И никогаш не се потеше. Тоа за него беше мошне чудно, бидејќи од него потта се слеваше во потоци.

Во извесна смисла, таа живееше во една целосна обземеност со Господа, така што речиси и не чувствуваше ништо што е во врска со алките што нѐ врзуваат за синџирите на овој свет. Таа беше во некаква навидум апстрактна позиција кон нашата реалност и не ја загрижуваа отповеќе нашите мали човечки слабости. На некој начин, таа беше навистина вонземна, или во најмала рака, несекојдневна.

Но сега, со налетот на трамонтана, по кусиот пролом на облаците и луњата што надојде одненадеж, седејќи таму, покрај него, толку близу што тој речиси можеше да го сети и мирисот на нејзината кожа, нешто сепак се измени. Тоа беше мирис на младо тело, мирис на природата. Ја почувствува блиска (несвесен дотогаш за тоа), го почувствува нејзиното трепетно тело покрај себе, можеби таа беше малку исплашена поради тие разорни грмотевици, поради тие луњичави молскавици што можеа да го заслепат човека, можеби беше, којзнае, и таа трепереше, беше жива каква што мораше да биде, и беше тука, покрај него, како некоја уплашена и наврната птица по дождот што немирно рее врз стеблото на последното засолниште и секој миг се готви да полета, да се вивне, поттикната и од најмалиот шум (таа, исто така, не беше свесна за своите трепнежи), небаре гранка, небаре жица во невреме и небаре „трска што се ниша на ветерот".

И веднаш потоа, во истиот тој миг, тој сети срам поради предавничката улога на сопствените сетила и чувства кон нејзината близина, од која, и да сакаше, не можеше да се ослободи.

*Господи, дај ми мирно да го примам сѐ она што ќе ми донесе денешниов ден, како и тоа, потполно да се предадам на Твојата света волја. Упатувај ме и помагај ми во секој час во текот на овој ден. Какви вести и да чујам, научи ме мирно да ги примам и со цврсто уверување дека сѐ станува по Твојата света волја. Управувај со моите мисли и чувства во сите мои дела и зборови. Не позволи во сите непредвидени случаи да заборавам дека сѐ доаѓа од Тебе. Научи ме правилно да се однесувам спрема своите родители и спрема ближните; никого да не налутам, нити да ожалостам.*

*Господи, дај ми сила да го поднесам заморот на денешниот ден, како и сѐ она што ќе се случи во текот на денот. Ти упрвувај со мојата волја и научи ме да се молам, да верувам, да се надевам, да истрпувам, да проштевам и да љубам. Амин!*

Секојдневна молитва
на Оптинските старци

По два часа, Мат излезе надвор и донесе храна. Довлече некаква голема свитка со fast food. Тој се наведна и ненадејно, почна да се моли. Се сети на секојдневната молитва на Оптинските старци, што ја научи уште многу одамна, уште од деновите кога татко му го водеше во Руската црква, во Њујорк. Виола, исто така, беше изненадена од неговата постапка. Не очекуваше дека тој пред јадење се моли. Тоа пријатно го прими. Подзеде троа од јадењето, молкум следејќи го во сѐ. Набргу потоа, заминаа на пат. Нивната прва станица беше Неум. Влегуваа во Босна. Немаше никој да ги провери

нивните документи. Неум беше првиот мал град на границата со Босна. Границата не беше обележана (и никогаш не била), се разбира. Никој не знаеше ништо за распоредот на воените сили на отворениот фронт во Босна. Никој, воопшто. Тие сал возеа потамина, едноставно свртувајќи од Е-65 кон Е-73 на патот за Сараево. Таков беше нивниот првичен и општ план. Крајната цел им беше: Сараево. Сараево беше нивната последна шанса. Последната надеж да сторат нешто. Се разбира, тој не пропушти да ја праша уште еднаш токму кога пристигнаа во Неум, и тоа беше последен пат што ја праша, дали сака да се врати во Дубровник пред да решат ќе одат ли понатаму или не, но таа одби да зборува за тоа и веднаш го прекина.

„Одам со тебе,"рече таа. „Ти реков и ти велам уште еднаш. И нека биде тоа за последен пат. Дефинитивно. Тебе ти треба мојата помош. Ти си

туѓинец овде, човеку. Ништо не ти е познато во оваа туѓа земја. Некој мора да ти помогне. Господ ми даде зарек дека тоа сум токму јас".

„О Господи!" рече нашиот херој. „Та што зборуваш ти? Тоа е премногу опасен пат. Зарем не гледаш што се случува околу нас? Овде е војна! Војна! Ме слушаш ли ти? Тоа не се... трици и колчишта!"

„Знам. Знам, се разбира. Но слушај ме и ти мене: - Ви велам, пријатели мои, не плашете се од оние кои го убиваат телото и потоа веќе немаат што друго да сторат. Но ќе ве предупредам од кого да се плашите. Плашете се од Оној што има власт над оној што убива и откако ќе убие да го фрли во пекол; да, ви велам, од Него плашете се!"

Тој сфати. Немаше веќе што да се каже на едно вакво упорно, истрајно и крајно посветено човечко суштество. Посветено на Господа, на верата, на идејата за светата вредност на саможртвувањето.

Не рече ништо.

„Тешко мене!"си мрмореше под брада. Ги симна рамењата. И прекрстувајќи се, продолжуваше да вози во истиот правец. По неколку часа, откако дождот се истури врз Сплит, сонцето повторно скокна високо над хоризонтот и продолжи да грее, да пече, враќајќи ја истата тропска горештина. И дишењето беше отежнато. Краткотрајното освежување секна. Го фатија пак врелиот опаш на летото. На патот речиси немаше никаков сообраќај. Барем, во почетокот на нивното патување низ Босна.

Но првите изненадувања допрва ги очекуваа. Не беше потребно да мине многу време за да се уверат во тоа. Во предградието на секој поголем град, село или населба, шаваа некои нерегуларни, паравоени формации и чети, облечени во некои мошне чудни

униформи (сите различни по ред) и се нарекуваа себеси Територијална Одбрана, а секој војник беше облечен на свој сопствен и различен начин од другиот до него, но сите беа мошне упорни, настојчиви, тврдоглави, непопустливи, чекајќи го, дебнејќи го секој случаен намерник и патник зад следниот свијок на патот. Мораше да се биде крајно стрплив и внимателен за да се издржи сета таа тортура и беззаконие. Но тој знаеше што треба да прави. Се водеше Граѓанска Војна, зар не? Така, се обидуваше да си ја олесни работата, слушајќи музика од радиото во џипот. Постојано течеше некаква музичка програма, која често беше прекинувана со вести и политички коментари. Виола му преведуваше од српско-хрватски.

ОВДЕ РАДИО-БЕЛГРАД. ТОЧНО ВРЕМЕ. (гонг) СО УДАРОТ ВО ГОНГ, ОЗНАЧИВМЕ ТОЧНО ДВАНАЕСЕТ ЧАСОТ. ДАВАМЕ ВЕСТИ.

*Лордот Карингтон е во право. Меѓусебната омраза е премногу голема за да може да се биде оптимист. Макар што тоа може и поинаку да се каже: целта на воената политика не е мирот, особено кога таа својата работа допрва ја започнува. И кого може тогаш да го чуди тоа што ниту по 24 часа не е реализиран договорот од Игало за прекин на огнот?Карингтоновата мировна мисија југословенските богови на војната успешно ги доведе до мастилото и потписот, но очигледно непреодоливиот шарм на барутот на сецесионистичката политика моментно е посилен од разумот. Вчера на лордот Карингтон и на Ханс Ван ден Брук со писмо им се обрати и сојузниот секретар за народна одбрана Вељко Кадиевиќ, укажувајќи на тоа дека оружените*

*хрватски формации не само што не престанале, туку уште и ги интензивирале нападите на ЈНА, наспроти тоа што единиците на ЈНА апсолутно се придржуваат на наредбата за прекин на огнот. ЈНА, тврди Кадиевиќ, е доведена во ситуација да ја брани и спасува "елементарната егзистенција на своите припадници". А дека армијата е во сè потешка состојба и дека конфликтот сè повеќе ескалира сведочи и сè пошироката мобилизација на луѓе и средства, кои во Република Србија се објавуваат преку радиото и ТВ речиси секојдневно.*

*Како да се запре хрватскиот бог Марс? Како да се ослободиме од илузиите дека Туѓман е производ на Милошевиќ и т.н. и т.н.*

РАДИО-ЗАГРЕБ, од друга страна, дава спротивни вести. Хаосот што го предизвикува југословенската воена сцена, со невидена брзина се шири и на фреквенциите на средноевропските и другите бранови должини во етерот.

Вестите на радио-Загреб течат вака:

*Кратката надеж дека Игало ќе биде првиот чекор кон примирјето, ја засили експресната одлука на министерот за одбрана Лука Бебиќ за прекин на огнот. Но неа, веднаш по враќањето во Бански Двори, ја измени претседателот на Републиката Фрањо Туѓман, отфрлувајќи ја Бебиќевата одлука на конференцијата за печатот, радиото и ТВ-та. Утредента, сменувајќи го својот министер за одбрана, претседателот Фрањо Туѓман изјави дека ЈНА произведува војна, дека хрватскиот бог Марс е директно условен од*

*милитантниот Милошевиќ и дека хрватската воена политика е исклучиво одбранбена... и т.н. и т.н.*

РАДИО-САРАЕВО, за разлика од радио-Белград и радио-Загреб, кои правеа некаква ретроспектива за почетоците на воените судири во Југославија, даваше конкретни актуелности од веќе разгорените воени дејствија во БиХ.

*- Генералот Луис Мак Кензи од УНПРОФОР, одговорен за контролата на аеродромот Бутмир, во Сараево, побара деблокирање во склад со Резолуцијата 758 на Советот за безбедност при Обединетите нации;*

*- Снајперистите во Сараево се мошне активни. Тие пукаат постојано и насекаде. Ги има во сите делови на градот. Особено близу аеродромот, а исто така и во населбата Добриња. Има и ранети војници од УНПРОФОР. Ги има и на правецот од српското*

*село Меџариќи. Тоа е на патот за Добриња. Србите ги мобилизираат дури и нивните деца од околните села;*

*- Во општината Центар, во Сараево, има детонации секој ден и снајперистите ги убиваат минувачите. На некои згради луѓето истакнуваат предупредувања од која страна доаѓа опасноста:*

*ПАЗИ СНАЈПЕРИСТ!(со цртеж и стрелка откаде доаѓа истрелот).*

*- Трамвајските мрежи се испокинати на многу станици во градот;*

*- При нападот на градот Травник од страна на ЈНА, при бомбардирањето се употребени ракетите "Луна", долги 9 метри и тешки 2,5 тони;*

*- Алија Изетбеговиќ објави дека силите на Територијалната Одбрана на БиХ се состојат од борци од муслиманска, хрватска и српска националност, но*

*тој исто така објави дека никогаш нема да преговара со Радован Караџиќ, бидејќи неговите раце, како што рече тој, "се крвави, дека тој е криминалец и убиец и дека е крив за смртта на десетици илјади Босанци". Но тој, сепак, не даде одговор на прашањето од некои странски новинари за учеството на муџахедините-војници во редовите на одбранбените сили на БиХ;*

*- Воздушните сили на Југословенската Народна Армија ги испраќаат своите авиони од Бања Лука, дел на Босна под целосна контрола на Србите. Во градот Горажде, реката е затруена со мртви тела и граѓани што бегаат од српските снајперисти, а со вода се снабдуваат од околните извори. Опсадата на градот започна пред 135 дена. Нема храна, нема лекови... во болницата докторите оперираат без наркотици, без анестезија, изјави д-р Хајо Ефендиќ, градоначалникот на Горажде. Луѓето обично јадат леб, компири и зеленчук што е посаден во нивните сопствени бавчи. Има многу бегалци, што бегаат од етничкото чистење. Нема вода и струја уште од 4 мај. Низ реката Дрина сѐ уште пловат трупови, убиени при судирите во предградијата, а војната надојде со поројни и матни води;*

*- Би-Би-Си и АП информираа за смртта на 16 граѓани во Сараево на 28 мај, во улицата Васа Мишкин, додека чекале во редица за леб. Некои неофицијални извори нѐ информираат дека овој масакр го извршиле самите Муслимани, бидејќи тие посакуваат да ја придобијат меѓународната јавност на своја страна, барајќи општ напад врз Србите. Тоа е можно, бидејќи Србите, во најголем дел, се надвор од градот, заклучува на крајот репортерот на "Индепендент" од Њујорк;*

*- На 10 август се затвораат Олимписките игри во Шпанија, Барселона.*

Да се помине растојанието помеѓу Неум и Сараево, преку Метковиќ, Чапљина, Мостар и Коњиц, кое не е поголемо од 170 клм., со просечна брзина при возењето, најпрвин треба да се има еден добар Чироки и тоа може да се стори за 2 до 2,5 часа. Но тие патуваа повеќе од 6 часа, со цела дузина сопирања и долги проверувања од страна на ТО на БиХ и на некои хрватски формации. Постојано беа предупредувани да бидат внимателни и да се чуваат особено од Србите (а Србите ќе им зборуваат за нивните непријатели Муслиманите, или Хрватите) и обратно.

Како и да е, тие пристигнаа во Сараево токму навреме да слушнат за смртта на американскиот новинар од ЕјБиСи, Дејвид Каплан. „Тој беше во придружба на премиерот на СР Југославија, Милан Паниќ, кој го посети Сараево," изјави радио-репортерот на вестите. Беше 14 август, 15,30 часот, попладнето.

Решија да отседнат во хотелот „Европа", избегнувајќи го пофреквентниот „Холидеј-ин". Не беше јасно дали ги сака среќата или не, но беше очигледно дека периодот помеѓу 12 и 17 август беше обележан како краткотраен прекин на огнот и непријателствата. Детонациите и бомбардирањата од правецот на Илиџа, Илињача, Илијаш, Вогошќе, Рајловац и Храсница, запреа за миг. Главната причина зошто настана прекинот толку одненадеж беа можеби подготовките на мировната конференција во Лондон. Којзнае. Можеби и не беше така, но во секој случај,

тоа не беа Олимписките игри во Шпанија, тоа сигурно не.

На островот Вис мајорот му препорача да ја посети касарната во Луковица. Тој мислеше и се надеваше дека тоа е можеби конечната и највероjатната дестинација до неговиот братучед.

Беше доцна попладнето кога сврти на патот кон Луковица, со такси кое дебело го плати.

„Да бидам искрен, господине Џордан, јас не би ви препорачал да одите таму. Поарно, одете во кино и гледајте го 'Балот на вампирите' со Роман Полански. Но ако сте решиле така...среќен ви пат. Не знам. Обидете се, но не ви гарантирам ништо", го предупреди портирот на рецепцијата во хотелот. Немаше избор. Ја зеде Виола, иако по малку се двоумеше дали да појде сам и најпосле сепак се реши да ризикува. Тргнаа заедно за Луковица, најголемата касарна во Сараево. Младиот дежурен поручник што беше на служба, беше мошне учтив. Мат беше пријатно изненаден поради тоа. Не очекуваше таква пресретливост по навестените предупредувања. Младиот офицер му вети дека доколку неговиот братучед е војник на ЈНА сè досега и доколку немаат никаков друг доказ за неговата постојана служба, како што ги информираа на островот Вис, тогаш тој до утредента ќе биде готов да ги извести по телефон, или лично ако повторно го посетат, за нивниот нареден чекор. Откако му заблагодари на љубезноста, нашиот херој го праша за неговото име.

„Јас сум поручник Симиќ", рече тој.

Се поздравија и веднаш си заминаа назад, во својот хотел.

Утредента, уште рано изутрината, поручникот Симиќ го одржа своето ветување.

„Имам добри вести за вас, земјаче. Вашиот братучед се наоѓа во Бања Лука. Касарната се вика др Младен Стојановиќ, веднаш во центарот на градот, кај авенијата на липите, покрај реката Врбас и спортскиот центар Борик. Можете веднаш да заминете таму."

„Дали би биле љубезни да ни издадете некакво парче хартија, некаква пропусница, или нешто слично на тоа?"

„О, не, не, пријателе. Не е потребно ништо такво."

„Но таму е војна, зар не?"

„Напротив. Овде е војна. Таму е слободната српска зона. Новата Српска Република. Српска Краина."

„О, навистина?"

„Да, пријателе. Не грижете се."

„Благодарам, поручнику!"

„Нема зошто."

„Ме изненадивте. Не очекував таква љубезност, морам да признаам. Имав некои лоши препораки. И претчувства, зошто да кријам."

„Не е моја вина. И, патем речено, причината не сте вие. Вашиот братучед е наш војник, наш борец. Инаку, вашата улога како Американец мене не ме засега многу. Воопшто не ми е грижа. Ако сакате да го слушнете моето лично мислење, тогаш отворено ќе ви кажам: Америка греши. И тоа, дебело. Ќе видите. И самите ќе се уверите во тоа еден ден. Ние бевме сојузници во минатото. Бевме секогаш на иста страна. Секогаш. Запомнете го тоа што ви го вели поручник Симиќ!"

„Збогум, пријателе!"

„Збогум! И многу среќа!"

Така, тие заминаа за Бања Лука. Изгледаше како да навлегоа во просторите кајшто се вијат ѓаволски

ора, кајшто се садат тикви со ѓаволот. Нивното патување од Сараево за Бања Лука беше полно со бројни и разновидни непријатни изненадувања. Особено од Травник до Доњи Вакуф и Мркоњиќ Град, а најлошто искуство го имаа на патот од Јајце и Крупа - последниот дел од патот. Некои вооружени групи војници (цивили, какви ли беа) пукаа на нив и покрај сосема јасните и видливи знаци за службата на Црвениот Крст, чие возило беше јасно обележано. Виола мавташе со бело знаменце сето време, но сè беше попусто. Изгледаше како да ѝ пружаш рака за поздрав на мечка во дивината. За среќа, ламарината на нивниот Чироки се покажа мошне цврста. Тие забележаа, исто така, големи групи селани, што одеа во толпи и се движеа по патот, бегајќи и напуштајќи ги своите домови и живеалишта. Тоа беа бегалци. Нивните села беа опожарени. Тоа беше вистински егзодус. Одвреме-навреме, беа принудени да запираат и да се измешаат со воловските запреги, со нивните претоварени коњи, маски и магариња и да чекаат со часови и часови. *

• Во подоцнешните фази на војната во БиХ, етничкото чистење ќе зафати широки размери и големи простори низ сета босанско-херцеговачка земја, како и во делови на Хрватска и Косово. Се цени дека во Граѓанската војна на просторите од бивша Југослвија загинаа над 300.000 жртви, а оние кои ги изгубија своите домови и ден-денес се водат како раселени лица, без соодветни места за пристојно и хумано живеење. Такви има од сите народи и народности од бившата држава. Ќе протечат многу води низ крвавите реки на историјата за да се посочат причините и виновниците за таа трагична, грозоморна и апсурдна

војна. Екипи од најразлични меѓународни организации и ден-денес копаат и прекопуваат, барајќи човечки остатоци низ многубројните масовни гробници. Насекаде се расеани "спомените" на таа војна. Нозе, раце, облека, чевли, коски, скелети... тоа стана редовна слика на трагичната "жетва" од некогаш плодните ниви и ливади, каде што наместо орачи, низ нив сега одат, шетаат и прекопуваат разни лекари, судии, офицери,олеснувачи,проценувачи, форензичари, барајќи дупки во остатоците на облеката, куршуми во телата, правејќи ДНК и доутокмувајќи ги бескрајните списоци на исчезнатите. Околу 7.800 - 8.000 Муслимани, мажи и деца, во три дена,

Најпосле, пристигнаа во Бања Лука.

Бања Лука е прекрасен град, распослан покрај зелените ракави и врбјаци на Врбас. Насекаде по улиците се надвиснале дрвореди од украсни стебла, од кои некои доживеале до две-три големи војни, а не ретко и такви, кои во топлите летни денови му правеле дебела сенка и на кајзеровиот солдат и на султановиот аскер. Лесно ја пронајдоа главната улица, што се протега сѐ до Авенијата на липите. Тој дел на градот го нарекуваат Борик, што впрочем сосема и му прилега, бидејќи сиот е обвиткан во борови и ели. На крајот од улицата се наоѓа големата касарна уште од австро-угарското владеење, во поново време крстена како др Младен Стојановиќ. Запреа пред влезот и се пријавија кај дежурниот офицер. Тој се покажа мошне сомничав.

„Како рековте? Американец? О, не, не господине! Не доаѓа предвид. Не даваме никакви информации на странци. Најмалку на американски граѓани."

„Но кажи му, Виола! Кажи му кој сум јас. Кажи му за моето потекло, те молам!"

Таа преведе.

Најпосле, тој го смени мислењето.

---

ќе бидат убиени од босански Срби во Сребреница, кон средината на јули 1995 година. Се цени дека тоа е веројатно најголем масовен геноцид по Втората светска војна. Масовни гробници ќе се отворат и кај Бљечево, Братунац, Сандиќи, Пилица, Поточари, Лолиќи, Кравица, Коњевиќ Поље. Масовни убиства ќе се вршат во близината на Приједор, кај Кевљани, близу до камповите Омарска, Кератерм и Трнопоље. Во западна Краина, околу 4.000 тела ќе бидат закопани во над 110 масовни гробници. И т.н. и т.н.

„Да, да. О.К. Како рековте? Борис Јорданов?"

„Да."

„Да видиме!"

Тој телефонираше. Зборуваше со некого повеќе од десет минути. Најпосле, ги симна рамињата, гледајќи ги безмалку отсутно и рамнодушно.

„Жал ми е," рече. „Не постои никој со такво име кај нас".

„Но тоа не е точно! Тоа не може да биде! Тие се шегуваат, зар не. Виола, те молам, кажи му да провери уште еднаш! Те молам!"

Таа пак преведе.

„Како да проверам? Па веќе прашав, зар не?"

„Но ние ја прокрстаривме цела Југославија, барајќи го него... господине офицеру..."

„Не можам ништо да сторам. Не е моја вина."

„Но како можете така? Ни беше речено во Сараево дека тој мора да е тука, овде, во Бања Лука, во касарната на др Младен Стојановиќ. Тоа е ова, зар не?"

„Жал ми е, не можам да ви помогнам."

„Дали е тоа вашиот последен збор?"

„Да. É."

„О, Господи! Што да правам сега?"

„Не знам. Прашајте ја вашата Влада во Вашингтон, или во Скопје, кај било. Македонија се оддели од Југославија. Тие ќе ви дадат најдобар совет."

Гледаше директно во нив, горделиво, самуверено, триумфално. Најпосле, им сврти грб и си замина некаде во обиколка околу кругот на касарната. Беше готово сè. Немаше веќе што да се бара. Беа целосно разочарани. Беа очајни. Беа неми и глуви за сè, не можеа веќе да изустат ниту еден збор, само стојеа и ѕуреа немо во војникот на капијата кој тивко им

зборуваше, безмалку шепотејќи да не го слушне некој дека би можеле да проверат и кај касарните во Назарет, кај Залужани, или дури и на планината Мањача, каде што, исто така, имало големи воени формации, но тој се плашеше да го продолжи понатамошниот разговор со нив и да им даде некои поблиски упатства како би можеле да стигнат до таму. Беа неспособни да помислат на што и да е во тој момент, не можеа веќе да мрднат од место. Стоеја со часови таму, нерешителни, несвесни за тоа што се случи со нив, не верувајќи, не очекувајќи таква перфидност од страна на војните власти на ЈНА, некадарни да изменат што и да е од она што ги снајде.

Што беше сето тоа?

Што се случи со тие луѓе? Кои се тие? Знаат ли воопшто што прават? Се работи ли навистина за човечки суштества? Што се случи со нив? До вчера се нарекувавме браќа, другари, мрмореше Виола, крстејќи се. Да, но во војната сите стануваат ѕверови, мислеше во себе Мат, изгубен и нем.

Не знаеја кога и како заминаа оттаму. Нашиот херој тргна одненадеж, со некоја нејасна стрежба како да се добере до Загреб, до најблискиот аеродром. Ја поминаа реката Врбас. И наместо да фати преку покусиот пат кон Босанска Градишка, тој се реши да го почитува сообраќајниот знак кон Загреб преку Славонски Брод, што води кон автопатот Е-94. На патот пак среќаваа големи групи луѓе во движење. Беше принуден да запре кај подножјето на една шума. Некои војници, враснати во бради, бараа цигари, виски, распојасани и веќе очигледно, добро поднапиени. Ги вперија своите митралези кон нашиот херој и му наредија да излезе надвор. Тој веднаш ги послуша, се разбира. Виола, исто така, не беше поштедена. На една висорамнина кај шумата имаше два камиона и во нив ги товареа и прифаќаа старците, жените и децата. Беше сосема јасно дека ги евакуираат. Помалите дечиња плачеа на сет глас. Сликата беше ужасна. Но сега, тројца од групата на пијаните војници ги придружуваше во спроводот кон нивниот командир. Длабоко во шумата одекнуваа некои поинакви крикови. Тие видоа група млади жени како ги силуваат други пијани војници. Тие си ја тераа својата работа под полна пареа и воопшто не ги забележуваа новопридојдените што поминуваа покрај нив, низ тоа бојно поле од бес, жестина, сексуално иживување, пијанство, блуд, насилнички извици на излудени пцишта што рипаат, викаат во хор, се истресуваат и свршуваат, еректираат и пак се истураат врз тие млади жени што ги силуваа, со нивните болни

пискоти и лелеци, со нивниот плач кон децата што им ги откинуваа од градите за да ги маглосаат и витосаат џенем, деф да ги сторат, некаде далеку, некаде откај

што враќање нема. Тоа беше вистински почеток на нивната бегалска Голгота.

Две групи војници, исто така, мошне пијани и крволочни, присилуваа група селани (веројатно татковците на тие деца) да копаат голем ров, окоп долг 10 м, длабок 1 м. Тие копаа покрај дрворедот од чемерики и таму имаше две врзани кобили и еден слободен црн ајгар.

Го донесоа нашиот херој и Виола во една барака и ги оставија сами за миг. Двајца пијани војници од групата излегоа надвор и задржаа еден од нив да стражари над нашиот херој и Виола. Тие сè уште ги слушаа страотните лелеци и пискоти што доаѓаа од надвор. Пет минути подоцна, еден од групата на тројката, капларот, десетарот, всушност, влезе внатре и побара 2.000 долари од нашиот херој.

Тој не му одговори ништо.

Капларот ја повтори уште еднаш својата наредба, но овој пат многу порешително и со многу построг глас. Виола му преведе. Нашиот херој пак ништо не одговори. Го гледаше долго право во очи насилникот, упорно, истрајно, без да трепне, чиниш сака да го хипнотизира.

„Каква сомнителна фаца!" извика војникот.

„Заеби го, брат! Бргу! Немаме време за губење. Смотај му ги парите и да бегаме", извика другиот.

„Смири се, бе, гуланферу еден! Олади! Не брзај!" им дофрли шефот, капларот. „Не биди такво ѓубре, мамичето твое!" опцу тој.

Виола го предупреди нашиот херој да остане мирен и да го чекаат командирот.

Тој не ја послуша. Ја забуца раката во џебот и му подаде наќоро неколку зелени книжни банкноти од по сто долари. Капларот не ги зеде парите.

„Две илјади - на секого!" подвикна тој.

Виола преведе.

Играта стануваше опасна, очебијно. Немаше веќе што да се прави. Сè беше залудно.

„Реков две илјади - на секого! Сè или ништо!" повтори уште еднаш тој, со крајна строгост, со својот анимално груб и вулгарен глас.

Таа преведе.

„Прашај го што намерава да стори ако не му дадеме пари!" ѝ шепна набрзина Мат, повеќе од немајкаде и колку да добие во време.

„Попусто е тоа," му одговори таа набрзина.

„Прашај го, те молам. Не е важно."

Таа праша.

Каплотот се насмеа. Громко и бесрамно. Се ѕвереше во него со своите крвави очи. Најпосле го сврти погледот кон Виола.

„Каква убавица! Колку згодна калуѓерка. Обожувам католички богомолки. Особено - голи!"

Сите прснаа во смеа. Се смееја како луди. Еден од нив дури пружи рака и тргна кон Виола.

„Не ја допирај, мамичето твое!" викна капларот. „Таа е од оние посебните. Треба мазно и нежно со нив. Може е јумфер. Ќе ја повредиш. Мазно и нежно. Ме чу ли, скоту еден?" и притоа ѝ се доближуваше сè поблизу и поблизу, обидувајќи се да ја пофати.

Тогаш нашиот херој скокна.

Тоа беше жестока, но кратка и сосема нерамноправна борба. Беше бргу совладан од тројцата силеџии. Ненадејно, џипот на командирот пристигна пред бараката, алармирајќи ги. Гласот на командирот

беше груб и жесток и откако ја подотвори провизорната врата од бараката, се развика на сет глас: „Што е ова, мајмуни едни?! Сакате ли да ми го

навлечете уште и УНПРОФОР на вратот?! Уште тоа ми е кусо! Марш надвор!"

Сè се случи наеднаш. На брзаница. В миг. Неочекувано, како и што започна сета таа таратунга.

Тројката бргу излета од бараката, со подвиени опашки и низ притаени пцости и чкртање на забите: „Еби се! Еби се! Еби се!"

Излегоа веднаш. Без збор.

Сите беа во некаква луда трка и фрка. Во паника. Ги оставија таму, како фрлени и исцедени крпи. Растреперени и возбудени. Сами. Во бараката.

Веднаш потоа, слушнаа истрели од митралези во далечината и по извесна пауза, некаква страшна, некаква соблазнителна тишина. Тоа беше егзекуција. Слушнаа околу 10-ина пукотници од пушки. Можеби и повеќе.

Криковите престанаа. Засекогаш.

Настана штама и молк.

Беше мошне чудно, но дури ни по неколку часа откако замина тројката, тие не се вратија веќе. Ги заборавија? Дали ги заборавија? Којзнае. Тој помисли за миг дека можеби само така отишле бесшумно, во неврат, гледајќи да ја поправат работата со командирот, да го смират неговиот бес, од страв, страв од казна, што ли... Којзнае. Но тие навистина не се вратија веќе.

Беше како некое чудо.

Криковите на жените, пискотниците на децата, брмчењето на камионите - сè исчезна, сè стивна за миг.

Тие заминуваа.

„О, Господи!" ригна Виола, плачејќи.

Таа почна да липа, тресејќи се сета. Беше толку возбудена. Неутешна. Толку исплашена, што не

можеше да сопре. Тоа беше излив на гнев, болка и одвратност кон сè. Чувства за кои мислеше дека нејзината христијанска душа и срце веќе одамна не се способни да ги сетат. Му падна врз градите, облеана сета во солзи и влажнејќи му го лицето и вратот. Трепереше и плачеше во неговите раце како дете, избезумено и скорнато среде полноќ, по некој грозоморен сон, агонија и кошмар. Тој ја држеше цврсто на своите гради. Таа беше во прегратките на маж за првпат во својот живот. Беше сета впиена во него.

А тој беше нежен. Небаре се трудеше да не ја опфати сета и не ја повреди со нешто. Како да држеше в раце некоја скапоцена стаклена фигура што секој миг може да падне и да се скрши. Дури и не го почувствува нејзиното трепетно тело како допир на жена. Ја чекаше да престане да липа и веднаш штом се потсмири, се обиде да се ослободи од нејзиниот преград и веднаш ја изведе надвор од таа шупа, во која треперea и рееја со часови.

Немаше ни жива душа.

Изгледаше како пеколот да царува наоколу. Поминаа покрај дрворедот од чемерики, врз кои притулено демнеа вечно гладните страчки и другите раскрекани грабливки и стрвојатки, небаре Лот со својата жена (еднаш во дамнешни времиња) поминува покрај Мамрисовиот даб близу Хеброн, крај Содома и Гомора. Но сега немаше јама, ни окоп. Имаше само свежа хумка, затрупана, пополнета набрзина. Можеби токму претходните копачи се беа закопале себеси во своите сопствени гробови. Којзнае.

Тука беа само двете заборавени, врзани кобили и истиот слободен црн ајгар, рипајќи, ’ржејќи, јавајќи и играјќи ја на свој посебен и различен начин (можеби

на најреалистичен од сите други) нашата добро знајна КИКАРА- или ГНИЛА КОБИЛА, како што ја викаат некаде во нашите краишта.

И дури и покрај тоа што таа го сврти погледот наназад кон хумката, не стана солен кип како Лотовата жена, но беше толку онемена, потресена и изгубена, што чиниш, прилегаше на сенка што оди.

Го најдоа својот Гренд Чироки  оштетен. Задните прозорски стакла и шофершајбната беа испокршени. Без оглед на сè, влегоа и тргнаа веднаш. Пред нив патот беше ширум отворен. Десет минути подоцна, во правец на Славонски Брод, сретнаа некои војници што се повлекуваа. Веројатно им припаѓаа на последните водови и чети од претходните трупи, исто така, пијани, брадосани, валкани и распојасани кабадахии. Тие креваа раце да им застанат, но тој решително ја зголеми брзината и помина покрај нив, биен и тој и таа со остриот провев што ги удираше право в лице од испокршените стакла на џипот. Во тој момент, одекна митралески рафал. Беше свесен, истиот тој миг, дека таа е погодена. И беше. Крвареше.

(О, гомнари едни! - се провикна тој.)

Крикна како ранет лав.

Возеше како луд.

Беше слеп, нем, глув. Беше вон себеси од бес.

Го возеше својот Гренд Чироки небаре сака да го пробие и звучниот ѕид,  да го претекне дури и сончевиот залез на небото.

Но, сè беше залудно. Сонцето зајде.

Пред нив остана само темната рамница, повремените пукотници и бујните врбјаци околу долината на Сава.

Глава четврта

Одненадеж, џипот изгуби полет, и по неколку последователни звучни аларми и светлосни сигнали од командната скала на шалт-таблата, полека почна да кркори, да трокира и да занесува на патот.

Мат Џордан имаше само уште толку време колку да ја искористи инерцијата на движењето и да го сврти џипот сосема до работ на асфалтот, на земјаниот дел од автострадата, онаму каде што тревникот се мешаше со калливите ракави од крајбрежјето и рамницата на Сава.

Тогаш наеднаш му светна во главата дека веројатно резервоарот му е празен (погледа на стрелката и опцу. Ја беше утнал работата). Во брзината, нервозата и напнатоста поради неуспешниот исход во касарната др Младен Стојановиќ, тој сосема изуми да го стори тоа уште пред да го напуштат градот на Врбас.

Погледа во згрчената силуета на Виола, која видливо страдаше поради обилното крварење и в мигот сфати дека веднаш мора нешто да стори. Таа беше бледа во лицето и се превиткуваше, потпирајќи се врз здравиот лакот, наведната сета над своето седиште. Мат Џордан набрзина излета од џипот и појде од задниот дел на возилото, но тогаш виде дека таму недостигаат и канистерот со гориво и резервното

тркало. Разулавената толпа од ЈНА веќе си го беше сторила своето.

"О Господи!" се провикна тој во немоќ.

Лентата на испокинатиот филм сепак почна да се врти во неговата глава. Ги виде наеднаш извлечените жички под воланот, што махинално ги фати со работ на погледот уште при поаѓањето, но во брзината и збрканоста не успеа да провери за што се работи. Дури тогаш сфати дека испокршените стакла на џипот ја платиле цената на нивната одмазда што не успеале да го стартираат моќниот и несопирлив Гренд Чироки.

"Ова е крај!" процеди низ заби.

Таа е ранета и офка на своето седиште од немоќ, автопатот е речиси на дофат од рацете, ене го на другиот брег од Сава кај се наѕира среде самракот, а тој стои тука, сам, изгубен и нем од болка, закопан во место, и не може да мрдне ни лево ни десно, ни напред ни назад, ни еден чекор потаму од овој слеп безизлез, на средепат кон никаде, во агонија и очај.

По извесно време, откако помина тој прв грозничав миг на искушението и слабоста, му се пристори дека нозете му тежат како олово, небаре има железни пранги врз нив, а во главата го стегаат илјада катинари и ниедна мисла не може да го покрене, да мрдне, да го придвижи, да исчекори макар една педа потаму од таа жива кал во која беше пропаднал и постепено сѐ повеќе и повеќе тонеше кон нејзиното дно.

Најпосле тргна потамина и махинално го отвори гепекот. За среќа, првата помош си стоеше негибната на своето место. Ја зеде, ја зграби и стисна како сламка надеж во рацете и влезе во џипот. Ѝ пристапи полека на раната од десното раме на Виола, дури и

несвесен што треба да прави и како да ѝ го сопре крварењето. Сите движења и постапки како да му ги

диктираше некој скриен и невидлив сведок отстрана, кој постојано му шепкаше на уво.

Најпрвин успеа да ѝ го отстрани окрвавениот ракав со знакот на Црвениот крст, кој речиси целосно беше облеан и покриен со руменилото на пролеаната крв и почна полека да ѝ ја чисти и мие раната одоколу, сѐ до рамето и надлактицата од десната рака. Кратките и ретки грчови на нејзиното лице му кажуваа доволно јасно дека таа ја чувствува болката од неговите допири. Набргу тој, криво-лево, некако сепак успеа да ја замота со чистото санитетско клопче на преврската, му појде од рака цврсто да го свитка и пристегне, го зафати притоа и горниот дел на рамето, завршувајќи со завојот врз надлактицата и лепејќи го со медицинскиот селотејп.

Ја гледаше долго и бдееше над неа загрижено со часови, сѐ дури не забележа дека таа полека се враќа во свеста. Се обиде дури и да ѝ ја ублажи жедта со пластичната чашка од термосот. Таа како да шепкаше со изнемоштен глас: "вода"..."вода"... Повеќе пати ѝ ја принесуваше чашката кон усните, сѐ дури не замижурка со очите.

Преврската си го стори своето. Обидот да ѝ го сопре крварењето успеа. Таа набргу се потсмири и по извесно време нејзините гради почнаа полека да се надигаат во рамномерни бранови. Очите како троа да ѝ се подизбистрија и таа првпат погледа во Мат со зачуден израз на лицето, небаре одненадеж станува свесна за својата положба.

"Што се случува со мене?" изусти тивко.

"Ништо. Ништо, Виола. Биди мирна. Ништо не се случува. Ќе помине. Сѐ ќе помине. Те закачи едно мало залутано зрно. Не е страшно. Имавме среќа."

"Зошто стоиме овде како закопани во место?

Каде сме сега?" праша, обидувајќи се да да се обѕрне околу себе.

"Не тревожи се, Виола! Тука сме. Покрај брегот на Сава. Чекаме да се отвори преминот на мостот. Набргу ќе заминеме оттука".

Таа гледаше во него сумено, ништо не разбирајќи.

Некои други, некои острвени и грабливи орличишта, надоаѓаа откај недалечната населба. Во сурија. Се зададоа откај селото и се накотија среде рамницата, покрај зелените крајбрежни ракави на Сава. Кога се доближија до насуканата двојка, заробена во батакот покрај брегот, не можеа да им поверуваат на своите очи. Гледаа со чудење во моќното и напуштено возило, ококорени, стаписани и шекнати за миг, небаре наеднаш самиот оџа среде својата предвечерна иќиндија решил да им се смилува од минарето и им праќа абер директно од Алахот. Алаху акбар!* Веднаш се нафрлија врз вратите на џипот, небаре сурија прегладнети волчишта врз бачило без кучиња. Најпрвин го извлекоа Мат и видоа дека освен со рацете, со тој јабанџија не ќе можат да се разберат на друг начин. Тука ни куршуми не помагаа. Со Виола одеше уште потешко. Таа лежеше потпрена на своето седиште, премалена сета и во полусвесна состојба. (Што да правиме со овие птички?- се прашуваа тие. Да свариме босански лонец со нив, а? се которчеше еден од најгрлатите меѓу групата натрапници.)*

---

* Алаху акбар! (арап.) Алах е велик!

* Босански лонец- грозоморно убиство, во кое се сечат сите екстремитети на жртвата и се пикаат во неговиот расечен стомак и потоа се сошиваат внатре. Се зборува дури и за монструозниот додаток во вид на изум што се состои од кофа полна со човечки очи од жртвите на непријателот!

Острвениот џган веќе и Виола ја извлече врз трапот на тревнатиот дел од брегот и почна полека да се изживува врз неа. Избезумената девственица сал ечеше и офкаше во немоќ. Мат со последни сили се поткрена на лактот и изрипа кон групата силеџии, обидувајќи се да им се спротистави над сите свои можности. Оној најгрлатиот меѓу нив, го извлече пиштолот од футролата и со еден силен удар со дршката го чална по тилот. Мат се спростре на брегот колку што е долг. Во наредниот миг, ороводецот срипа пред групата што ја беше зграпчило Виола, држејќи ја цврсто и за рацете и за нозете, и веднаш го распаша ременот, токму како вистински кабадахија. На групата им придојдоа уште двајца силеџии.

Сé на сé, седумина.

Виола ја изнасилија тројца од нив, но веќе уште при изживувањето на првиот насилник, таа ја изгуби свеста и откако видоа дека нејзиното омрлушено и рането тело, од чие раме крвта повторно почна да ја облева преврската, веќе воопшто не дава од себе знаци на живот, наеднаш ја треснаа како вреќа на брегот, оставајќи ја во полумртва состојба.

"Алаху акбар!"извика еден од брадестите муџахедини, оној најгрлатиот меѓу сите во групата и им даде знак на останатите да го потуркаат џипот во правец на благата удолнина од брегот. Го туркаа во рикверц и сé повеќе се оддалечуваа од мостот што води кон Хрватска. Моќниот Чироки, страшната машина од над стотина коњи, отпатува назад, во предисториските предели на Босна, со сета своја модерна ергела, но со брзина на желкин чекор.

Дури таму некаде многу подоцна, во некое ниедно, во некое глуво доба на ноќта, кога темнината им ги нас´ска залутаните пци-скитници на брегот, наеднаш небото се отвори над Сава и почна да истура дожд, да вилнее и јачи над рамницата низ силни светкавици, молњи и грмотевици. Се надви вистинска луња над големата и моќна река. А таа мирно си течеше покрај нив, бавно, мрзливо и спокојно, чиниш на грб го влече сето невреме на светот.

Прв се освести тој.

Ја бараше со погледот и ја најде фрлена и стркалана во крајпатниот ендек, полугола, ранета, сета испокината, осквернавена, изнасилена и полумртва, здогледувајќи ја низ слабата и краткотрајна светлина помеѓу два одека на громот. Ја крена в раце и почна да ја сосипува со бакнежи, со допири и стисканици, со разни тревливи бесмислици што во мигот на очајот ѝ ги шепкаше на уво. Почна наеднаш да вие како ранет волк во ноќта и да го проколнува денот кога првпат решил да се дотурка дури тука, во оваа непозната и сурова волкоебија, на овој сур и ридест Балкан, од каде што и Господ кренал раце. Ја носеше кон мостот, несвесен за тоа дали е сѐ уште жива или не, дали сал така залудно влече еден остинат и безживотен труп во својата прегратка и небаре доби некаква страшна сила во мигот кога се доближи до првите контури на мостот, под кој одвреме-навреме блескотеше Сава низ сноповите светлина од подмолните луњи и задоцнети грмотевици. Имаше само уште толку сили и свест да

го помине мостот. И тоа беше последната слика што можеше да ја впие во вителот на таа непроодна, долга и грозоморна ноќна агонија. Во првите мугри, по обилниот и силен, но сепак краткотраен летен дожд, една патролна кола на хрватскиот МУП во близината на Славонски Брод, ги најде стиснати во една препотопска и нераскинлива пречратка, покрај патот за Загреб. Во градската болница Мат се освести прв, а потоа и Виола ги отвори своите очи само за миг, но не можејќи да препознае веќе ништо околу себе, па дури ни лицето на Мат. Небаре се отргаше од работ на бездната, преткајќи како ранета птица, мавтајќи со своите немоќни крилја, чиниш сака да полета кон последната гранка на спасението, кон неизвесните предели. Како да лебдеше на преминот помеѓу ноќта и мугрите, на границата што е обележана со онаа тенка црвена линија на изгрејсонцето, по која се отвора патот кон синевината, или се паѓа во вителот на бессознанието, од кое веќе враќање нема. Лекарите се бореа три дни и ноќи за нејзиниот живот. Иако нежна и кршлива, младата фиданка сепак опстојуваше на своето кревко стебло.

По три недели поминати во болницата во Славонски Брод, Виола беше преземена од страна на фрањевачкиот самостан Пресвето Тројство во близината на градот и еден од најубавите и најпознати католички храмови во Хрватска. Она што сакаа да го сторат лекарите и лекарствата, таа сепак се реши да му го повери на својот единствен Спасител. На Севишниот. Мат Џордан отпатува за Загреб, но по неколку дена се врати назад, кај Виола, да бдее над неа во тие тешки мигови на искушението, во фрањевачкиот самостан, на истекот од тоа морничаво, свирепо и срамно лето.

Последните ноќи, откако се врати од Загреб, кадешто појде да го пријави случајот со изгубеното возило на Red Cross-от преку државната хрватска осигурителна компанија, сместена во строгиот центар на градот, на плоштадот бан Јелачиќ и чии предвоени јазли се плеткаа дури и со лондонскиот Loyd, Мат Џордан неколку пати последователно сонуваше еден ист сон. Таа сурова епизода со муџахедините се всели во неговата душа со сета своја жестина и остави неизбришливи траги. Ја притискаше неговата разволнувана и нежна природа и се нуркаше во долгите и бессони кошмарни ноќни вигилии, а тој, небаре мал и беспомошен инсект, лежеше и се прпелкаше како прободен со шпенадла врз тврдото лежиште на фрањевачкиот самостан на Пресветата Тројца, ни мртов, ни жив. Постојано се обидуваше да ја залепи испокинатата мрежа на пајажината, да ја поврзе барем за миг нишката на прекинатиот тек на настаните, но тоа беше само залуден напор за неговите кревки плеќи и тој не успеваше да се справи со стихијата, да најде цврст потпир, јасен траг што води до вистинскиот пат на спасението од она што е во делот на сонот и она што е распарчено во јавето на сета таа грозоморна сплетка. Уште не можеше да се отргне од ноќните сеништа на муџахедините, со нивните размавтани анџари и откочени калашњикови, на кои повремено и рафално им ги празнеа шаржерите во ноќта, обземени со некој луд восхит и одмаздничко-победнички блесок и дерт во очите, со нивните жестоки и надмоќни крикови, со нивниот толку

лефтерно извојуван и спечален плен, туркајќи го оклопниот труп на џипот, со убиствен опул на крвавите погледи во мракот, покрај бреговите на Сава.

Тие продолжуваа да ги извикуваат своите воинствени повици, додека тој залудно и во паника се обидуваше да го запали моторот, да го помрдне од место, да го придвижи заринканиот метален труп-мастодонт и да им избега на прогонителите. Да ја спрашти. Да им ја летне џом и бестрагија. Да извлече опаш низ прашината. Да му ги видат петиците.

Најпосле, снеможен и папсан, се откажа од сè. Капна врз воланот, активирајќи ја и не сакајќи сирената што одненадеж силно одекна во ноќта, небаре сигнал за воена тревога, небаре ерихонските труби го најавуваат крајот на времињата. А таму, од онаа страна на реката, се испалија првите ракети од противничката страна и ја осветлија во широк лак разбрануваната Сава.

Муџахедините и понатаму беснееја и викаа, туркајќи го кон бездната на надојденото водје по обилно истурениот дожд, пред да потоне во матицата, што сита стенкаше од брегот.

Се разбуди сиот облеан во пот.

Наеднаш сфати дека кружниот јазол на потерата е само грдо премреже и сновидение, обрач и клопка околу неговиот врат што полека почнува да попушта и да се разврзува, небаре токму во последен миг некој непознат и невидлив спасител му притекнува на помош, фрлајќи му појас за спасување. Тој немоќно се ѕвери околу себе и самиот не знаејќи како и кога се најде во празната просторија од безмалку потонатиот остров на тишината во тој фрањевачки самостан, откако уште во првите утрински часови ја напушти

зградата на послугата, кадешто помеѓу процепот на скржавата месечева светлина го забележа работ на двете составени клупи збуткани до ѕидот на самиот влез од црковниот дел. По навика и скоро махинално го сврти погледот кон прозорецот кадешто спиеше Виола, но тоа сега беше сосема јалов обид; неа веќе ја немаше тука; уште сношти, кога во доцните часови пристигна во самостанот, му рекоа дека претходниот ден повторно ја однеле во градската болница. Одеше сиот како во транс. Наќоро. Слепо. Кон црквата. Одеше потамина низ широката просторија со помош на бледиот лунен срп што продираше преку кружната украсна розета, која некогаш била убав витраж, додека огнените и залутани рафали на ЈНА не решиле да ја расипат столетната слика на фасадата, а сега, со првите мугри и тој лунен срп беше почнал да го губи својот сјај и да отапува, отстапувајќи пред првите утрински трепнежи на сонцето, додека тој, со испружени раце не го допре работ на горната редица од типките на оргулјата, од која случајно допрената одекна меко под кората на тешката, оловна, самостанска тишина. Неговиот апсолутен слух му шепна дека денот ќе му започне со тонот d. Денот D.

Сè во неговиот заматен поглед наеднаш како да пожолте. Во неговата свест тонот d предизвикуваше само оранжови проблесоци. Мат Џордан не можеше да се отргне од власта на Божјиот дар - тој, нели, тоновите ги разликуваше не само според звукот, ами и според бојата. Неговата музичка ѕуница ја следеше природната скала според стапката на месечевата острица. Џбарна за миг во десниот џеб од својата кошула и го допре ладникавиот метал на ѕипо-запалката. Чкрапна и тој миг го пренесе огнот врз свеќата од канделаброт пред сакристијата, која

сношти изгоре до половина. А за тоа ѝ требаа часови и часови.

Ја гледаше долго и втренчено треперливата светлина во мугрите.

„Разбистрете го својот ум", се сети наеднаш на своите некогашни учители по медитација од времето на неговите први младешки лудувања, шеметења и занеси по таинствените и мистични сеанси на следбениците и монасите на New Age. Тогаш кога почна да ги покажува првите знаци на непослушност и избав од стегите на својот татко, чии верски погледи беа еднонасочно и упорно вперени кон светиите од ортодоксното небо.

„Сконцентрирајте се на нешто за да ја намалите растроеноста. Повторете тивко еден збор или реченица (љубов, Бог, да, ом) или втренчено ѕверете се во пламенче од свеќа. Дозволете му на својот ум да се испразни. Секогаш кога ќе влезе некоја мисла, тивко пуштете ја да излезе. Ќе влезе друга мисла. Не тревожете се: и таа нека си замине,"

Во хиндуизмот зборот „ом" има магиско дејство. Втренченото гледање во пламенче од свеќа претставува метод кој најмногу го користат следбениците на хиндуизмот, на будизмот и New Age, неговата некогашна пасија, младешки занес и опсесија. Оттаму потекнуваше и првичната идеја за мјузиклот под наслов „Месија". Медитиентот занесено гледа во пламенот на свеќата сè дури и самиот себеси не успее да се хипнотизира. Празнењето на умот претставува уште еден елемент на ориенталната медитација. Тоа е ѓаволското оро што се вие пред Адските порти и што води до раѓањето на новите визии низ окултизам, мистицизам и левитација. Тоа е забранетата зона на неговиот татко, од која тој бегаше како ѓаволот од

крст, но привлечноста на приказната за кражбата на забранетите овошки во градината на новото сознајно поле, како и предизвикот и стрвот по сѐ што е ново, привлечно и таинствено, не го одбегна љубопитното око на нашиот херој. Барем во деновите на неговата прва младост. Тој, небаре некој залутан скитник и летач од приказната за штркот, не сакаше да пропушти ниту еден брод од пристаништето на можностите и тајните за трезорите како за потонатите бродови, така и за оние што со толку голем товар патуваа кон другиот брег на сознанието, па дури и отаде брег. Се сети наеднаш на почетоците и првите творечки импулси околу „Месијата". Се сети на своите сѐ уште несекнати извори и творечки предизвици. На Гласот на Енигмата, на Начелата на сладострасната плотност, на Mea Culpa, на Гласот на змијата, на Тропањето на забранетата врата. Неговиот гуру, неговиот шаман и пророк, повторно го повикуваше и му наложуваше:

„Летај! Поткрени се и вивни се кон вселената! Допри го светот на астралната проекција! Почувствувај го просторот околу себе, исполни го и полетај во неговата бестелесна синевина! Излези од сопствената кожа, тело и оклоп и летај, летај, летај високо, соколе! Високо, вишно, недостижно!"

Да. Христијаните веруваат во повторното доаѓање на Христа. Во конечната и света Осана. Евреите уште од искона го чекаат својот Месија. Муслиманите веруваат дека имамот Махди во ова време повторно ќе дојде. Хиндусите веруваат дека настапило времето за петтата реинкарнација на Буда, додека New Age верува дека ќе се појави господ Маитреја, кој е единствениот спасител на сите спасители, на сите верски занеси, надежи и посакувања.

Да. На светот му треба спасителот. Месијата. Темелна обнова и очистување од сите греови. Спас од потоп и конечната пропаст во безднатa на Ништото. Се сети на Аватар, пратеникот на богот Вишна, кој го испратил долу, меѓу луѓето, за да ги спаси од потоп. Тој дури посака и насловот на својот мјузикал (својата „оперета", како што ја викаше на шега) да го остави таков каков што му се појави во својот првичен налет во свеста и интуицијата, како што најпрвин помисли во жарот на создавањето-Аватар. Но потоа се премисли. Месија му се виде посоодветно. Без оглед на тоа што дури и во главата на славниот творец на "Музиката на водата"* еднаш одамна осамнал истиот наслов, но на кого тој му вдахнал бесмртна трајност и слава, за разлика од случајот со нашиот херој, кој во нештата уметнички имаше само некои бледи, рудиментарни, емпатички, почетнички и сè уште нереализирани творечки импулси. Беше стокмил дури и певлива мелодија на темата

*Харе Кршна*
*Харе Кршна*
*Кршна Кршна*
*Харе Харе*
*Харе Рама*
*Харе Рама*
*Рама Рама*
*Харе Харе*

----------------------
* Георг Фридрих Хендел

Помеѓу Болот и Ништото, тој сепак ќе се определи за Болот. Во страдањето ќе го побара спасот. Предизвикот беше жив. Пулсираше во него како некој споулавен и расипан метроном, без кој не можеше да го замисли својот творечки чин, макар колку скромен и да е. Веќе не можеше да го запре тој непреодолив тек. Малиот, бледникав и тивок трепнеж на свеќата пред раѓањето на новиот ден, му вдахна едно ново и неочекувано подгревање на сетилата, што постојано кај него будеше само едно чувство, потреба и порив, со секогаш еден единствен и ист исход: музичкиот код.

Седна пред органата и почна да ги плетка своите мрзливи прсти колку што може потивко, вадејќи ги тоновите со една забавена динамика и почитувајќи ја самостанската светост на тишината. Со тропотливи чевли не се оди во свет храм, му текна однекаде упрекот на неговиот татко, кога го водеше на црква во Њујорк, а во мода беа некои чевли со огромни и тропотливи топуци. Музичката пауза во светите храмови понекогаш знае да се оттегли дури и на сто години, му шепкаше тој на увото, вардејќи го од пороците насекаде и во секое време да ги истакнува своите модни детали во облеката и гардеробата. Неговите кондури со високи топуци на сите им одеа на нерви, но најмногу на неговиот татко, се разбира. Колку што одминуваше времето, водичот (дуксот, како што го нарекуваа сите подобри познавачи на тајниот музички кобопис), по кој, откако стивна воведниот adagio со своите свечени, торжествени фортисима во d-moll, почнаа да летаат на своите крилја оние прогонители во брз ритам на шеснаесетинките-триоли од недостижното prestissimo, таканаречениот comes (следбеникот, придружникот,

прогонителот), небаре сенката на верниот Кербер се загнала низ густата шума по стапките на водичот и чиниш сака да се слее вртоглаво во однапред трасираната патека што се двои во две насоки: едната е патот на сатаната и дисхармонијата, а другата, Божествената суштина на конечниот и Апсолутен склад, то ест, граничниот допир на преминот помеѓу

пеколот и рајот; и сето тоа, следејќи го во чекор (можеби најмногу со силата на инерцијата на движењето), со здивот врз вратот, такаречи, сè до претчувството на оној вртоглав и величествен streto (зенит, имитација), од кој, потоа, како од највисоката точка на хоризонтот на возбудата, се урива шумниот водопад во пределите на навестениот и насетен спокој, на ветениот пристан и смирување, кон тој неизбежен и торжествен расплет до Бога. Тоа е кругот на вечниот канон. Препознавањето на корените. Маѓепсаниот, затворениот круг на најтаинствениот музички лавиринт: Јохан Себастијан Бах. Мал поток што се влева во огромниот музички океан на хармонијата, полифонијата и контрапунктот. Уметност на фугата. Токата и фуга во d-moll.

Од него, од тој лавиринт, нашиот херој нема да излезе како снеможен и изгубен Тезеј без нишките на природната ѕуница што грее врз неговото чело по секоја бура на возбудата и налог на апсолутниот слух. И без Аријадна, тој ќе се избави од прогонот на Минотаур.

Тој ќе го сети, ќе го почувствува ненадејниот и неочекуван спокој во кругот на сопствениот музички hommage кон најголемиот од сите, како будење од сон, како утринска молитва на освестениот верник.

Мат Џордан три пати одеше во Македонија и три пати се враќаше назад во Брод во текот на август, септември и октомври. Практично, за време на сиот престој на Виола во Пресвета Тројца. Последниот телефонски разговор со пречесниот што го водеше од Скопје, не ветуваше ништо добро. Вестите за Виола беа некако матни, двосмислени, нејасни. Како да криеја нешто од него. Тој не сакаше повеќе да нагодува и да инсистира. Не сакаше да чека постојано вести од втора, од трета рака. Одлуката созреа в миг. Ќе ја врати назад. Во Македонија. Веднаш. Последната недела од октомври, тој отпатува за Загреб. Потоа, од аеродромот Плесо, со rent-a-car допатува до Брод.

Во самостанот пристигна во попладневните часови, во времето на вообичаената сиеста. Помина покрај надгробната спомен-плоча на пречесниот фра Маријан Ланосовиќ и веднаш се упати во просторијата кадешто беше сместен работниот кабинет на гвардијанот фра Августин Лехнер. Во дворот го пресретна самостанскиот викар, кого го знаеше само по видување. Го праша веднаш дали може да биде примен од гвардијанот. Овој сал тихо промрмори

нешто сосема неразбирливо и го впери прстот во правец на приемната просторија, климнувајќи потврдно со главата, но во тој негов гест имаше и знаци на извесно двоумење. Сепак, Мат Џордан се упати кон вратата од просторијата во која најголем дел од своето време го поминуваше пречесниот фра Августин и решително почука на неа. Потврдниот

одговор од другата страна ги отстрани сите негови дилеми, стравувања и недоумици.

Фра Августин Лехнер, самостанскиот старешина, човек во својата 60-годишна возраст, седеше сам во својот кабинет.

Тој само лесно и благо потстана од своето место и му пристапи на својот млад гостин. На неговото лице се појави пријатна и љубезна насмевка. Очигледно, откако пред неколку часа се слушнаа по телефон со Мат, по неговото слетување на аеродромот Плесо, во Загреб, тој веќе го очекуваше секој миг неговото пристигнување во Брод и Светото Тројство.

По неколкуте вообичаени и куртоазни прашања околу патувањето, тој го понуди со шолја ладен чај и веднаш потоа се интересираше до каде стигнал со уредувањето на семејната гробница во Равен. Мат му одговори дека работите течат според веќе одамна утврдениот план и дека очекува напролет сѐ да биде доведено во најдобар ред.

Пречесниот имаше на маса некаков албум со слики, кои тој со големо внимание ги разгледуваше во моментот кога Мат влезе во кабинетот и откако сосема случајно го фати и забележа љубопитниот опул на својот гостин, веднаш му го поттурна кон работ на големото работно биро со видлив допуст и самиот да ѕирне во содржината на истиот, се разбира, штом покажува отворен интерес за тоа.

Мат го подзеде со двете раце понудениот албум и внимателно почна да го прелистува. На некои од сликите што беа внатре, веднаш го забележа и ликот на Виола, што не малу го изненади. Таа беше на нешто помлада возраст и очигледно сликата претставуваше групен портрет од некакво генерациско табло, семинаристи.

Тој не можеше да го сокрие своето радосно чувство поради таа ретка можност да ја види својата пријателка во нејзината полна убавина на првата младост. Токму на изворите од девственоста. Беше навистина преубава. Веднаш сфати дека неговата реакција би можела да биде сфатена на несоодветен начин и затоа побрза да го изрази своето чудење што Виола се наоѓа во овдешно окружување и амбиент, без тој да знае нешто поблиско за поводот и потеклото на настанот.

Се чини фра Августин ја сфати неговата очуденост токму на вистинскиот начин.

„О, да. Тоа е втората година од теолошкото училиште, што сестра Виола го заврши во Ѓаково и кај нас," рече тој, видливо горд на фактот што една таква прекрасна, исцело предана и ретка личност каква што е сестра Виола, произлегува од неговите клупи.

Во тој момент, фра Августин го отвори шкафот од своето биро и извади некаков куп хартии, сложени во сиви корици и папка. На неговото чело, тој миг небаре се спушти темен облак, а на дотогаш светлото и радосно лице, пријатната насмевка ја заменија брчки. Ненадејната скрб и загриженост не можеше да ја скрие.

„Се плашам дека работите со Виола не се одвиваат во најдобар ред," рече полека, внимателно и акцентирајќи го секој поединечно изговорен збор.

„Во која смисла?!" се одѕва Мат, небаре напната стрела, откако изостана додатното објаснување во вид на непријатна пауза што траеше многу подолго отколку што очекуваше тој. Пречесниот ја сфати неговата загриженост и нетрпеливоста што се читаше од секој негов гест.

„О, не знам како би можел да најдам што поедноставни и вистинити зборови за една толку сложена и замрсена сплетка, пред каква што сме испречени овој миг. И ние, па и вие, господине Џордан."

Мат гледаше во него со крајна подозривост и нерешителност. На љубезното, но сосема збунето и испиено лице на гвардијанот фра Августин, брчките испакнаа уште поизразито. Мат не можеше да се сети дека порано видел нешто слично во неговата физиономија.

Тој како сè уште да се стегаше да почне.

„Да не е она најстрашното, пресвети оче?!" го пресече Мат, со мошне возбуден тон. „Кажете ми, ве молам! Ќе поднесам. Спремен сум да ја слушнам целата вистина, макар колку грда и да е."

„О не, не, синко! Дотаму сепак не е дојдено. Не, не. Не уште. Барем така велат докторите. Но она што ми го јавија вчера од болницата...тоа е просто неверојатно...едноставно...тоа е невозможно...не знам како да ви кажам...тоа е толку деликатно...ме уби во поим...ме онеме...тоа е надвор од сите мои стравувања што ги имав во врска со судбината на сестра Виола..."

Мат гледаше во него, сè уште несвесен до каде ќе оди оваа неизвесност во која го турна пречесниот. Како да го држеше врзан со тенко конче над најстрашната бездна.

„Па, добро, пресветол, кажете ми во што е работата ... доколку сум достоен...да бидам упатен на правите патишта Господови...освен ако не се работи за некоја строго доверлива ... ваша ... духовна ... канонска... евхаистичка тајна..."

Гвардијанот гледаше во него со неодобрување и одмавнуваше со раката во знак на длабоко несогласување со изреченото од негова страна и потоа го наведна надолу своето чело, изгледаше уморно еден миг, за на крај немо да ја крене главата кон иконата на Пресветата Дева Марија. Рече:

„Сестра Виола е во благословена состојба!"

Мат се ѕвери сиот во него, не верувајќи.

„Молам?!"прошепна одвај чујно.

„Да, да. Ме чувте добро, синко мој. Сестра Виола е во благословена состојба. Таа е трудна, кажано по народски".

Се гледаа долго, не разбирајќи ништо. Ниту тој што кажува. Ниту тој што слуша.

„Последен пат кога разговаравме по телефон, сè уште не знаев ништо за тоа. Вчера ми кажаа и мене. Еве. Тука сè е напишано,"рече и му ја подаде сивата папка.

Мат гледаше изгубено во мравките на буквите што лазеа пред неговиот изгубен поглед и сфаќајќи дека не може да се бори со несовладливите кривини на докторските хиероглифи, се откажа од намерата да се џари понатаму во сивата папка.

"И сега-што?!"процеди, пропелтечи Мат.

"Сега-ништо. Сега допрва следи она најстрашното. Се плашам дека пред нас е долг пат до спасението на сестра Виола. Слушам дека таа веќе со месеци одбива да прими храна...иако...ете, тогаш не ми паѓаше ни на ум дека може дури и тоа да се случи...немав поим дека

таа е гравидна...значи, не јадеше ништо ни тука, додека беше со нас...дури ни најобична супа не сакаше да сркне...а постојано повраќаше...откаде ли само наоѓаше сили за тоа, откаде ги црпеше сите тие животни сокови во себе и од себе, се прашував често...не сакаше да се исповеда...одбиваше сé...апсолутно сé...и знаев...некако знаев дека тоа нема да излезе на добро...впрочем, тоа го правеше и овде, кај нас...постојано... таа, едноставно, ништо не зборуваше откако се случи вашата босанска хаварија. Но најстрашно, она што е најстрашното од сé, синко мој, е тоа што таа веќе долго време не живее, не дише, таа е како риба на суво, како билка што вене, таа само вегетира, гасне како свеќа, таа е во длабока депресија и одбива да ги врши дури и своите најосновни биолошки функции...а ова што сега ѝ се случи...тоа сосема ќе ја дотепа...ќе ја урне...тоа е последниот удар...Господ нека ни е напомош..."

Мат се двоумеше за миг, но некако собра сили и сепак му го упати прашањето на пречесниот, што просто лебдеше во воздухот.

"Се надевам дека сте упатени во причните...?"

"Во причините-за што?"

"Во причините за нејзината состојба, се разбира."

"О, да, да. Сосема. Таму, во сивата папка, сé е опишано. Во детали."

Молчеа.

Отпиваа од ладниот чај, без да погледаат еден во друг.

Пречесниот најпосле, ја прекина непријатната тишина.

"Можеби знаете, можеби не, но од она што го разбрав за вас, вие ѝ припаѓате на ортодоксната вера, верник сте и крстен во источната црква, зар не?"

"Да, пресветол. Менува ли тоа нешто?"

"Не, не. Имам на ум нешто сосема друго. Знаете, кога таа беше тука, со нас, забележав, имаше некои

суицидни пориви во неа, иако знам колку е силна нејзината вера во нашиот спасител Исус Христос. Истото тоа ми го подговори, ми го потшепна и докторот во болницата..."

"Да?"

"Да. Ме следите?"

"Да. Продолжете, ве молам!"

"Па, ете. Се надевам дека ќе разберете, ќе проникнете во длабочината на јазот во кој попадна нејзината душа, ранетата душа на нашата сестра Виола..."

"Сé уште не сфаќам..."

"Па, тоа е сосема едноставно, синко мој. Според нашите илјадагодишни строги канони, самоубиството се смета за еден од најголемите, смртни греови. Исто така, ниту абортусот не е дозволен. Тој се изедначува со убиството. Тоа е исто смртен грев."

"И сега?"

"И сега-што?"

"Мислам, што можам јас да сторам тука?"

"Ништо вие не можете да сторите тука. Тука може само Господ и единствено Господ да стори сé што треба. Сакав само да ве упатам во длабочината на нејзината болка. Во безизлезот. Во лавиринтот во кој ја турна несреќната судбина."

"О, да. Разбирам, разбирам. Ве сфатив сега."

И истиот миг како да му светна спасоносна мисла во главата. Му излета без двоумење од устата:

"Знаете, пресветол. Јас сум спремен да го усвојам детето на сестра Виола, без какви било услови. Едноставно, таа и не мора да знае за тоа."

Личеше на дете, на лош чирак на мајсторот, кој небаре се обидува да скрои капа на уште нероден Петко.

Гледаше со огнен устрем кон пречесниот фра Августин, не тргајќи го погледот од него. Гвардијанот само благо се насмевна на тоа, не без извесна симпатија кон неговиот наивен, но во исто време и длабок христијански гест.

"Сé во свое време, синко. Сé во свое време. Господ нека те благослови! Тој нема да ја заборави твојата добрина."

И небаре како тој миг да се сетил, Мат праша:

"А дали би требало да ги известиме нејзините родители во Пеќ, пречесен?"

"О, не, не! Оставете го засега тоа на нас. Ако треба, ние ќе го сториме тоа, синко."

"Во ред. Ви благодарам, пречесен!"

По извесно време, гвардијанот погледа благо во лицето на својот млад гостин и го праша дали ќе има задоволство и чест да го угости во својот свет дом и дали сака да го помине престојот во Пресветото Тројство. Мат не знаеше што да му одговори на тоа. Рече дека најпрвин сака да појде до Виола и дека потоа ќе реши дали ќе отседне во хотел, или ќе се врати назад, во самостанот. Се прегрнаа благо, си ги упатија најдобрите желби еден на друг и си ги стегнаа рацете на разделбата.

Набргу Мат се упати кон Брод.

Беше сончево, но одвреме-навреме и троа ветровито листопадно пладне кога Мат успеа да влезе во болничката соба на сестра Виола, која таа ја делеше со две други пациентки. Одвај го пуштија внатре. Посетите не беа дозволени во делничните денови (а беше сабота) и тој мораше да се довиткува со мали ситни итроштини и убави, слатки зборови "завиткани во целофан", за да му ги отворат железните порти на Ескулаповиот лавиринт.

Тоа беше неговото најдолго отсуство од последното доаѓање во болницата во Брод и уште при влегувањето во интерното одделение сфати дека Виола е драматично изменета на полошо. Изгледаше многу поинаку од минатиот пат. Беше мошне бледа, ослабната и имаше угасен сјај во погледот. Нејзините светлокафеави очи се свртија кон него немоќно, но во голем лак, што нејзиниот тенок врат, потонат во перницата, таа со напори го насочи кон неговата висока фигура, сечејќи го под остар агол со оние крупни и широко всадени очи, и тој миг, Мат сфати дека дискретната и одвај забележлива нијанса на разрокост во нив е можеби токму онаа наоко невидлива, но всушност мошне таинствена, необична и скаменета црта во физиономијата на Виола, во која се крие и главната причина за нејзиниот по малку

меланхоличен израз на убавото лице, постојано присутен врз него, како сенка.

Тоа порано беше склон да ѝ го припишува на нејзината исклучителна побожност и посветеност, на сферичните рефлексии врз нејзиното толку каракте-

истично, но би се рекло без страв од некое големо претерување, и светечко лице (blissful face, што би рекле Англичаните), лице кое веќе одамна не е во мода, лице кое непреодоливо потсетува на нашите средновековни фрески, би се рекло, лице на „излупен анѓел од ѕидот", ако тоа додатно и уште повеќе не го усложнува нашиот проблем, нашиот невешт обид за портретирање на Виола, опис кој по својата најдлабока суштина, најмалку зависи од редот и количината на подредените зборови, повлечените црти и погрешно или исправно избраните бои.

И сега-што?-помисли Мат.

Таа сега, бездруго, потајно ме осудува. Таа мисла и богобојажлив сигнал пред лицето на вистината го направи неспособен да се ослободи макар и за миг од вечното чувство на вина, од неговиот вроден комплекс на самообвинување („мојата единствена фабричка грешка", „мојата најголема родилна мана", како што најчесто умееше самиот да се кити со тие веќе излитени полуиронични фрази на самоодбрана пред светот), што дури и во еден ваков исклучителен и тежок миг за Виола не му даваше да здивне од товарот и тежината на својата личност врз терезијата што треба да му ги израмни и доуточни сметките и со себе и со светот. Тој беше спремен во секој момент да ги плати, без оглед на цената. Но само ако вистината, непоречната вистина биде неговиот единствен гарант и емник. Но сега не сум во прашање јас и мојата вистина, па макар каква и да е таа моја вистина,

помисли тој. Во прашање е Виола. Одвај си ги допреа рацете за поздрав и тој немо и покајнички седна на работ од болничкиот кревет, врз делот на нејзината сè уште топла постелнина, оставајќи ги притоа на шкафот понадите што му ги беа набавтале во две

големи книжени ќесиња. Ја погледа со прашален, безмалку молбен поглед, и прошепна:

„Знам. Ти си ми лута. Ме немаше толку долго. Ме осудуваш, зар не?"

Таа само немо и одречно заниша со главата, замижа со очите и веднаш потоа го сврти погледот кон ѕидот. Требаше да помине извесно време дури не им се вкрстија повторно погледите. Тој се наведна и се обиде да ги подреди понадите врз шкафот, како човек кој просто не знае што да прави со самиот себеси, би се рекло, повеќе махинално и од немајкаде, отколку како некој разумен и прибран човек што методично и уредно врши некој потребен и полезен потфат, а таа дури ни не ги погледна, а камо ли да се заблагодари за нив. Се разбира дека и двајцата во тој миг правеа нешта што беа во длабока спротивност со внатрешните и вистинските пориви на целосната душевна и емоционална збрка и волненија што наеднаш ги обзедоа и совладаа поради повторната и долго очекувана средба. Беше свесен дека таа освен Библијата веќе со недели немала друга преокупација и литература, барем не од оние книги кои минатиот пат ѝ ги беше донел од самостанот Пресвето Тројство, а за купиштата весници што ѝ ги влечеше од трафиките, не можеше да стане ниту збор.

Ѝ ги испорача пораките и поздравите за брзо закрепнување од фра Августин, но и нив ги прими мирно, без ниеден збор или гест на благодарност. Сал гледаше во него бледо. Без видлива реакција на нешто

што би можело да одаде макар малечко навестување, макар само мал знак на некакво чувство на болка, или радост. Беше нема, безизразна, отапена.

Најпрвин сакаше само да ѝ помогне при подместувањето на нејзината перница, што таа се

обидуваше самата да го стори, но очигледно без успех, бидејќи тоа ги надминуваше нејзините сили. Се обиде само да ѝ помогне, но работите зедоа друг тек. А пред тоа, пред само еден миг, посака да ги земе нејзините раце во своите, да ја допре, да ѝ даде на знаење дека е тука, дека е со неа, дека со целото свое битие сочувствува со неа, дека неговото срце исто така трепери од болка како и нејзиното. Да. Почувствува силна потреба да ѝ ги пружи обете раце. Без каков и да е знак на желба или повик од нејзина страна за помош. Но се случи нешто сосема неочекувано. Едно чудесно и волшебно недоразбирање им ги состави дланките. Искривената перница под нејзината глава. И самиот не очекуваше дека таа ќе го прими тој неочекуван дар на неговата интима. Но сепак му ги подаде своите нежни и трепетни дланки. Го стори тоа, со сведната глава, не гледајќи во него. Од нејзините крупни светлокафеави очи, потекоа солзи. Во неговата глава се роеја илјада прашања, но тој седеше нем, покрај неа, држејќи ги нејзините раце, немоќен да каже што и да е.

И самиот не знаеше колку долго траеше тој миг. Нивниот заеднички и обостран молк беше повеќе како нема молитва кон Бога, отколку што и да е друго.

Дури таму некаде многу подоцна, таа му даде мал и молбен знак да се помрдне троа. Се помачи да потстане. Одвај се извлече од креветот. Тој се обиде да ѝ ја нарами наметката и тргна со неа заедно кон вратата. Излегоа во ходникот и тој сето време ја

придржуваше при одењето, а свежо исчистениот и светнат мермерен ходник, уште повеќе го отежнуваше нејзиниот бод. Преку прозорците продираа скржавите октомвриски зраци на сонцето, а повремените и ненадејни налети на ветрот, создаваа силен трескот и

шум при удирањето на прозорските крила на еден од нив, што силината на ветрот успеала сосема да го отвори и раскрили докрај. Од другите одделенија на болницата допираа тивки звуци од некој транзистор, мешајќи се со повремените виорни налети на ветрот. „You lit your life like candle in the wind...", се одгласуваа звуците на песната што ја пееше популарниот англиски пејач, познат по своите настрани геј-свадби. Дури и песната што одекнуваше низ ходникот како да беше несакан дар од некој зол нарачател, помисли Мат Џордан, бидејќи тој момент Виола навистина бескрајно многу прилегаше на запалената свеќа што гори и трепери на ветрот, како што пееше Елтон Џон. Во нејзините очи, во нејзината некогаш подвижна и вита става, тлееја последните животни искри. Во нив веќе немаше жар. При сосема случајниот допир на зглобот од раката, тој сети како ѝ трепери сета снага. Таа беше збрана сета, како во некој грч, се нишаше при одењето, но молчеше и се обидуваше да го совлада малото растојание до бањата на катот.

Мат се прашуваше дали една таква кревка снага е кадра да го носи тој огромен товар што лежи врз нејзините подвиени и безживотни плеќи. Изгледаше толку немоќно, како некоја верна поданичка што го изгубила својот жрец, како некоја девственица што ја гризнала отровната и камена овошка на гордата и негибната самосвест по штотуку изгубената девственост.

Се прашуваше каде е местото на неговата бесполучна саможртва и има ли уште место за одѕив на лудите и растропани тапани врз изгризаната совест. Се одѕиваше, а никој не го викаше. Се чувствуваше и самиот беспомошен, немоќен, клет. Бескорисен. Како

затнат оџак што шири чад наоколу и секој миг се заканува да предизвика пожар во сопствениот дом.

Се сети на зборовите на фра Августин.

„Според нашите строги канони...пометнувањето се смета за смртен грев...а пак...кревањето рака врз себе...о...тоа е најтежок од сите...смртни греови... само Севишниот наш и Единствен Бог Исус Христос е господар на животот и смртта..."

Господи! Кон каква ли Голгота ја упати својата најверна поданичка, својата најпожртвувана слугинка, најнедолжната, најблагородната душа христијанска на патот кон спасението?!

Помогни ѝ! Најди утеха за нејзината ранета душа, за нејзиното осквернавено тело! Упати ја на вистинскиот пат! Господи! Стори го тоа ако си Единствен наш, Семоќен и Еднороден Господ Исус Христос!

Се врати за миг до болничката соба, ја зеде Библијата в раце и седна на клупата во ходникот, чекајќи ја. Во книгата, внатре, имаше подвиени страници, што таа веројатно ги повторувала и преповторувала во долгите и бессони ноќи на очајот и сега тој љубопитно и со огромен интерес се ѕвереше и ѕиркаше во нивната содржина (ѓоа отпатно, ѓоа отстрана, небаре скришум). Тоа беа страници во кои се говореше за тоа КАДЕ Е БОГ КОГА НЕВИНИТЕ ДУШИ СТРАДААТ ВО СВЕТОТ?

Ги отвори подвиените страници за Проповедникот 9,23, кадешто беше напишано:

„На сите исто им се случува под сонцето: и на праведните и на грешните. Како на добрите и чистите, така и на нечистите; исто им е и на добрите и на грешните, и на оние кои се заколнуваат, како и на

оние кои од страв се колнат-Неправедно е ова што се случува под сонцето: на сите исто да им се случува."

Нема парче на оваа земја што не е натопено со човечка крв. Со крвта на невините. По сите неправди, правди и кривди, по сите олелии, колелии и пустелии, по сите преврати, луњи и непогоди, по сите војни, убивања, пеколи и чистилишта, по сите сметови, по сите уништени светови, по сите страдања и жртви, под сите ига и злокоби човечки, кај сите раси, бои и народи, кај сите племиња, џелати, убијци... Зошто? Зошто морало така да биде? Ако тие биле Твои верни слуги, Господи, со што го заслужиле свирепиот крај? Зар месото и коските на праведниците се сѐ уште најдоброто ѓубриште за утробата земјина од која треба да се зазори утршниот ден, да се заора, роди и поникне најродната и најплодната нива - хранителка, бериќетна година и утрешнина на човештвото и светот?

Безброј невини, гладни, бедни, болни, обесправени и јадосани клетници легнуваат без надеж во подобро утре. Легнуваат во мрак и во мрак се будат. Мрак во срцето, магла во душата, смут во умот. Зошто? Зошто Господи?!

Ги отвори подвиените страници, кадешто беше напишано:

„Христос-со својата сопствена крв, ни прибави вечен откуп."(Евреите 9,11-14).

„Оној, кој не знаеше за грев, Бог го направи грев наместо нас, за ние да станеме Божја праведност" (2. Коринтјаните, 5,21).

„Христос нè откупи од проклетството на законот, откако стана проклетство за нас." (Галатите 3,13).

„Ако си ти Месијата, Божји Син, слези од крстот па ќе веруваме во тебе." (Лука 23,35-39).

На тоа искушение, да слезе од крстот и да се спаси себеси тој не подлегна, тој го направи својот херојски и божествен избор: „Ќе умрам јас, за тие да живеат." Исус од крстот ќе му порача на светот: „Ве сакам повеќе од себеси!"

Грешниците кои се каат и ги напуштаат своите гревови, небото со радост го прифаќа нивното покајание и ги пречекува во редот на спасените.

„Ви велам: поголема радост има на небото за еден грешник кој се кае...!" (Лука 15,7).

Според Буда, човек мора сам да се справува со своите страдања, без помош отстрана ниту одозгора, бидејќи тој мора да страда. Страдањата му се казна за гревовите од претходниот живот и притоа на страдалникот не треба никој да му подава рака, ниту на било кој начин да му олеснува. Тој мора низ чинот на страдањето да се воздигне себеси до степен што ќе го доведе до кармата и реинкарнацијата.

Според учењето на исламот и Коранот, Алах само оддалеку ја објавува својата волја. Тој на луѓето им се обраќа од неизмерно големо растојание, за огнот на човечките страдања и беззаконија да не го валкаат неговиот лик. Божјата љубов кон светот, онака како што е сфатено во исламскиот лик на Творецот, не поднесува жртва. Тој доаѓа од седмото, симнувајќи се до првото небо. Тогаш тој ги слуша молитвите на

своите верници. Но Исус секогаш е со нас. Тој слегува уште подолу и уште поблизу до нас, грешните луѓе. Тој е секогаш со нас и меѓу нас.* Со еден збор, Тој е Ние. Тој е Едно само со Нас и во Нас.

---

„Беше презрен, отфрлен од луѓето, човек на болката, свикнат на страдања, од него секој ја врти главата. А тој ги понесе нашите болести, ги зеде врз себе нашите болки. За нашите престапи тој беше прободен, сотрен за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз него и преку неговите рани ние се исцеливме. Го одведоа како јагне на колење; како овца нема, пред оние што ја стрижат, но тој не ја отвори својата уста." (Исаија 53,3-7).

И така, од Гетсиманската градина, до Голгота, до својот крст...

„Ели, ели, лама савахтани!"-молскавици и силни громови и татнежи; наместо одговор-тежок, неподнослив молк. Наместо светлина и зрачок на надеж за некаква помош-густа, непробивна темнина, мрак. „А од шестиот час се стемни над целата земја до деветтиот час." (Матеј 27, 45).

Мат ја остави Библијата на клупата, сфаќајќи дека времето за излегување на Виола веќе зачудувачки долго се оддолжува.

Појде до бањата и ја најде спрострена, ничкум, до чешмата. Беше бледа, безживотна, нема. Почна да ја мие, да ја заплиснува по лицето со вода за да ја освести, но таа не даваше знаци на живот. Беше во целосно бессознание. Во кома. Ја крена бргу во рацете

*Никола Тасевски:„Времето и знаците"

и со нејзината тежина на перјана птица, веднаш ја пренесе во болничката соба, положувајќи ја внимателно на креветот, иако сиот беше испаничен до немајкаде. Излета како фурија во ходникот и се стрчна кон лекарската соба на катот. Ги алармира сите. За не повеќе од десетина минути, таа на количка беше пренесена во одделот за интензивна нега. Реанимацијата траеше повеќе од час и половина. Најпрвин ја повратија во свест. И направија ЕКГ. Ѝ

---

зедоа крвна слика. Ја ставија на ЕХО. Ја подложија на ултра-звук. И дури таму некаде во доцните попладневни часови му рекоа на Мат дека плодот во нејзината утроба не дава знаци на живот. Плодот во нејзината утроба беше мртов.

Речиси немаше ниту време, ниту можност за некои други поопстојни анализи и конзилијарни консултации. Повикаа уште еден важен гинеколог, кој патем речено, веќе бил заминат на викенд и го вратиле од пат и веднаш решија да ја префрлат во операционата сала на породилниот оддел.

Не сакаа дури ни да сочекаат таа барем нешто повеќе и позначително да закрепне. Тврдеа дека тоа би можело да биде дури и фатално. Излезе сѐ наопаку. Мртвиот плод мораше да биде итно отстранет и исфрлен надвор од „вратата на утробата". Не сакаа веќе да одолговлечуваат ниту еден миг во попусти договарања и колебања. Ја однесоа на киретажа. Под нож.

Мат остана во ходникот, кај влезната врата на одделението. Низ стаклените врати, можеше само да ја следи општата збрка и метеж што се создаде околу Виола уште при самото влегување во операционата

сала. Сите нешто трчаа, се договараа и оддолжуваа. Најпосле, се затворија вратите и наеднаш стивна сѐ. Остана сам да го слуша повремениот шум на лифтот и меткањето на чистачката и болничарот, кој постојано нешто влегуваше и излегуваше од болничките соби. Ништо повеќе не се случуваше наоколу. Сакаше да се пробие внатре и да ѕирне барем отстрана и оддалеку да се увери дека сѐ тече во ред, но тоа беше невозможно и остана така да бдее, на штрек, избезумен од страв дека може да се случи дури и она најстрашното.

---

Претчувството не го измами.

По нешто повеќе од половина час, вратите на операционата сала нагло се отворија и на количката ја однесоа до лифтот Виола, покриена со чаршав. Му пристапи еден од докторите и со смуртен и темен израз на лицето му соопшти:

„Жалам. Не издржи. Не стигнавме дури ни да ја отвориме. Ни отиде уште при опојката. Слаб организам. Ѝ откажаа сите функции. Веднаш. Сторивме сѐ што е во наша моќ. Попусто. Не даваше знаци на живот. Појдете долу до главната сестра и договорете се околу формалностите. Кадаверот ќе биде во мртовечницата."

Мат се упати кон скалите, отпрвин скршен, нем, сиот во бессознание и зашеметен од болка, неспособен да пушти глас од себе, да крикне, да проколне, а потоа, одненадеж, откако се увери дека е сам, сосема сам, застанат на врвот од скалите, потпрен на железните балустради, се спогна удолу трчајќи, не гледајќи ни лево, ни десно и откако забележа дека ја одминува влезната врата од тоалетот, потамина се нурна внатре и ја пушти чешмата силно да тече. Почна да се плиска

по лицето, да си ги мие очите и да се пули во огледалото, неосвестен, замелушен и тап, не верувајќи во она што пред малку го слушна, не сакајќи да поверува дека веќе ја нема Виола, дека таа си замина засекогаш од него, без да се разберат еден со друг, без да ја остварат долгоочекуваната и можна заедничка средба во некој подобар и посреќен ден. Имаше толку многу нешта да ѝ каже.

Не знаеше кога и како излезе од дворот на болницата.

Кога ја напушти капијата, ако не беше портирот да му го подаде паспортот, немаше да знае ни како се вика, ни што бара тука, во овој туѓ и непознат свет.

Во предвечерјето се упати кон Пресветото Тројство да се поздрави со фра Августин и да му ја пренесе тажната вест.

Тој беше усрден и благ, гледајќи во него со светечка наклоност и лик на Оној што дава причесна на правоверните, уверувјќи го во вечната и непоречна вистина дека сè што се случува со нас и околу нас е само со Божја промисла и по волја на Севишниот, дека сестра Виола бездруго е веќе на пат кон рајскитениви, како негова најверна слугинка и жетварка.

Го утеши дека тој веќе нема за што да се грижи, дека сторил сè што е во власта на обичниот смртник и го извршил својот христијански долг, а понатаму тие ќе ја преземат должноста во свои раце. Ќе се погрижат да ги повикаат нејзините најблиски и останатото што треба да се подготви за нејзиното достојно и заслужено испраќање на вечниот пат.

Но Мат остана до крајот со Виола, на нивната последна средба со судбината.

Глава петта

*"Зборовите на мудрите се како осила и како шајки*
*добро заковани; зборовите на оние што ги сложија*
*ги даде еден пастир."*

ПРОПОВЕДНИКОТ

Црквата на Света Богородица.

Православна црква. Мирис на кандила, темјан и мирта. Свечена тишина. Тој ќе се потсети на руската црква во Њујорк, каде што обично одеа преку годината во недостиг од една македонска православна црква во градот. И само понекогаш, во онаа

поодалечената, во српската „Свети Сава". Беа постојано заедно. Секое неделно претпладне.

Но сега, тука, во една од најстарите равенски цркви, тој можеше да ја намириса дури и реата од некои поодминати времиња и вековишта, видливите нишани на едно древно доба и дамнини со своите фрески, икони, резби и канделабрии. Светиот Дух. Мистичното, таинствено и невидливо присуство на светите отци.

Сега е доцна есен. Убава златесто-руменикава есен, што ги пласти своите жолти лисја наоколу низ улиците на Равен. Некои луѓе од соседството во Горно маало ќе му го препорачаат куциот Моно Џуапо, сликар и скулптор, познат по прекарот Цигански цар, а всушност, мајстор на Наивната уметност и творец на Ромската Сага во Македонија.

Кон крајот на шеесеттите, тој ќе стане мошне познат во целата земја како еден исклучителен художник, сликар. Нашиот херој ќе се присети, исто така, за старите слики во маслена техника (две платна), кои татко му ќе ги добие на дар од него во почетокот на шеесеттите. Ќе ги донесе дома, во Њујорк. Една од тие слики ќе биде портретот на неговата мајка. Да. Тоа ќе биде сликата која нашиот херој ќе ја запомне за сиот свој живот. Другата слика ќе претставува дел од циганскиот живот и амбиент со сето свое шаренило и колорит, како и со постојаното и неугасливо жариште на нивните духовни и плотни огништа - танцот.

Насловот на едно од тие платна ќе биде „Младата Циганка игра чочек". Тој ќе може да го разбере до најситни поединости секој детаљ од таа слика, дури и во најдлабока темница.

Прославата на Хедерлези обичајот. Посветување на пролетта. Празник на огнот и на светлината. А кај оние, кои наместо крст избрале полумесечина, и празнување на Курбан-Бајрам, тука е и сунетот, со задолжителното жртвено јагне.

Младите девојки се собираат покрај реката околу големото јаворово дрво и пеат посебно наменети песни за таа пригода, влегуваат голи во реката, се очистуваат себеси од сите греови и пороци, плетејќи врбови гранчиња во венец и ставајќи си ги на глава околу косата како дијадема, небаре воскреснале самовилите од бајките и прикаските. Тие танцуваат и уживаат, врзувајќи јаже преку најголемата гранка од јаворот и се лулаат преку цел ден. Вечерта, младите Циганки играат чочек покрај огништето. Тоа е еден мошне популарен, ориентален стомачен танц. И како што бидува тоа од памтивек и инаку со сите женски

срца од номадските племиња, така и циганските танчерки се неверојатно страсни, со врела крв. Некои велат дека врската помеѓу страсните танци и племенското потекло се должи во најголем дел на тоа што нивните мажи скитаат и талкаат наоколу (тие се чергари, велат), а жените се оние кои мораат да чекаат. Оттаму и таа страст, тој оган и плотни возбуди при изведбата на таа заумна игра.

На тој начин, и платната на Моно Џуапо беа мошне впечатливи со силата на својот наивен израз во целина и сам по себе, ако се земе предвид нивната ретка, скоро трогателна и детска искрена непосредност и едноставност. Така, тој бараше во куциот Моно Џуапо нешто како остварување и олицетворение на чудото од детските соништа за Силјан Штркот, кој него „го донесе на свет", низ

сликата на неговата мајка и во склад со бајките и приказните на неговиот татко.

Легендата за Силјан Штркот е мошне популарна меѓу македонскиот народ. Тоа е мит за чинот на престорување (мимезисот) на човекот во штрк, кој одлетал од своето село и заминал во големиот и широк бел свет. По својата одисеја, тој се враќа дома, престорен во штрк и се населува на својот покрив, кај оџакот, врз ќерамидите, гледајќи го животот на своето семејство отстрана, оддалеку, од дистанца, страдајќи.

Нашиот херој, како дете посмртче, не ретко умееше да се наднесе над татка си со прашањето:„Кој ме роди, татко? Каде е мајка ми?" А тој вазден му одговараше сѐ едно те исто:„Те донесе штркот, синко. Штркот те донесе од реката."

Сега, после толку долго време, нашиот херој мислеше на таа легенда како на некоја далечна асоцијација на човекот како син на Господа и можеби

само како сенка од дамнини, што го следи низ сказната за вечното Враќање на Блудниот Син и неговото каење поради сторениот грев.

Кога потпорасна, тој сфати дека мајка му умрела токму на неговиот роденден. Ете зошто тој се сметаше себеси за причинител и директен предвесник на нејзината црна животна коба.

Сети од дното на своето срце дека беше единствениот творец на нивната заедничка прокоба.

Се обвинуваше себеси до бесвест и постојано, со години и години, торжествено влечејќи го комплексот на вина низ сиот свој живот. Тоа му стана вистинска опсесија.

„Твојата мајка беше приказно убава жена, синко мој," рече Моно Џуапо.

„Се сеќавате ли на мојата мајка?" праша нашиот херој, нагласувајќи го мошне силно она „мојата", безмалку возбудено.

„Како би можел да ја заборавам твојата мајка? Ја портретирав како невеста. Зарем не го знаеш тоа?"

„О, да, да. Се разбира дека знам."

Нашиот херој сфати. Портретот што му ја заменуваше неговата мајка низ сите години на неговото детство беше негово дело. Тоа беше неговото ремек-дело. Тоа сакаше да му го каже и самиот. Иако најчесто тие зборови ги слушаше од својот татко. Сакаше на некој начин да му ја искаже својата почит. Но тоа беше невозможно да го стори сега. Беше едноставно глупо по толку долго време. Сакаше да му каже колку многу му значеше таа слика. На извесен начин, тој беше маг кој му ја оживуваше мртвата мајка.

Не му рече. Помисли за миг дека е невкусно да се фали со својата мртва мајка.

„Таа умре на твојот роденден, зар не?" изгледаше како тој да ги чита неговите мисли.

„Не знам. Татко ми обично ми велеше дека ме донел штркот од реката."

„О, вистина?"се насмеа тој. „Можам да си замислам. Нашите луѓе обично знаат како да ги украсат работите од нивната најсмешна страна. Вистински чешити ти се нашите луѓе, зар не?"

„Токму така. Но јас сепак морам да признаам дека долго живеев со таа чудесна лага, со таа убава бајка дека на свет ме донел тој китен сват, Силјан Штркот. Ми се допаѓа приказната."

„О, да, да. Тоа е прекрасна приказна. А, исто така, и мошне указателна, ако смеам така да се изразам. Не

можам да гарантирам и за твојот татко. Тој сега сигурно се превртува во гробот."

„Не знам. Има нешто чудно во сето тоа. Само до пред еден миг јас мислев на Блудниот Син и нешто околу безгрешното зачнување. Тоа комотно би можела да биде приказната и на мојот живот да можам сал времето да го растегнам како ластик и штом го испуштам едниот крај на ластикот што го означува минатото, да гледам како тој ми ја камшикува сегашноста. И обратно", се обидуваше да прави шеги на своја сметка Мат Џордан.

„Да, би можел, би можел, синко мој," рече Моно Џуапо. „Како и да е, твојот татко не беше никаков анѓел, верувај ми. Нека ми прости Господ!"

Тој беше човек со сребрени коси, по малку уморен од долгиот поминат пат и не веќе толку зборлест како порано, во неговите поодамнешни времиња, познат исто така и по својот мошне остар јазик без влакна, кој често знаеше да го подмачка и со плипот мрсни зборови и пцости. Веќе не беше ни многу добар собеседник, но не можеше да не се присети за таткото

на нашиот херој, додавајќи дека биле неразделни другари на млади години и чиниш откако во Равен се појави неговиот син, старата воденица на Моно Џуапо пак почна да меле брашно. Му зборуваше дури и на англиски. Понекогаш во неговото ателје наминуваа и странци, но тој сепак немаше прилика секој ден да врти компири низ јазикот. Сега беше и малку болешлив и чат-пат криво насаден, но не одби да му вети помош на својот млад собеседник околу обновата на семејната гробница во Равен.

„Обично никогаш не се бавам со вакви нешта. Никому не правам замет. Но сега, се разбира, за атер и

спомен на мојот стар другар, ќе направам гајрет. Само по исклучок,"рече најпосле тој.

Си ги стегнаа рацете.

Нашиот херој мислеше и веќе однапред можеше да насети дека уловил крап со обична мува на јадицата. Од ветувања куќа не се гради, велат нашите стари, но кога ветувањата излегуваат од устата на Моно Џуапо, тоа веќе си е друг есап, му зборуваа подоцна луѓето од чаршијата кога тој ќе им го спомнеше стариот мајстор.

Неговите вешти и мајсторски раце ќе втиснат дури и во правот на најтажните спомени нешто од неговата особена и простодушна леснотија, толку многу својствена на секоја христијанска душа, која на студениот и мазен мермерен паметник ќе легне уште полесно. Нашиот херој посакуваше од дното на своето срце, дури и однапред, да се откаже од што и да е што би можело да навести некаква емфатична самобендисаност или некоја вештачка и себична наклоност кон сопствените предци, особено не оној патетичен и одвратен провинцијализам и мастодонтски монументализам на новопечените богаташи, кои и на Равен не

му недостигаа. Тие веќе наголемо низ Равен и околу Равен ја лансираа својата нова мода на грандоманија во сè до што ќе се добереа, па дури и на самите новоселски гробишта. А долу, во градот, најголемиот дел од луѓето најчесто немаа ни што да јадат.

Таквиот став на нашиот херој, да подигне скромен и неупадлив вечен дом за своите предци и најблиски роднини, можеби не ќе биде прифатлив и разбирлив за скептичните граѓани на Равен, но тој не береше многу гајле за тоа. Беше дури и по малку несвесен за таквите

последици и можни реакции, макар само и како навестени исходишта.

Следните неколку денови тие ќе ги поминат заедно. Старата љубопитност во очите и карактерот на Моно Џуапо ќе избие на виделина одненадеж. Онаа живост во неговите движења и погледи нема да му избегаат од видот на нашиот херој. Сè ќе стане многу појасно, кога тој ќе почне да му зборува за неговиот дедо.

Моно Џуапо го познаваше многу подобро неговиот дедо, бидејќи тој доживеа да биде сведок на неговиот интересен и контроверзен животен (кривулест) пат низ Равен. Па така, и покрај тоа што му беше еден од најдобрите другари на неговиот татко, припаѓајќи ѝ дури и на истата генерација, тој сепак му беше многу поблизок на неговиот дедо, кој беше граѓанин на Равен во текот на сите последни шеесетина години. Татко му на нашиот херој отиде за Америка уште како млад и најпосле таму и умре. Дедо му, пак, дури и уште помлад појде преку „барата", бидувајќи печалбар во доцните триесетти, но тој сепак се врати назад и го помина својот век во Равен, сонувајќи и копнеејќи по Америка до крајот на својот живот.

*"Тешко вам книжевници, фарисеи, лицемери,*
*што го затворате царството небесно од луѓето;*
*оти тие не влегуваат во него, ниту давате да влезат*
*оние што би сакале."*

СВЕТИ МАТЕЈ 23/13

Тоа беа денови кога Господ почна да му врти грб на Равен. Луѓето се прашуваа - зошто? Што се случи? Чуму? Но одговорот беше сосема јасен, во секој поглед.

Најпрвин, поради војната, се разбира. Насекаде околу земјата се водеше војна. Вистинска војна. Во Хрватска, во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Косово. Да. И во Косово, исто така. Тој камен за сопнување на сиот југословенски простор. Косово, тој почетен фитил на секој заканувачки оган. Котелот на војната беше зовриен, веќе клокотеше.

Македонија беше оставена настрана. Одвоена. Далеку од тој пекол.

Сама во својата изолација.

Но заградена од секаде.

Некој ја нарече Македонија „оаза на мирот".

Тоа беше мошне далеку од вистината, се разбира.

Прилегаше повеќе на иронија. Дело на некој шегаџија.

Илјадници и илјадници отпуштени и невработени клетници излегоа на улиците, а на фабриките им удрија катанец. Затворени граници, блокади отсекаде, незадоволен и гладен народ што секое утро копа и пребарува по контејнерите, небаре пес скитник,

апатична маса која везден штрајкува, истакнувајќи го своето сиво знаме на општата сиромаштија.

Беше крајот на октомври деведесет и некоја.

„Што се случи со оваа земја за која татко ми ми раскажуваше бајки на времето?" праша Мат Џордан.

Моно Џуапо го намршти своето чело и рече:

„Што се случи? Што не се случи, синко. Има многу прашања, малку добри одговори. Но пред сè, трома, лоша, маратонска транзиција. Го обезличија општествениот капитал во приватен. Настапи една зеленашка приватизација. Се здружи крупната пара со политиката (еден проклето вносен спој), си го свртија своето ѓаволско оро и небаре како во прикаската за дедото, бабата и репката си ја наврзаа опашката еден за друг, како октоподи во морето. Кажано со еден збор, се случи грабеж. Невиден грабеж. Се создадоа нашите т.н. тајкуни, домашни моќници, новокомпонирани капиталистички босови. Оние што плетеа и сè уште плетат мрежи со политичките ловци на туѓите имоти. Марксистите кај нас тоа го викаа 'првобитна акумулација на капиталот, кадешто човек на човека му е волк', а еден мој омилен писател од Равен се мајтапи на поинаков начин со тие апашки унери. Вели: ЈАС ГО РАЗБИРАМ СВЕТОТ КАКО ПОЛЕ ЗА ПАСЕЊЕ ТРЕВА НА ПРЕКУМЕРНИ СТАДА СИТИ ОВЦИ И ЕДНА ГЛУТНИЦА ВЕЧНО ГЛАДНИ ВОЛЦИ".

„Па зар овде немате власт, судови, полиција?"се чудеше Мат.

„О мил мој. Се гледа кој не живеел на Балканот. Овде се пее поинаква песна. Кај нас транзицијата еден ден ќе навлезе и во третата деценија на третиот милениум, а од државата нема да остане ни камен на камен. Ни гол скелет. Банките си го сторија своето. Со

своите лихварски камати приграбија сè што можеше да се приграби од оваа и онака сиромашна и од Бога заборавена земја. Фирмите паднаа на тоа дереџе да ги нудат за бадијала. За еден денар по парче на берзата. Транзицијата намерно се оддолжуваше за да се изглодат коските на она што беше преостанало од нив. И потоа да ги купат за џабе. Сега се на ред долгите и исцрпувачки стечајни постапки, а главни играчи во орото се бившите директори, луѓе од власта и нивните трабанти. Тие со помош на своите мали влогови и лихварски банковни камати, ќе дојдат до своите коски, до своите тапии. Претставништвата во странство прекуноќ го префрлија својот имот во банките на Кипар, Доминиканска Република, Панама, Тајван, Тонгузија и каде ли уште не, а нивните чувари на печатот сега се враќаат назад како новопечени, тазе богаташи, спасители на народот, добротвори, донатори и ктитори на нови духовни конаци. Со 37% невработени станавме европски рекордери во сиромаштијата и сè само поради тоа што требаше да си ги наполнат џебовите грст криминалци, а примерите на Словенија, Чешка, Унгарија и другите ни беа пред носот. Ни ги бодат очите сé уште. Ја уништија средната класа и сега имаме една лакома и ненајасна глутница богаташи, наспроти нешто малку ситна боранија во администрацијата и огромна маса сиромашен народ, што пасе трева. Ете, тоа ти е денес Македонија. Но што ти зборувам јас тебе за овие наши несполуки. Што нè засега тоа нас. Ајде да си ја свртиме водата на нашата воденица."

Нашиот херој и стариот сликар Моно Џуапо навистина не изгледаа многу засегнати тие денови. Тоа како да не допираше до нив. Воопшто. Или барем се трудеа да не му придаваат преголема важност. Ги

вртеа очите настрана. Си ја туркаа главата во песок. Се трудеа да ги поминат своите тивки денови во Равен, седејќи везден покрај маслинката, налевајќи си и густирајќи од прочуената мастика, јадејќи црвени зрна калинки, под дебела сенка, крај вечниот жубор на блиската река, ни едниот од нив не зборувајќи премногу. Подоцна, Моно Џуапо потспомна некоја грчка лакрдија околу маслиновото дрво, велејќи: „Маслиновото стебло никогаш не умира. А ти знаеш, пријателе, Персефона, божицата на севкупната плодност на земјата (човековата, растителната, животинската) имаше обичај да оди кај мртвите, јадејќи плод од калинка, црвен како крв и потоа, напролет, се враќаше во светот на живите, доволно силна да им се придружи".

Тоа беше приказната за цикличниот круг на вечното раѓање од митологиите на древните цивилизации, се сети Мат. Но Персефона веќе не постои. Таа нè напушти сè уште несвесни, крвожедни и неосвестени. И можеби дури повеќе отколку порано, кога таа напролет ги предводела оние долги и свечени процесии на елевсинските мистерии. Зар не, сликару? Којзнае. Во секој случај, таа не пропушти да нè казни и тоа го стори толку сурово и решително што изгледа дека засекогаш заборави на нас. Така, се претворивме во харпии, јадејќи се самите себеси. И можеби имала право. Кој сееше ветар, нека жнее сега бура.

~~"Дали ова треба да се сфати како некоја тајна~~ врска со мирот?"праша нашиот херој, наместо да се плетка и бавта со антиката пред стариот мајстор, која и онака не му беше богзнае колку јака страна.

Моно Џуапо сепак изгледаше изненаден. И небаре му го одобрува прашањето, го измени изразот на своето лице.

"О, немам поим, навистина. И што би се рекло, јас не сум токму фацата која разрешува такви големи државни проблеми. Но сепак, би можело и така да се каже, синко мој. Барем што се однесува до маслиновото гранче, зар не?"

"Да. Во право сте. Вашата сребрена коса ви ги обезбедува сите права на овој свет."

"Добро кажано, нема што. Моќ на забележување. Таков беше и татко ти. Крушата под круша си паѓа. Да не си и ти некое чкртало, а?"

"Нема шанси. Јас сум ви повеќе нешто како ѕиркач. Љубопитно душкало. Обичен читател, ништо друго."

"О, каква убоита скромност. Но, нека, нека. И тоа не е лошо. Се сеќавам, твојот дедо имаше обичај да бележи секакви народни пословици. А и татко ти, исто така, не беше ништо подолу од него. Тој беше вистински собирач на најразновидни народни умотворби, песни, шеги, обичаи...Беше луд по нив."

"Го знам тоа. Тоа му стана професија. Со тоа си го вадеше лебот во Америка. Затоа јас ја избрав музиката".

"И се надевам нема да ми кажеш дека единствената музичка вештина ти е да бидеш добар слушател."

"Зошто не? Да се биде добар слушател не е ни толку лошо занимање. Во секој случај, можам да се обложам дека е сé поретко. Впрочем, се сеќавате на Светиот Апостол Павле и неговото послание до Римјаните, кога вели ´Слушањето е заборавена уметност´... Да. Не е лошо да си добар слушател. Или

добар гледач во сликарството, зар не?"

"Воопшто не ми изгледаш за таков."

"О, ви благодарам, господине! Не ви изгледам како добар слушател, или како добар гледач?"

"Ни едното, ни другото, синко. Напротив."

"Од лошо полошо. Како ви изгледам?"

"Поамбициозен. Попаметен. Побистар, полуциден, поостроумен. Затоа, помислив за миг: момчето мора да е писател."

"Жалам."

"Зошто?"

"Па, добро. Што знам. Се сеќавам, татко ми имаше обичај да каже - Писателите се најгрешните луѓе на светот, тие се проколнати и во Библијата. Тие беа обвинети дури и за распетието на Исус Христос. Можеби бил во право, којзнае. Какво е вашето мислење за тоа?"

"О, јас не мислам така, се разбира. И наспроти Платоновото изземање на поетите. Нив, се сеќаваш, нели, тој ги истера од неговата ´Држава´?"

"Кутрите поети. Тие отсекогаш биле проколнати. Татко ми, исто така, ми велеше дека најголема казна за секого е ако умре сам, на туѓо огниште."

"Но не беше многу предвидлив и во својот сопствен случај. Тој умре во туѓина."

"Да. Не беше. За жал. Да знаеше, кутриот, самиот ќе си го ископаше гробот. Тука. Во Македонија."

"Жал ми е, синко мој."

"Благодарам! Затоа и си дојдов дома, најпосле. И можеби ќе сторите и вие нешто да ја измениме барем троа оваа прокоба."

"Ќе сторам сé. Ќе сторам. Без грижи. Ти ветив, зар не?"

Се гледаа за миг.

Моно Џуапо се насмевна тажно кон него и му ја стави раката на рамото. Си налеаја од студената мастика во тивко обострано разбирање, среде тој

(повеќе од речит) молк. Сé наоколу беше тивко, како што тоа обично бидува и како што мора секогаш да биде среде гробиштата, надвор од градот, во близина на реката, што течеше мирно кон западната страна на долината. Само едно јато чавки крескаше по светлината на денот што се губеше зад клисурата, криејќи се некаде отаде река.

*"На пат одам, за пат прашам*
*- кој пат оди Мариово?"*
(СТАРА МАКЕДОНСКА
НАРОДНА ПЕСНА)

На зајдисонце нашиот херој запали свеќа на гробот од својот дедо. Моно Џуапо се сеќаваше: кога тој се врати од Америка, сé уште изгледаше добро. Како што вели поетот*, "неговата тупаница беше јазлест чекан и беше брзоног како елен спогнат", и уште еден стих што прилегаше на неговото враќање од Америка: "Одеше со војнички чекор, а замина не мислејќи дека живееше барајќи и никогаш не наоѓајќи". Тој беше вистински маж (од глава до петици) и стори да посакуваме сите да сме на негово место.

Но подоцна, како што одминуваше времето, работите се менуваа, а година за година, се измени и тој, исто така. Косата му побеле, забите му се проретчија, светлото во неговите очи се намали. Но и покрај тоа што бевме создадени од едно исто тесто, што се вели, тој сé уште беше некако поинаков од нас. Не би можел да кажам на кој начин и точно како, но тој беше некој вид посебна, би рекол човек, ретка преселна птица, така што сите ние кои се угледувавме и сметавме на него, иако никој премногу, се разбира, на крајот од краиштата, бевме убедени дека тој е

*Стефан В. Бенет и Едвин А. Робинсон

изгубен засекогаш и како што си минуваше времето, тој сé повеќе и повеќе заличуваше на секого од нас и ние сé помалку и помалку му завидувавме. Се сеќавам на неговата борсалино шапка, на неговиот костум од панама штоф, на неговото вечно луле во аголот од устата, на неговата иронична, безмалку сардонска смеа и на оној засипнат глас. И особено, на неговото карактеристично и зајадливо поткашлување.

Тој никого не мразеше.

Но се случи така, што небаре сите се натпреваруваа во тоа кој прв ќе му стокми некоја свинштина, за жал. Да. Така беше. Му враќаа со скомраз.

Сé на сé, тоа е времето на кое јас се сеќавам на драго срце (којзнае, можеби затоа што тогаш бевме уште млади, барем јас бев млад, ако не тој), но без било каков заборав или замаглување во мојата свест околу нашиот град, нашиот Равен, нашата околина, и без оглед на големата омраза и злото што му го нанесуваа, јас и сега сосема јасно се сеќавам на сликата како тој успеа да си достои да им погледа на сите право во очи без отстапка пред никој, со својот храбар и отворен поглед, што му го овозможуваше неговиот карактер на роден борец, неговите неволји, и кон крајот на животот, неговата верба на еден старец во "лебот наш насушен". Тоа јас можам да го согледам сосема јасно. И сега. Дури и сега. По толку години. Тоа беа времињата што ние ги викавме "волнени" закрпи, партали, крпенки - сиот наш "крпен живот".

И по сето тоа, да се има сили и да им се насмевнеш в мустак на сите прогонители, на сите подлизурковци и лижисани, со пораката:

"СОМНЕВАЈ СЕ ВО СЕКОГО! АКО НЕМАШ НИКОГО ВО КОГО ДА СЕ СОМНЕВАШ, ТОГАШ СОМНЕВАЈ СЕ ВО САМИОТ СЕБЕСИ!"

"За таквиот став на една колосална и непомирлива самоиронија, требаше да се има и храброст и мадиња, синко мој. Да се потсмеваш со својата сопствена горчлива судбина, но и да се собере машкост да му вратиш со еднаква мерка и на противникот. Тоа не беше лесно. Никако. Тој го имаше сето тоа. И уште како. Сети се! Сомневај се во секого...! Ова секогаш треба да го повторуваме во еден глас. Како молитва!" рече Моно Џуапо.

*"Бог да бие*
*кој прв спомна Америка..."*
*СТАРА МАКЕДОНСКА*
*ПЕЧАЛБАРСКА ПЕСНА*

Утредента тие се сретнаа во ателјето на Моно Џуапо. Тој живееше сам, во својата голема куќа, на врвот од ридот. Само одвреме-навреме го посетуваше ќерка му Невена со нејзините две момчиња, постојано и претерано палаво весели, барајќи нешто невозможно сето време и трчкајќи наоколу. Куќата беше удобна, со голема бавча и овоштарник, со неколку стебла дуњи, јаболка, вишни и една голема маслинка токму на средината од бавчата. Тој беше вдовец повеќе од петнаесет години, водејќи сосема самечки живот, посветен на своето сликарство со целата своја душа и тело, без какви и да е други желби и потреби.

Еднаш или двапати неделно му доаѓаше една жена од соседството да го исчисти, да го испере, да го спастри и да му ја потсуреди куќата. Но никогаш неговото ателје, таму не смееше никој да чепка. Тоа беше неговото царство. Таму владееше целосен хаос и покрај многуте посетители и гости, кои знаеја да

бапнат отсекаде и скоро секој ден, без исклучок, било утро, пладне или вечер. Тој имаше секогаш нешто ново да им покаже. И како што времето си одминуваше, тој станувааше сè поприврзан кон своите слики и одбиваше да продаде макар и едно свое платно, без оглед на тоа каква сума пари му нудеа и без оглед на тоа кој е купецот.

Немаше сомнение дека тој беше доволно богат за да почне да си ги чува своите слики крај домашното огниште и да ужива во своето дело до крајот на својот живот. И онака, кога ќе умре, ќе нагрнат полно крчмари да го раскрчмат неговиот духовен мираз. И не беше никаква тајна дека неговите слики беа обесени насекаде, но најмногу кај нас, во Македонија, се разбира.

Така, тој не беше жеден за слава, воопшто. Не ретко велеше: „Слава! Чуму ми е?! Не спомнувајте ми ја таа грда караконџула! Таа е чудна гостинка, таа неверна измамница. Како дошла-така ошла, правејќи само дар-мар во твојата глава, а потем и во твојата сопствена куќа, настојувајќи да те скара најпрвин со себеси, а потем и со сите други! По неа секогаш одат сенките на зависта, злобата, суетата. Суета! Сè е суета на овој свет, та дури и во Светото Писмо е запишано така од раката на Проповедникот, зар не?"

Да. Тој не даваше ни пет пари за славата. Како, впрочем, ни за парите. И не беше свесен дека ги поседува. И обете.

Нашиот херој се интересираше за мошне познатиот циклус околу Циганскиот живот. Благодарение на него, тој беше прогласен за цар на наивната уметност пред некои триесетина години и уште како крал на огнот, како што беше спомнато и

порано. Немаше платно на кое не гори вечниот оган на скитничкото, чергарско племе на Ромите.

Моно Џуапо, од своја страна, сакаше да му покаже нешто друго. Тој го влечеше кон платната што изобилуваа со разновидни сцени од печалбарскиот живот и иселеничкото движење на нашиот народ од Македонија во Америка. Некои портрети, некои посебни и мошне карактеристични лица, предмети и

предели поврзани со нашата дијаспора. Нашиот херој го препозна стилот, колористиката од старите платна, сеќавајќи се на портретот на својата мајка во нивниот дом, во Њујорк.

Беше мошне возбуден тој миг.

„Немој да ме разбереш погрешно, но ако сум љубоморен на нешто, синко, тогаш тоа е овој дел од моето сликарство. Тие платна не би ги продал за никакви пари на светот. Се надевам дека не ти изгледам многу вообразен, себичен и луд поради тоа. Досега не сум лавнал, не сум треснал пред некој ваква глупост. Барем досега. Не сум толку самобендисан шутрак, јок џанам. Верувај ми. Ти говорам искрено. Од срце. Еве, ги гледаш овие чуда и бесови. Сè започна околу Јуриетот. Бедата на нашите луѓе по Балканските војни беше таа мака што ги натера да си ја врзат бовчата на рамо и да тргнат на тој далечен пат без враќање, преку море, преку „барата", како што се вели," зборуваше тој.

Можеше да се види конвојот од нашите бедни селани со грутка земја (од нашата родна почва) врзана во шамивче, со нафора од леб и сол, со дрвен куфер од дабовина и со тешкото оро за разделба со оние бавни,бавни, речиси, трагични чекори и движења, со илјадници и илјадници лелеци и пискоти на зурлите, единствената гајда и налудничавите тапани. Гласовите

на жените што редат и децата што плачат при нивната тажна разделба, по напуштањето на тие запустени села, расфрлени високо по планините и спуштајќи се долу во ширната и рамна долина покрај Бело Море.

Нивната прва станица беше пристаништето во Солун.

Целта: Америка. Ветената земја. Ел Дорадо.

Големиот црн параход.

Последниот пискот на сирената во ноќта.

Тие ќе легнат долу во потпалубјето, мртви пијани, со дупки во главите и со уши што ѕујат со илјадници звуци откако се збогуваа. И уште детски плачови, пискотници од жени...

Тоа ќе биде оној ист пат по кој ќе тргнат и многумина, илјадници и илјадници бедни и гладни јужни народи од Италија, полно Сицилијанци, Евреи, Грци, Турци, Полјаци, Хрвати, Срби, Бугари, Чеси, Словаци, Македонци, Руси, Муслимани, Роми, милиони, милиони емигранти. За многумина од нив тоа ќе биде последно патување. Последно збогување. Пат без враќање.

- Види го ова! Гледај го ова чудо! Овој тип со филцан шешир и монтгомери мантил! Тоа е нашиот славен свинг, Гого Капка! Најдобриот другар на дедо ти во Америка...

Да. Сѐ што сакав да сторам со овие свои мачкотници, чинам, во овие неколку платна донекаде може да се најде, или барем да се насети. Но не сакав со нив само да му ги замачкам очите на светот. Сакав нешто друго. Се обидував да проговорам за нашите обични луѓе, нашите прости истории, радости, жалости. Нашите болки, загуби,  добивки, зијани, ќарови. Има тука и живи херои, но тука и таму ќе се најде, ќе се промолкне и по некоја мртва сенка, има и играчки од слама, разни страшила и караконџули, има

вампири и ѕверови, има сонувачи и месечари...секакви мостри има тука, синко мој. Тоа се приказните за нашите иселеници од некои поодминати времиња, тие што ги запалија своите огништа далеку, многу далеку, оставајќи ги усвет своите стари стреи, за најпосле да ги најдат своите места под сонцето за своите семејства таму и да истлеат покрај нив. До пепел. Тоа беа огновите на првите, вторите, третите, и веќе не знам

кои по ред генерации наши печалбари во Америка. Тоа се луѓето како Гого Капка, твојот дедо и сите други што имаа копци да потеглат бела света за корка леб. Но морам да ти кажам една работа, синко мој. Во нашата македонска традиција сите тие, помалку или повеќе, си ги земаме... како да ти кажам...знаеш... е, де... за онакви, троа шантиклер, со мушици во главата, чудаци. Претпоставувам дека за такви ќе ги земаат насекаде низ светот. Но тие, исто така, беа и храбри, можеби троа лековерни курнази и сербези, но ние по малку им завидувавме на храброста и лудоста. Не беа кутри и прежалени трагикомичари, какви што некои сакаат да ги прикажат, ами тие беа наши херои на кои скришум им се восхитувавме по малку. Не земај ги многу здраво за готово моите зборови. Јас само онака, малкуцка сакав да им пристапам отпатно, по некои свои заобиколни патишта, тоа поучените глави од нас го викаат „уметничка точка на гледиштето", зар не? Демек, само на тој начин ме интересирале тие мене. Во облик на некоја повисока реалност. Изместена слика на реалноста. Можеби грешам. Не знам. Така велат тие, оние со подебели диоптрии од мене. Учените глави.

Но ти знаеш, тие веќе и во песните се опеани, зар не. Велиме „печалбари", но би можеле исто така да кажеме и „оние што прават пари", зашто и во самиот

корен на зборот „печалбар" стои основното значење - печалот, жалоста, но и добивката. Така, поговорката „без мака нема нафака" е апсолутно природна изрека и во нашиот, домашен идиом. А каде се парите, нели, таму е и јанѕата човечка. Улерата, кобата, несреќата. Зависта. Омразата. Прокобата. Отепувачката.

Ама на кого тоа јас му зборувам? На еден роден Американец! Јас, кој никогаш не бев таму!

И - да. Патем , да не заборавам.

Кога почнав да ти ги плеткам, да ти ги оживувам тие свои слики, тие свои метежни спомени, би сакал уште ова да ти го кажам. Отсекогаш ми се врткаат на ум тие работи.

Има две нешта што никогаш не ми излегуваат од памет и не треба да се испуштат од вид. Нив можеш и самиот да ги уочиш. Едната се однесува на деда ти, а другата на татка ти.

Првата генерација појде во Америка да заработи пари, напуштајќи ја својата родна грутка, но исто така и нивните семејства, домови, жени и деца, со само една мисла и единствена цел - да се врати назад што е можно поскоро, под старата стреа и да остане македонска засекогаш. Тоа беше генерацијата на дедо ти.

Втората, третата и следните генерации ги подигнаа своите домови и своите семејства отаде, преку море, во Америка. Нов живот, во новиот свет. Така, тие ја напуштија својата основна цел: да се вратат назад, во Македонија. Тие, едноставно, станаа Американци. Тоа беше татко ти. Тоа си ти.

*"Морски лав во пустина! Како можело тоа да се случи? Кога некој еднаш ќе заседне на некое место, без разлика колку и да му е чудно, тоа почнува да му станува дом."*

JOHN ELDREDGE: "THE JOURNEY OF DESIRE"

Куќата на неговите предци беше празна, напуштена и речиси во урнатини. Тоа беше една старовремска куќа во најстариот дел од градот, во Горно Маало, изградена пред скоро сто години. Беше наша, типична македонска куќа на два ката, со мошне карактеристични тесни прозорци, чардак, трем и она задолжителното што оди со нашиот македонски обичај - двор, широк двор со голема бавча и овоштарник барабар со тоа.

Последниот станар во куќата бил некој далечен роднина на нивното семејство, кој се иселил уште одамна на некое друго место, поблизу до центарот на градот, во оние големи заеднички станови што власта ги изгради последните неколку години за граѓаните со пониски кирии, по Втората светска војна.

Сè до пред неколку години, неговиот стрико беше единствениот што се грижеше околу куќата, барем по престанокот на законот за национализација. Но сега, по неговата смрт, куќата беше оставена на милост и немилост на некои ретки птици, случајни намерници и злобни соседи, познати кај нас од прикаската за мртвата комшиска коза. Би можело да се каже дека таа беше сега повеќе како некое средиште на сенките и вампирите.

Мат Џордан стоеше за миг пред големото огледало во претсобјето, кое по некое чудо успеало да опстои во својата првобитна состојба уште кога пред многу години дедо му го довлечкал од Солун и си го поставуваше веќе којзнае по кој пат истото прашање: -Што ли матиш овде, пријателче, во ова живеалиште на духови, во оваа стара куќа, на која одамна ѝ се нагниени сите штици, тавани и диреци, на која дури и ќерамидите ѝ се варосале од стогодишните дождови и врз нив се налепиле лишај и маховина, кадешто е собиралиштето на сите сеништа?

Тоа прашање висеше во воздухот и ѕиркаше од секој ќош на големото огледало како одблесок на старите испокршени парчиња мебел што беше преостанал од некогашните станари и сејбии, но во неговите мисли одговорот на него беше секогаш само еден и ист: -Мавај се оттука, пријателе, бегај и витосај се од оваа столетна реа на гнилеж и распаѓање. Врнело, трештело, грмело, светкало, паѓало гра́д,

дожд или снег, излези сам во големата темна равенска ноќ и погледај право во ниското и мрачно небо, низ кое облаците се бркаат како рогати овнови.

Го зеде чадорот набрзина и без наметка за дожд се спушти кон градот. Вчера врнеше цел божји ден. Есенското време доаѓаше со барабани. Мирисот на влажно овошје, на свежо ореово лисје и дуњи, допре од градината. Тој остана во креветот цела ноќ. Денес, по вчерашните обилни и силни дождови и грмотевици, напротив, беше ветровите и студеникаво.

Излезе рано од дома и појде кон угорнините на Црн Врв, шетајќи покрај реката. Погледот кон Равен беше ширно отворен. Седна на врвот од ридот и почувствува како тревата сѐ уште е влажна. Ветерот

повторно се здаде од северозапад и ги заниша гранките на дивите костени покрај реката. Бран од жолто лисје му го помилува лицето кога се врати назад и помина покрај дрворедот на брегот. Од обилните дождови, реката како да се закануваше дека ќе се излие од своето корито. Не се случи тоа.

Утредента, кога го сретна Моно Џуапо, со кого и онака беа комшии и живеаја во непосредна близина еден со друг, откаде што, исто така, потекнуваше и старото комшиско пријателство помеѓу нивните две семејства, стариот сликар му подаде некакви хартии. Му рече:„Ова е криминалното досие на твојот дедо!"

Мат Џордан беше вистински изненаден. Безмалку, саштисан, сиот воомјазен. Ни на крај памет не му паѓаше некоја таква мисла. Какво криминално досие?! Та тој во своите спомени за својот дедо чуваше само бајки и легенди од прикаските на неговиот татко. Какви досиеја, какви салтанати...ви се молам?! Ни на

сон не можеше да помисли на такво нешто. Нешто толку страшно.

Моно Џуапо сфати. Му должеше добро и темелно објаснување.

„Синко мој, допушти ми да ти кажам нешто во доверба. Знам дека те изненадив. Од небо па во ребра, што се вели. Знам. Звучи необично и неверојатно, но ваму и таму можеби ќе слушнеш некакви гласини за твојот дедо. Не сакам да бидеш изненаден. Сакам да бидеш цврст и подготвен за секакви далавери со кои равенските чешити можат да те почестат во наредните денови. Има толку злобни луѓе долу, во градот. Затоа, мислам дека е многу подобро ако од мене ја слушнеш целата вистина, наместо маалски озборувања. Најнапред, мораш да сфатиш една работа - твојот дедо беше мошне сомнителна личност за бившите

комунистички власти. Беше затворан неколку пати и беше под постојана присмотра на Тајната полиција и нејзиниот режим. Од УДБА и ОЗНА, до секој комшиски тастер и секоја градска алапачерда-јазичарка што секогаш сѐ дознава. Но ти, што и да чуеш, знај само едно:-Дедо ти беше извонреден човек. Скромен, умен, чесен. Живееше чесно и умре чесно. Исправено. Со крената глава. Како добар и вистински Македонец, но над сѐ, како добар и чесен човек, што е најважно од сѐ. Сега, секогаш, секаде и во сите времиња, зар не?

Прочитај го ова мошне внимателно! Ќе ти треба да знаеш.

Уште од поодамна ѝ дадов на една умна и учена девојка најважните делови да ги преведе на англиски, кога тој уште пред смртта се обидуваше да го оствари правото на својата американска пензија.

Го добив по неговата постхумна рехабилитација, пред неколку години. Ми го дадоа како на негов најблизок пријател и во недостиг од некој друг близок роднина. Се обидував да му се јавам по телефон и на татко ти, но тој тогаш падна болен. Залегна. Чекав да дојдеш ти и на тебе сè да ти дадам. Чекав и дочекав. Еве. Сега читај и не заборавај! Никогаш! Земи го, синко мој! И патем, да знаеш, јас сум човекот кој ги венча твоите родители. Исто така, името Мат Џордан, во чест на твојот дедо и како што си е ред по нашиот народен обичај и стар семеен адет, јас ти го кладов. Така, јас сум твојот кум, а ти си моето кумашинче, ако не ти пречи".

„Да ми пречи!"чиниш се избезуми од среќа нашиот херој. Се вџари сиот и в миг во Моно Џуапо. А тој, не очекувајќи таква радост, пропелтечи:

„Што? Зарем ти не го знаеше тоа?"

„Не. Не знаев," призна тој, сè уште изненадено.

„Сега, ете, знаеш, синко!"

„О, Господи!" се провикна тој и му се фрли во прегратките.

Нашиот херој сè уште како да не можеше да верува. Беше вистински замелушен од среќа. Тоа беше единствената радосна вест што ја слушна по толку долго време.

КРИМИНАЛНО ДОСИЕ
НА МАТЕЈ ЈОРДАНОВ ОД 1946-1962
(Служба за внатрешна државна безбедност)
- КРАТКИ ИЗВАДОЦИ:

*Мај, 11-ти 1946*

Денес беше приведен на сослушување Матеј Јорданов. Вистинска ретка птица. Но тој одби да ја запее својата песна. Сепак, ќе сториме сé да го притиснеме до ѕидот и ќе го принудиме да пее.

Она што досега го знаеме за него е дека бил на печалба во Америка пред десетина години и дека се вратил на почетокот од војната. Се бореше со партизаните, што е во ред, но тој не е многу "чиста пченица" по прашањето: -Сремски фронт или Солун? Многу наши сведоци потврдија дека тој се определил за втората, за онаа другата страна. На тој начин, го предаде комунизмот. Нема сомнение. Така, си го задржа своето мислење, верен на своите капиталистички идеи. Америка сé уште му се врти во главата. Доказ: по ослободувањето, одби да соработува и да ја подели својата куќа и имот со Новата Народна Власт, велејќи: "Јас имам двајца синови. Исто така, жена и стари родители. И тие мора да живеат. Можам да се откажам од стоката, како и од дел од земјиштето, но не можам да се откажам од сé што сум спечалил со тешка мака и пот низ белиот свет, со моите десет прсти и две раце." Да. Токму така рече. И сега е

сосема јасно дека тој е себичен, сомнителен, профитер. Тој не нé сака нас. Тој е кулак, експлоататор, капиталист. Припадник на идејата за ВМРО. Мора да биде казнет. Им прави лоша услуга на широките народни маси, тој е лош пример, црна овца во стадото. Мора да му летне главата. Колку поскоро-толку подобро.

Забелешка (меѓу редовите, со ракописот на М.Џ.):

*По оваа епизода, тој беше осуден на 6 месеци затвор од Народниот Суд, без каква и да е регуларна судска постапка).*

*Септември, 16-ти 1949*

Матеј Јорданов беше приведен на сослушување околу случајот со градбата на Општинската зграда. Тој се појави пред другарот Дечков, одговорен за проектот, обидувајќи се да нé спречи во намерата да пристапиме на градилиштето. Неговото објаснување и мотив беше дека сме почнале да копаме токму на неговото катастарско место. Другарот Дечков постапи според строго пропишаните правила и му покажа цел куп уредни и валидни документи според деловната книга за Народниот Имот, но тој одби да се повлече. Така, другарот Дечков беше присилен да го приведе на с о с л у ш у в а њ е (последниот збор беше прецкртан со раката на Моно Џуапо и заменет со зборовите т е ш к о п р е т е п а н, со додатната забелешка:

*-Подоцна, тој беше донесен во болницата, во крајно тешка состојба. Мојата жена беше медицинска сестра во болницата и таа ми е најдобар сведок за тоа.)*

Остатокот на протоколот е како што следува:

Матеј Јорданов е многу необична личност. Тој ѝ припаѓа на првата генерација наши печалбари што заминаа во Америка. Појде преку море со своите другари и остана таму сѐ до Втората светска војна, изучувајќи го мошне добро англискиот јазик и служејќи се патем и со некои други, колку за употреба и конверзација. Работел во Фордовите фабрики. Исто така, едно време бил и службеник во Црвениот Крст, работејќи на проектот за хуманитарна помош на Советскиот Сојуз, доаѓајќи и во Европа по тој повод.

Од тие времиња потекнува и сликата со некои советски авторитети. Ете зошто бевме принудени да спроведеме една детална истрага околу овој случај. Ова е негова втора осуда и неговата можна врска со некој советски шпион мора да биде докрај истражена.

*Забелешка: 3 месеци затвор и во продолжение, со раката на М.Џ.:*

*Интересно!-пишуваше тој. Тоа беа деновите на масовните затворања по повод ИБ-то (Информ-Бирото, кога Југославија се оддели од СССР и Источниот лагер) и тие се обидоа и него да го испратат на Голи Оток. Единствената причина што ги спречи во намерата беше тоа што тој, за среќа, никогаш во животот не бил комунист, додека на Голи Оток ги испраќаа само бившите комунисти, што би се рекло, оние, первертираните комунисти. Како и да е, тој не се вклопи во планот. Инаку, не му гинеше*

*робија. Така, КПЈ осуди повеќе од 100.000 лица во текот на следната декада, а уби околу 15.000 од нив.*

*Јули, петти, 1950*

Матеј Јорданов е голем демагог, но ние мораме да го демаскираме. Тој постојано си седи дома, би рекол човек, квачи јајца под фустанот на жена му, никаде не излегува, ништо не работи, ниту чита, ниту пишува што и да е, барем едно писмо да чкртнеше, или некоја поплака да скурдепсаше до своите странски доушници. Но, не бре брате. Ништо. Ништо. Нула салдо.

Па сепак, тој за нас е сомнителен. И уште како.

На пример:

Ако случајно излезе надвор, тој не влегува во кафеана, или некаде каде што сиот нормален свет оди, ами ќе ти се залепи за клупата во паркот, или пак ќе ти гувее пред фонтаната во центарот на градот, небаре млада невеста, чекајќи некој од своите шарени птички, јабанџии. Тој не зборува со нашите луѓе, не им го арчи муабетот, се крева на големо и го прчи носот. Горд е како пупунец. А зошто? Затоа ли што научил да плампа некои странски лакрдии и унерии? Тој само сака да се чалами со некои лепешки од анасана што чат-пат ќе дојдат да ни го засмрдат градот. Но некои од нашите дошепнувачи му го расипуваат филмот со троа турски, цигански и наши домашни пис досетки, псовки и дофрлувања. Тој само ќе промрмори нешто како одговор, ни самиот не знаејќи што и веднаш потоа ќе подвие опашка и бега од нас, како ѓаволот од крст. Да. Од нас бега како попарен, ама од Небојша М. не бега. Тој непрокопсаник, инаку брат на нашиот честит и славен првоборец и полковник, кој наскоро ќе ги прикачи и генералските еполети во ЈНА, во

Белград, постојано се мотка околу Матеј Јорданов. Си го имаат муабетот. Си имаат алаш-вериш. Кога ќе се заприкажат во паркот, со часови и часови не се делат. А кој сагламен човек и граѓанин на Равен освен него му го арчи муабетот на тој ајдапсаз, пијаница и пробисвет? Никој. Никој друг. Тој манук сал чека да ни дојде на гости некој буџа, некој главуч од Скопје и ќе почне да меле трици наоколу за колежот на козите, за СРЗ, за убиството на селанецот и смртта на селото, за Голи Оток и сé што ќе му брбне во неговата пијана лејка. Ете, пред некој ден беше тука другарот Белич, кој во друштво на другарот Дечков влезе во ресторанот на хотелот во центарот на градот на по една ладна пијачка и за нив веднаш се залепи тој, Небојша М. И веднаш почна да сере кваки и да истура како навиен на кофа во празен бунар. Демек "кај било Неговото Височество, царот Тито на прошетка низ белиот свет и кога ќе почнал да прима поплаки во Белиот Дворец, сакал да му пријави кражба на сто кози од стадото на другарот Дечков, што ги собрал од селаните на Ерџелија, Шашаварлија и Чардаклија... ако кај нас треба некој да се убива и коле, тогаш тоа се воловите-комунисти со кои гладниот народ поарно ќе се засити... да му каже дека греота е да се убиваат кутрите кози кога тие во Равен и околу Равенот пасат само трева, троскот и пиреј ...оти во Равенот освен тоа ништо друго и не вирее, а камо ли шумите да ни ги брстат, таманат и оголат...да му кажам дека во Грција има три милиони кози...во Франција девет и којзнае уште колку овци, волови и крави, а пак и да не зборуваме дека таму селанецот се гости и излегува на пазар со по 500 мостри сирење, а нашиот гол и бос селанец гладува и пека оти нема што да јаде... а не пак дека сака пропаганда да шири кога на очи е слеп и

неписмен од памтивек и затоа во затвори и казамати да гние и да чмае...да му кажам дека кај нас има само овци за стрижење и дека во бачила без пци е лесно да си волк и оти ситиот на гладниот не му верува...но ако сакаат да не му го кршат атерот на царот, тогаш тоа си е друга работа..."

Демек, ете што си скроил во својата празна лејка тој неранимајко, тој абдал и латвик Небојша М., а од него нашата шарена птичка Матеј Јорданов не се дели, по цел ден нешто си гугукаат и чуруликаат низ паркот, а пред нас не сака да запее. Но и другарот Дечков не му остана должен на тоа шпоте новоселско, што коските во Идризово ќе ги остави. Му рече: "Ако другарот Тито е цар, тогаш ти си дворски шут. Во секој царски дворец мора да има и по еден дворски шут. Ако не ни веруваш нам, тогаш оди во Белград и прашај го брат ти. Тој ќе ти каже сé."

"Кој брат? Оној ли кого јас го однесов во партизани за сега тој да се кити со генералски гранчиња?"

"Да, тој. Кој друг. Имаш еден брат. Тој е генерал, или наскоро ќе биде. А ти, кој си ти? Црна овца во семејството."

Така, другарот Дечков. Но нас нé мачи и постојано ни измрдува од кадрото. Ни ја расипува сликата.

Но ќе пропее. Ќе пропее. Кај и да е.И уште како.

*Август, 10-ти 1952*

Двајца мошне сомнителни странци, кои покажуваа невидена лутина и бес кон нашите луѓе кога ги прашуваа "Дали сте англиски џентлмени?" одговарајќи сето време "Не, ние сме Шкоти, се разбира!" преку мера навредени, небаре по онаа нашата, народната, "се буни како Грк во апс", дојдоа минатата недела во Равен и по тој повод бевме приморани да го повикаме Матеј Јорданов, бидејќи ни требаше преведувач."Зошто се лути?"-нé праша тој, исчудувајќи се на нашето прашање."Па тоа не е ништо друго, освен прашање на гордост. Шкотите и Англичаните си имаат стари и нерасчистени сметки уште многу оддамна," му рече тој на нашиот службеник. "Па, што сакаат тогаш од нас?" "Од нас? Од нас тие ништо не сакаат. Сакаат само да им кажеме кој е најкусиот пат до Солун." "Тоа ли е сé?" прашавме ние. И тој потврди: "Да. Тоа е сé." Но ние не сме наивни. Знаеме дека добриот стрелец не е познат по своите стрели, ами по целта. Инаку, што му требаше да се раскаже толку долго со нив?

Нема никакво сомнение дека тој ја кодошеше нашата земја на тие гнили западни лепешки. Така, моравме да го приведеме на сослушување.

*Забелешка: зборот с о с л у ш у в а њ е беше пречкртан од Моно Џуапо. Исправката гласеше т е п а н. Тешко претепан.*

*Јуни, 30-ти 1954*

Млада француска двојка со нивната малечка кола-конзерва *спачек* имаа сообраќајна незгода кај кривината што ја викаат *ранч*, или *петлово колвање*, патувајќи за Охрид.

Го фативме Матеј Јорданов за преведувач. Но, подоцна, тој си зел слобода, сам да ги одведе во болница, без да нé праша за дозвола. Со тоа, тој изврши предавство на нашите државни интереси кон странски државјани, поради што беше приведен на сослушување во полицијата.

*Забелешка:* Да, тој беше приведен, но не на сослушување, или информативен разговор, како што најчесто се правдаа во полицијата, туку на тепање, како и секогаш, само затоа што се дрзнал да им укаже помош на повредените луѓе. Тој се срамеше поради однесувањето на нашите власти кон нив. И згора на тоа: самиот ги платил дури и нивните болнички трошоци Срамота!

*Декември, 2-ри 1959*

И покрај неговата лоша репутација од минатото, ние одвреме-навреме мораме да го земаме Матеј Јорданов како преведувач, бидејќи кај нас немаме многумина што знаат да зборуваат странски јазици.

Така, минатиот пат, му претставивме еден авантурист, некој скитник од Америка, дојден овде богзнае

огзнае зошто и со каква цел. Веројатно да нé шпионира. Што друго. А тој рече:"Научни истражувања."

Тинтири-минтири.

Тие патуваа низ Македонија, посетувајќи стотици и стотици куќи, преправајќи се и трудејќи се да нé уверат дека "ловеле некакви звуци од нашите народни песни, дека ги собираат нашите народни умотворби, приказни, обреди, обичаи и празнувања, нашите народни облеки и носии, нашите инструменти, икони и сé што претставува остаток од нашето религиозно минато и побожно наследство", демек, лицемерното и богомилско Средновековје. Мижи Асан-да ти баам. Дури и зборовите на народните песни беа употребувани како шифри за издавање на нашите државни тајни и интереси.

"Македонија е еден етнолошки рудник," говореше тој. "Вие просто не сте свесни со што располагате. Што сé поседувате. Вашите манастири, вашите фрески, вашите носии и накитот...", зборуваше Американецот, а тој сал мавташе со главата по секој негов изговорен збор, небаре ѓакон пред својот игумен.

Така, ден по ден, тие се одомаќија во Равен.

И како што талкаа од куќа во куќа, од еден до друг двор, од една до друга авлија, прашувајќи, чкртајќи, снимајќи и вршејќи ја својата глупава анкета со нашиот неписмен и полуписмен народец, започнаа да се случуваат најнеобични природни и други појави и несреќи во нашиот регион.

Најпрвин беше поплавата. Потоа, наезда на скакулци. По неа, изби пожар и се рашири насекаде

низ околината. Еден по еден. Дури и малечок земјотрес не нé одмина. А пак последниот настан беше врв на сé и го пречекори работ на нашето трпение. Тоа беше знак дека нешто мора да се стори. Да се преземат строги мерки и итни чекори, инаку маф ни беше работата.

Тоа беше случајот со канализацијата, со труењето на водоводните цевки. Последниот заканувачки миг. Ѓаволот ја однесе шегата. Се прелеја чашката. Илјадници и илјадници животи беа доведени во прашање. Настана паника. Се случи општ метеж. Да. Се случи. Нé снајде и тоа дереџе.

*Забелешка:* (со заклучок на Моно Џуапо)-

*Тие го уапсија Матеј Јорданов, држејќи го за своите глупи сослушувања, викајќи го пак и пак, со недели и недели. Во почетокот, се обидоа да го обвинат Американецот, но беа спречени од нивниот главен шеф, другарот Дечков, на кого му било наредено од Скопје да ја повлечат одлуката за да не избие меѓународен скандал. Тие беа готови да го обвинат човекот дури и за почетокот на Третата светска војна, само да можеа. Но, за среќа, не можеа. Војната задоцни. Сега се водат само локални војни. Се планираат глобално, а се изведуваат локално. Со притискање на едно црвено копче од бастионите на Пентагон и на Гордиот Албион. Така, нашиот Матеј, пак го извлече најдебелиот крај, но како што вели поговорката "подолу од тавата-во огнот!" Како и да е, неговиот син беше единствениот кој се офајди од тоа - тој го сретна човекот во Америка, кој едноставно му направи една голема и исклучителна услуга - да ја основа музичката продавница во Њујорк, во почетокот на шеесеттите. Најпрвин тој му се обрати, а потоа го*

*повика таму, давајќи му гаранција и сé што е потребно за влез во земјата.*

*Happy end,* зар не?

Кон крајот на есента, семејната гробница на гробиштата во Равен, беше завршена. Нашиот херој беше повеќе од задоволен. Отиде во Скопје за да ја пушти нарачката околу посмртните останки на своите родители. Сè беше готово. Поголемиот дел од неговиот зарек што му го вети на татка си дека ќе го изврши нашето Свето Тројство (да изгради куќа, да засади дрво и да подигне син) беше веќе остварен.

Нивното вечно живеалиште ќе бидат гробиштата во Равен.

Дрвото што го засади покрај нивниот гроб, беше маслинка.

Остана само синот.

Којзнае. Можеби ќе најде некоја златна рипка, која ќе се согласи да му ја исполнат и последната желба на неговиот татко и да го продолжи потомството, да го продолжи коленото на старото градско и чорбаџиско семејство Аџи-Јордaнови. Или да летне на крилјата на Силјан Штркот.

Глава шеста

По три и пол години, на вратата од семејната куќа на Аџи-Јорданови во Скопје, во населбата Козле, ќе заѕвони доктор Златан Ибраковиќ. Ќе му отвори жена во поодминати години, што ја одржува куќата.

"Добар ден! Јас сум др Златан Ибраковиќ. Доаѓам од Тузла. Го барам домаќинот на семејството Аџи-Јорданови".

"Момент, господине! Почекајте да го известам господинот. Кој го бара?"

Тој веднаш ќе го извади портофелот и ќе ѝ ја подаде својата визит-картичка. По две-три минути, на прагот ќе се појави Мат Џордан. Младиот посетител ќе се изненади кога пред себе ќе виде човек на приближно иста возраст како и неговата. Ќе очекува далеку постар домаќин.

"Господинот Аџи-Јорданов?!"

"Да. Повелете!"

"Јас сум др Златан Ибраковиќ, од Тузла. Дали е ова домот во кој живееше Борис Аџи-Јорданов?"

"Да, господине. За што се работи?"

"Ви носам важна порака за вашиот...брат?"

"Братучед. Повелете! Влезете, господине!"

"Но...простете...дали сепак се работи за истиот дом?"

"Да, да. Повелете. Не стеснувајте се, господине."

Мат ќе го воведе гостинот во големиот приемен салон, ќе му покаже каде може да се смести и веднаш ќе го праша дали би сакал нешто да се напие.

"Кафе? Чај? Сок? Нешто жестоко?"

"Не, благодарам!" ќе одговори тој.

Цртите и изразот на неговото младо и привлечно лице наеднаш ќе се изменат. Од љубезна насмевка - во смуртена гримаса. Во неговите сини очи за миг ќе згасне сјајот зад очилата со златни рамки. Иако млад,

тој веќе има видливо проредена руса коса, која на тилот и темето штотуку почнала да ги покажува своите први и мошне впечатливи знаци на напреднатата себореја.

"Во хотел Holyday inn, кадешто веќе трет ден сум присутен на еден симпозиум во организација на УНИЦЕФ 'Лекари без граници' испив јако дупло турско кафе. А наутро не пијам ништо жестоко. Освен тоа..."

Тој момент, Мат веќе ги беше подготвил кристалните чашки за првиот утрински тост со домашна ракија, пропуштајќи ѝ предност на домаќинката да го внесе послужавникот со традиционалното слатко од лубеница и чашка студена вода од изворите на Рашче за добредојде.

„О, да, простете! Ви влетав во зборот. Рековте ми се чини „освен тоа...", зар не?"

„Да, да! Освен тоа, се плашам дека мојата мисија поради која сум дојден кај вас не е многу весела и не би сакал да го злоупотребам вашето гостопримство. Во никој случај. Впрочем, дали се овде родителите на Борис Јорданов?"

„За жал, не. Тие одамна се починати, господине. Јас сум единствениот и последен жив потомок на некогаш големото семејство Аџи-Јорданови."

„Така, значи?"

„Да. Пред три и пол години се вратив од САД. Тогаш, исто така, и самиот се простив од своите родители. Ова е наша заедничка куќа, ако се изземат двете стари во Равен, кадешто се наоѓа и нашата семејна гробница. Таму почиваат коскиte на нашите стари."

„Тажна приказна, зар не."

„Да, секако, секако. Но што е-тука е. Сепак, да преминеме на она главното. Што е со Борис? Јас пред три и пол години ја прокрстарив целата бивша држава вдолж и во широчина за да го пронајдам својот братучед, но не успеав во тоа. Од Требиње и Дубровник, преку цела Босна, до Хрватска. Сè беше попусто. Како во земја да пропадна. Веќе изгубив надеж дека воопшто ќе слушнам нешто за него, иако морам да признаам, сè уште им ѕврцкам по телефон на сите овдешни државни органи. Без успех."

Напнатоста на лицето од гостинот, како и во целото негово однесување, сè уште беше присутна, но сознанието дека она што има да му го соопшти на младиот домаќин, најверојатно нема да предизвика исто дејство и ефект како што би било тоа ако пред себе ги имаше, да речеме, неговите родители: мајката, или таткото. Тоа го охрабри троа.

„Молам да ми простите за индискрецијата, но би сакал да знам во какви односи бевте со вашиот братучед Борис?"

Мат Џордан како да беше затечен од навидум иследничкиот тон и од непосредната директност на прашањето. Не можеше веднаш да проникне во

причините за тоа. Но воопшто не се двоумеше да му одговори.

„О, не знам како да ви кажам. Јас својот братучед речиси и не го познавав. Се имавме сретнато само еднаш во животот. Јас живеам во САД, во Њујорк и нашата единствена средба беше пред десетина години, на погребот од нашата баба, во Равен. Но она што ни е заедничко е што сите наоѓаа некоја голема физичка сличност помеѓу нас двајцата. Тоа ни беше единственото нешто заедничко, се разбира, покрај

крвното сродство што нè поврзуваше. Ах, да. Ако се изземе и оваа палата, што ја подигнаа нашите старци".

Врз лицето на гостинот грчот како троа да попушти. Сенката на сомнението како да се разлеа во блага полунасмевка на тажна симпатија. Двоумењето да ја прифати понудената пијачка исчезна тој миг. Она што имаше да му го каже на љубезниот домаќин, воопшто не беше лесно. Ракијата можеби ќе му го одврзе јазикот.

Го сврти погледот кон витрината на регалот и ја забележа фотографијата на Борис, врамена и обесена покрај минијатурната библиотека. Стана, појде до регалот и ја извади од постолјето. Ја гледаше внимателно еден миг и потоа пак пристапи кон својата фотелја, гледајќи ту во сликата ту во домаќинот. И рече:

„Навистина си личите." Тоа речиси го прошепна и веднаш потоа едноставно бркна во внатрешниот џеб на своето палто. Оттаму извлече еден мошне изветвен син плик од чија внатрешнина на салонската маса се стркала една добро истуткана фотографија. И тоа беше портрет на Борис, но овојпат во војничка униформа.

„Да. Нема сомнение. Тоа е тој", рече гостинот, сега сосема уверен во тоа и решително му го подаде синиот плик со сета негова содржина, адресиран на името од неговиот стрико. Во него, освен фотографијата, имаше и кратко писмо, чии букви одвај се распознаваа, бидејќи мастилото беше целосно разлеано, а врз хартијата имаше полно дамки.

Мат Џордан, кој во меѓувреме успеа сосема добро да го совлада македонското писмо, некако ја одгатна содржината и она што не беше сосема разлеано и

уништено во него. Таму можеше да прочита неколку одвај поврзани редови:

„...не знам...што му згрешивме на Господа...та нѐ снајде ова дереџе...се сеќавам...ти ми кажуваше...аскер во турско се служело седум долги години...а ние ...овде...кучешки...ко стока топови...по овие босански.....без глас...абер да пуштиме...илјада и петстотини денови и ноќи...за туѓи сметки...долгови плаќаме..."

Поголемиот дел од остатокот на писмото (или она што некогаш било писмо) беше покриен со големи темни лочки. Адресата беше читлива, како и војната пошта сосе името на Борис, по што можеше да се заклучи дека тој писмото долго го влечкал со себе и веројатно повеќе пати се обидувал да го испрати однекаде,или подоцна повторно го уфрлувал во плик. Којзнае.

Откако го прочита, барем она што можеше да се прочита и што беше преостанало читливо во него, Мат се загледа втренчено во лицето на гостинот и сфати дека прикаската на Борис има тажен крај.

„Претпоставувам дека тој веќе не е жив. Нели?"

Гостинот климна потврдно со главата.

„Жалам. Примете го моето сочувство!"

Се гледаа долго. Без збор. Мат си налеа во чашката и брзо ја искапи до дно. Му налеа и нему. Тивко го погледа. Се двоумеше дали да праша, или не, заусти да каже, се откажа и пак проговори одненадеж:

„Зошто толку е валкано писмото?"

Човекот длабоко воздивна. По изразот на неговото лице, Мат сфати дека погодил точно во целта. Прашањето беше на место. Она вистинското.

„Ах, тоа е долга приказна, господине...простете?"

„Мат. Мат Џордан."

Гостинот гледаше немоќно во него еден миг и најпосле сепак се одважи:

„Видете, господине Џордан. Тоа што сега го гледате како темни дамки врз хартијата - тоа, простете, е неговата крв. А она долу, кон крајот на листот - тоа се траги од неговата глава. Знам дека е грубо она што ќе ви го кажам, но не знам како поинаку се кажува тоа: едноставно, тоа е дел од неговиот истурен мозок!"

Мат дури сега гледаше вџашено во својот гостин. Изгледаше како некој кој одненадеж доживеал шок.

„Докторе, се надевам дека за ваквиот хорор имате причини и дебело оправдување?!"

Гостинот не се двоумеше ниту еден миг.

„Ве молам, подгответе се да го слушнете остатокот од прикаската, кој навистина е страотен. Грозоморен. Ако сакате, можам и да ве поштедам од поединостите...?"

„Не, не! Кажете ми сè! Кажете ми сè што знаете. Ве молам!"

Гостинот веќе сосема го измени изразот на своето лице и со цврста решеност ја отвори црната кутија на Пандора пред вознемиреното лице на својот домаќин.

„Во ред. Штом така сакате-назад нема. Приказната започнува во почетокот на мај, годинава. Тогаш, во мојот уред стапи еден пациент, ајде засега да го наречеме XX, што ми го донесоа од невро-психијатрискиот оддел, со цел да го затворам конзилијарниот наод околу неговата работоспо-собност и бараната инвалидска пензија. Пациентот беше од околината на Тузла. Настанот за кој сакам да ви зборувам се случил минатото лето, кон средината на јули. Тогаш XX и околу 2.000 Муслимани биле

испоседнати на една ливада во близината на асфалтниот пат помеѓу Братунац и Коњевиќ Поље. XX и самиот е од тие краишта, па не му било воопшто тешко да сфати дека се наоѓале во Лолиќи, село во западниот дел од Кравица.

Претходната ноќ, XX, мојот 51-годишен пациент, бил фатен во заседа во Каменица. Неговата намера била да се пробие и избега во Тузла од обрачот на српската војска, која не била ништо друго освен остатоци на ЈНА, дополнети со разни доброволци. Во исто време, холандската единица, една слабо вооружена група од 750 војници, беше одговорна да им помогне на невооружените муслимански одбранбени сили да ја очуваат претходно утврдената безбедносна зона. Но тие не ја извршија својата задача, притиснати од далеку понадмоќниот непријател, на чело со генерал Ратко Младиќ.

Во почетокот, сè изгледало безбедно и нормално и ништо не навестувало дека може да се случи нешто необично и непредвидливо. Затворениците биле третирани добро. Им ги зеле парите и рациците, а згора на тоа, со нив се испоздравиле и некои од војниците кои се познавале со нив уште од цивилниот

живот, пред војната. Помладите затвореници ги испратиле по вода. Еден од војниците на шега го вперил оружјето кон затворениците и го прашувал другиот војник до него, ѓоа на шега:

„Да ги убијам ли, а?" а овој одмавнувал со рацете, велејќи: „Не биди луд."

Значи, во почетокот сè било нормално, дури и малку шеговито. XX својот спас го гледал во најавеното доаѓање на генералот. Нему му верувал. Тој бил остар со затворениците, но брутално отворен,

директен и суров. „Подобро ви е вака, или да бидете убиени?"ги прашувал и потоа ги провоцирал со Насер Ориќ: „Ви избега, а? Херојот ве напушти!"

Им рекол дека нема зошто да се плашат, бидејќи нивните семејства биле згрижени и евакуирани на сигурно. Им ветил дека и самите за ден-два ќе бидат сместени во заеднички логор. Дека ќе добијат храна и вода и дека ќе ги засолни од пеколното сонце. Муслиманите му аплаудирале на генералот. XX дури собрал кураж да го праша: „Генерале, јас сум бос, кондурите ми останаа во ранецот. Можам ли да си ги земам?" „Ќе добиеш нови," му рекол генералот. Се дошепнал нешто со своите офицери, влегол во џипот и си заминал.

Десетина минути подоцна, дошол некој друг војник без ознаки на чинот и тогаш започнало она вистинското...она најстрашното.

„Наредете се во редови по четворица," им викнал тој на затворениците. XX и другите затвореници покорно ја извршиле наредбата. Формирале колона и почнале да маршираат источно кон Кравица. Војници со пушкомитралези ги придружувале по патот, одејќи паралелно со нив од другата страна, по трапот, вперувајќи го оружјето со повремени заканувања. XX

сфатил дека војниците имаат премногу оружје со себе. Тие за себе постојано зборувале како за војска на ЈНА. По извесно време, колоната пристигнала во околината на Кравица. Затворениците ги внеле во три опожарени магацини. XX и другите затвореници ги збуткале во најголемиот од нив. Зградата била поделена на две соби. Влегувањето во засен, тие го доживеале како привремен куртул од маките. Но сепак, турканицата од толку голем број луѓе во толку мал и збиен простор, била нова мака за нив. Сега

имале сенка над главата, но немале воздух во градите. XX се држел до аголот, веднаш во близина на влезот, заедно со неколку свои соселани од Суческа. Мажите што биле најблизу до вратата и до прозорците биле збунети и избезумени кога виделе дека војниците наеднаш ги кренале своите митралези. И веднаш потоа, отвориле оган. Се создал пеколен врескот, паника и тој миг почнале да летаат и рачни гранати. Стапицата била целосна и потполна. Шрапнелите и куршумите се забивале во телата и месата на заробениците, а нивните пискотници одекнувале во тесната просторија како во некоја адска пештера. Оние што се обидувале да ги прескокнат паднатите и да избегаат надвор, биле веднаш начекувани со оган и застрелувани на лице место. Детонациите од рачните и ракетните гранати во магацинот биле татонливи и заглушувачки. Телата биле смачкани и распарчани. Крвта прскала насекаде по ѕидовите. Парчиња од раце, нозе, мозок и други делови од телата, летале високо во воздухот и се лепеле за таванот од просторијата. XX се залепил за подот. „Хакија, брате, умирам", викал зад него некој во претсмртно стенкање, а кого пред тоа упорно го довикувал како

„Салко, држи се, брате!" Потоа следувале уште гранати. Сѐ повеќе оружје се огласувало и татнело наоколу. Пет минути подоцна, настанало затишје. Делови од тела, или она што останало од телата, лежале распрскани на бетонскиот под, како стока во кланица. Ранетите мажи офкале. Сѐ уште живите се криеле под мртвите.

XX бил избезумен. Единствениот рефлекс за самоодржување му бил да стане и да оди кон нешто што личело на приемен пулт. Како што ги

пречекорувал искасапените мажи, му се причинило дека го видел Зулфо, човекот што го знаел од Сребреница, а кој сега немоќно зјапал во него. „Не оставај ме да умрам," пелтечел XX. „Има ли вода овде некаде?" прашувал тој. „Каква вода?"-шепотел Зулфо. „Лежи долу."

Тој миг, војниците внеле во просторијата еден крајно вознемирен војник што се обидувал и со раце и со нозе да се отргне од своите насилници, додека тие упорно и жестоко го удирале со кундаците по грбот и слабините, низ пцости: „Ќе пукаш, или не, мамичето твое македонско?! На што ти личиме ние? На мајмуни, а?" му викал еден од тројцата што го внеле во магацинот, на самиот влез од кланицата. Војникот очајнички врескал кон своите мачители: „Не! Не! Не! Не пукам веќе! Не убивам мртовци! Не пукам во отворени гробови! Убијци! Мародери!"

Тогаш, во просторијата влегол еден 'рмпалија, дерејќи се кон него со пцости и истурајќи го својот гнев: „Не пукаш, а? Не можеш да пукаш кога ти се тресат рацете без редовната дневна доза, а? Наркос низаеден, еве ти, ná!" и со само еден истрел од пиштолот му го истурил мозокот на несреќниот војник

кој немоќно се струполил ничкум врз телото на преправениот „мртовец" XX.

А тој, само што се залепил до подот, војниците почнале повторно да пукаат кон местото кадешто се наоѓал тој, откако пред тоа тројцата убијци во два-три скока се повлекле на поранешната позиција од влезот. Тој брзо и махинално го турнал мртвото тело на штотуку убиениот војник врз себе, засолнувајќи се зад него. Почувствувал како нешто топло потекло на неговата страна. Тоа била неговата крв.

Лежејќи на подот исполнет со тела и делови од тела, XX слушнал гласови. Цела ноќ слушал офкање од ранетите и оние што биле на умирање, но ова биле силни, чисти гласови што доаѓале однадвор. Сонцето веќе изгреало неколку часови порано, но тој немал претстава за тоа кое време би можело да биде. Тој миг, неговата рака, случајно начепкала писмо во џебот од кошулата на војникот, чие тело саноќ му служело како „заштитна маска" и тој веднаш го ставил писмото во својот заден џеб од панталоните.

„Има ли некој жив овде?" прашал некој глас однадвор. Во магацинот било тишина. Гробна тишина. Штама.

„Излезете," рекол оној што прашува. „Ќе ве земеме во камиони и ќе станете дел од нашата армија."

XX не можел да поверува кога слушнал неколку мажи кои станале и излегле надвор од кланицата. Она што прилегало на камион, веднаш заминало. Тогаш, војниците се вратиле.

„Секој што е ранет може да излезе надвор", рекол гласот. „Овде има амбуланта која ќе се погрижи за вас." Пак некој маж се подигнал и го напуштил магацинот. Надвор грмнале истрели. XX бил сигурен

дека војниците ги доубиваат ранетите. Тишина зацарила во магацинот.

Еден час подоцна, еден Муслиман, кој бил ранет, почнал да довикува нечие име. „Салко! Салко!" викал тој. Наеднаш некој друг глас прашал „Дали си жив?" и опцул. Повторно се слушал поединичен истрел, а потоа пак настанала тишина. По еден час и половина, пак се огласил некој ранет, но и тој бил замолчан со истрел. Парализиран од страв, XX чекал. Притаен.

Преправен во труп, криејќи се зад телото на мртвиот војник.

Дошло и попладнето кога тој слушнал како неколку возила се приближуваат кон магацинот. Тие биле овде за да ги однесат телата. Наеднаш подот се затресол, а една машина згрмела во близина. XX, кој се криел зад мртвото тело, а и зад купишта други тела, сфатил дека во соседната просторија влегол булдожер. Телата биле распарчувани од машината и товарани на камиони. На XX, истиот миг, му прелетала низ свеста една спасоносна мисла: да биде фрлен во камионот и измешан со мртвите тела. Наеднаш чул некаков шепот во близина под купиштата мртовци и видел дека уште двајца муслимански мажи се живи. Во меѓувреме, уништувањето и отстранувањето на телата привремено било запрено и прекинато. Тројцата преживеани се договориле да избегаат. При бегството, XX и еден од двајцата Муслимани, успеале, додека третиот немал среќа. Бил застрелан од стражарите. Двајцата преживеани, се упатиле кон Тузла."

Десетина минути никој од двајцата не изусти ништо, не проговори ниту еден збор. Само ѕуреа некаде кон прозорците и повремено потеглуваа од чашките пијалак. Мат беше шокиран од трагичниот крај на својот братучед Борис. Имаше ли тука место за какво и да е самообвинување? Неговата Голгота низ Босна од пред три-четири години, сега, по оваа грозоморна калварија, по овој невиден и нечуен

масакр, што му ги вкочани сите сетила, му се пристори како некоја туристичка прошетка, како некој минлив сообраќаен инцидент.

Гледаше потајум во лицето на својот млад гостин, безмалку, речиси врсник, со нескриено чувство на немоќ и одеше од трпезаријата до каминот, од каминот до масата, ја земаше сликата на Борис од комодата, ја споредуваше немо со таа од синиот плик и пак ја враќаше назад на старото место, не можејќи да му погледне во очи на докторот и плашејќи се да не го совладаат чувствата, да не го излее својот очај, бол и гнев, сега, тука, незапирливо, како пролом по долго стегање, како гордо уривање и ничкосување пред улерата, како попуштање на сите брани на душевните тегоби и волненија.

И небаре здоговорени, откако тој претходно му пристапи отстрана и простум на младиот доктор, благо допирајќи го со дланката по рамето, веднаш излегоа од куќата. Без збор. Молкум. Се качија во неговиот БМВ и се упатија кон падините на Водно, обидувајќи се да го ублажат и совладаат несносниот душевен товар, низ мали, необврзни, вообичаени, безмалку тривијални и патемни забелешки од опкружувањето во кое се најдоа на истекот од пладнето, среде секојдневниот метеж на автомобилите и турканиците

пред Државната клиника за да завршат со тивок и скромен заеднички ручек во ресторанот на хотел „Панорама", откаде, од височина и со часови ја гледаа сликата на зовриениот градски котел што испаруваше покрај бреговите на Вардар.

Во тој момент, младиот доктор Ибраковиќ нашиот херој ќе го почувствува како вистинска и драгоцена замена за неговиот последен крвен роднина на светот што сега толку му недостигаше во ова

забревтано и мултиетничко Скопје и во моментите кога на разделбата ќе си ги стиснат рацете еден со друг, испраќајќи се на аеродромот во Петровец, ќе посакаат и двајцата да останат пријатели до крајот на својот живот.

Сенката на Борис постојано ќе лебди меѓу нив.

Глава седма

*"Ако штрковите навистина го носат нашиот пород, тогаш ние сме пород на Силјан Штркот."*
Блаже Конески

Беше рана есен кога Мат Џордан ги замоли одговорните во МНТ да го стават настрана, да го одложат нивниот некогашен проект за балетот (мјузикл) ´Месија´. Не беше готов. Сé уште не. Мислеше дека тие него бездруго веќе го имаат заборавено и дека кренале раце од сé. Но не беше така. Не. Сакаше да побара нов термин и да остават сé за некои подобри времиња. Беше далеку од крајот. Тоа сé уште беше само ´работа во тек´. Не беше задоволен со материјалот што веќе беше сработен. Успеа да стокми една некомплетна работна верзија, но тоа беше бледа сенка од онаа првична, светла слика на неговата замисла околу ´Месијата-´та. Па дури и самиот наслов ´Месија´. И тој го правеше малку нервозен. И како што си минеше времето, сé помалку и помалку му се допаѓаше.

Впрочем, зошто ´Месија´?

Зошто не, на пример, ´Пелтекавиот суфлер´? Или, ´Сапунска опера за валканата фантазија´? Или, ´Мачка на смрзнатиот лимен покрив во февруари´? Или дури и ´Силјан Штркот´. Зошто не?

Но сепак, по долго и мачно двоумење и премислување, иако беше сосема свесен за својата речиси безразложна претенциозност, се реши најпосле

да го позајми библискиот наслов *´ПАСИЈА ПО МАТЕЈ´* , што еднаш дамна го беше одбрал и најголемиот од сите светци кој кога и да е марширал на музичкото небо, а потоа, неговите современици и генерациите по него, одненадеж, го заборавиле.*

Да. Барем во творечката работа сè е дозволено. Но сепак, тој беше мошне приврзан на неговата стара навика да го одбере насловот уште однапред. Којзнае кога и којзнае зошто за првпат го стори тоа. Така правеше веќе долго време и сè уште продолжуваше да го прави истото. Тој просто не можеше да мрдне со работата ако најнапред не ставеше наслов.

Што бараше притоа? Сигурност? Заштита?

---

* Дури по сто години, сосема случајно, го открил среќниот автор на прочуените ´Песни без зборови´, големиот Феликс Бартолди Менделсон, кога еден ден влегол во една касапница, во Лајпциг. Месото и коските му ги завиткале во мека хартија, но поради обилната крв месарот ставил уште еден, подебел слој хартија за завиткување. Менделсон бил изненаден кога при враќањето во својот дом забележал дека хартијата го претставува уметничкото дело, ораториумот ´Пасија по Матеј´ од извесниот Јохан Себастијан Бах, кантор во црквата Свети Тома, во Лајпциг. Бегум прелетал преку ракописот и веднаш отрчал назад кај месарот за да го откупи сиот преостанат дел од хартијата за завиткување. Нема

сомнение дека месото, коските и крвта, и на тој начин, престанале да бидат месо, коски и крв и веднаш се претвориле во Божји знак, што нé поврзува како со Бах, така и со страданијата на целото човештво и преку нашиот Господ Исус Христос и преку создателот на ´Пасија по Матеј´. Да не верува човек. Секој од нас би можел да се наежи дури и на самата помисла дека доколку не се појавило тоа чудесно провидение на Феликс Бартолди и да наиде на тоа непроценливо музичко азно, денес ние ќе бевме посиромашни за музиката на тој бесмртен гениј, без Уметноста на фугата, без Air-от, adagio-то од свитата во D-dur BWV-1068,без коралот за труба и оргули и без една цела барокна музичка планета. Феликс Бартолди, точно 100 години по неверојатната месечарска амнезија на човештвото, во Лајпциг, во 1829 година, ја диригира божествената ’Пасија по Матеј’ и од тој миг, ѕвездата на Бах блеснува со сиот свој сјај и до ден-денес нè озарува со својата величествена и неугаслива светлина. (Забелешка на авторот.)

Како и да е, секогаш мораше да си најде некое оправдување во животот. И задолжително, однапред. Не беше свесен дека можеби се работи за неговиот комплекс на вина. Уште од детството, уште од најраните младешки дни, сѐ досега. Наслов? Зар тое не е уште само една обврска повеќе, пријателе?- се прашуваше себеси одвреме-навреме. И ако е така, тогаш јас се повлекувам, се откажувам. Не ми треба. Не повеќе. Тоа е само уште еден нов камен врз мојот грб.

Тогаш, ајде да го прифатиме ризикот, да влеземе во една нова творечка авантура и да се опитаме со нешто ново. Да се ослободиме, да се откачиме барем еднаш од несносната леснотија на зависноста од тој неизбежен наслов. Би можел ли да го направам тоа? Ајде да се обидам. Ајде барем уште еднаш. Оваа игра ме прави да се чувствувам како човек кој добива крилја за миг и можеби тоа е токму последниот и единствениот пат за некој кој се решил да плови спроти сите ветришта.

Против сите природни сили. Против сиот свет.

Дали сум јас само еден вечен губитник? Дали сум јас тој некој кој може да ја измени сопствената и однапред определена судбина? Дали е тоа мојата зла коба? Дали сум јас еден непоправлив хазардер и невешт Танчер на Жица? Виртуоз на Залудноста?

Не знам.

Ајде да се обидеме да го повториме подвигот на нашиот млад американски пријател уште од студентските денови, кој остана да лебди помеѓу животот и смртта на крајот од нашата заедничка ’звучна игра’, со неговиот параглајдер, на врвот од Маунт Витни, на Сиера Невада.

Зошто не?

Ајде да ризикуваме, да бидеме храбри како него. Токму како него. Како младиот американски пријател. Само еднаш и уште еднаш да ја почувствуваме разликата помеѓу летањето, бегањето и паѓањето од височини и да се вивнеме пак над светот. Макар само од љубопитност и од жед кон непознатото, или просто, како штркот од нашата стара македонска приказна, па макар и го скршиле вратот по тој смел и несекојдневен подвиг.

Преку подвозникот на Чаир, кон Зајчев рид и на излезот од Скопје спрема Качаник, веќе со часови се влече огромна колона возила, џиновски транспортери, натоварени со најразновидно артилериско оружје од УНПРОФОР.

Насекаде се ори татнеж, несносна бучава и чад од испарувањето на моќните мотори, кои веќе со месеци ги тресат трошните куќи сосе бетонот и асфалтот на улиците од предградието на Скопје. Речиси нема куќа пред која не стојат сурии албански дечиња со кренати раце и прсти во знак на поздрав кон мировниците од НАТО, што означуваат јасен симбол на латинската буква V (victory).

Аждерот на војната во БиХ веќе одамна е обескрилен со лабавиот Дејтонски мир и навидум го придушува огнот колку-толку, но чадот сè уште тлее наоколу.

Сега е на ред косовскиот Армагедон.

Вождот истера повеќе од 900.000 Албанци на југ кон Кукс во Албанија и Стенковец во Македонија,

велат, со намера да ги смести своите бегалци од Хрватска, во пределот на старото и митско огниште,

на Косово, српскиот Ерусалим, по огнената ламја што се срути врз нив со операцијата 'Луња', потпомогната од сојузничките сили.*

Се ближи последниот чин од драмата во театарот на сенките. Бурето барут го чека својот последен пироман. По неговата триумфално најавена експлозија, резултатот ќе го објават јавачите на Апокалипсата: разурната земја, над 300.000 невини жртви, уништени домови, 1.500.000-2.000.000 раселени, обездомени деца, растурени бракови, опустошена економија, глад, сиромаштија, невработеност, беда, чемер, јад...

* Иако Македонија ќе прими над 360.000 бегалци од Косово кон крајот на вториот, веднаш утредента, на почетокот од третиот милениум, УЧК преку своите македонски ограноци и крила (ОНА, АНА) ќе ја нападне Македонија. Со тоа, татковината на Мат Џордан ќе го изгуби својот по малку девствен, да не речеме аркадиски епитет „оаза на мирот". Впрочем, оазата на мирот беше само фатаморгана во главите на грст неспособни и истрошени политичари, кои, всушност, од осамостојувањето до денес, ја упропастија Македонија. За среќа, конфликтот нема да добие размери на воен, туку на локален судир. Двете страни, под притисок на меѓународната заедница, по неколку месеци, ќе седнат на преговарачка маса и ќе го потпишат познатиот Охридски договор.

Тие денови, сосема случајно, нашиот херој ќе запознае еден постар господин, кого ќе му го претставаат како Џек Џилберт, организатор на втората група Peace Corps во Македонија. Ќе зборуваат за сѐ и сешто. Од сонцето и вината, преку знамето и името, до убавините и помалку прелестните поединости на „оазата на мирот". На пример, за криминалот со дрога, луѓе, бело робје, за шверцот со цигари, за корупцијата на државната администрација, за галопирачкиот растеж на AIDS во светот и закануачкиот продор на зараза во редовите на миротворците од НАТО поради недозволениот и масовен влез на девојки за забава од Украина, Бугарија, Молдавија и другите источни земји по распадот на СССР, особено во западниот дел на Македонија (аферата Дилавер Бојку и тн.)...

Во еден миг, господинот Џек Џилберт ќе се одважи да го праша нашиот херој нешто во врска со наводната македонска исклучителна „скокотливост" по албанското прашање. Мат Џордан ќе погледне во него како тој миг да паднал од Марс.

„Господине Џилберт, јас сум само еден обичен Американец на привремен престој во Македонија. Се плашам дека не сум вистинската личност која може да ја задоволи вашата љубопитност," ќе му рече.

Ќе се погледнат со долг и испитувачки поглед.

Притоа и двајцата ќе глумат невешта рамнодушност. Но во нивниот поглед ќе остане да тлее извесна искра на обвинување на едниот кон другиот.

Џек него немушто ќе го обвинува за отсуство на патриотска солидарност. Мат за недостиг од такт и чувство за деликатност.

Како и да е, и едниот и другиот ќе си останат со своето внатрешно убедување. И двајцата ќе сметаат дека се во право. Господинот Џилберт, како ветеран од Виетнам, кој е оженет со Малајка или Виетнамка, и како таков, убеден во својот беспоговорен пацифистички статус, и Мат, кој наспроти „македонската скокотливост" по албанското прашање, во рацете држи еден куп доказен материјал од корпусот на човековите права според сите меѓународни правновалидни декларации и документи.

Но ниту едниот, ниту другиот, нема да замавта со својот адут.

Ќе си ги разменат своите визит-картички и ќе се поздрават со чувство дека нивната прва средба ќе биде и последна, но уште еднаш нема да бидат во право ни едниот ни другиот,бидејќи вистината ќе си остане некаде на средината, како и секогаш, зашто веќе наредната недела од нивната средба, господинот Џилберт ќе се предомисли и ќе посака да ја искористи можноста еден роден Американец од македонско потекло да зборува за етничката и конфесионална толеранција на Балканот пред неговите американски атендори.

Мат Џордан отпрвин поканата ќе ја прими со чувство на одбивност, но колку што времето ќе одминува, постепено ќе почне да олабавува неговиот отпор. Набргу, тој ќе се одѕвие официјално и ќе појде да ја раскаже својата воена одисеја со Виола пред многубројните гости од сите страни на САД. Слушателите ќе го следат со големо внимание она што ќе им го раскаже тој. Нема да им држи лекции за верската и етничката толеранција, нема да им тресе празна слама со лажни и исполитизирани фрази за соживотот. Ќе се обиде само да им го пренесе своето

чувство на отпор, гнев и немоќ пред силите на уривањето и мракот, искрено, отворено и чесно пред своите правдољубиви сонародници (а тие, небаре го очекуваа тоа, во еден миг дури и му аплаудираа(!) за тоа што доживеал на својот кривулест пат), гледајќи како пред негови очи се уриваат темелите на оваа несреќна и изгубена земја. Се обиде само во еден миг да направи паралела помеѓу југот и северот по Граѓанската војна во Америка, која кај нив резултираше со големо и конечно соединување на земјата, за разлика од оваа тукашна таратунга, која заврши со целосен и болен расцеп.

Од тој момент, Џек Џилберт нема да го остави на мира нашиот херој. Набргу ќе му понуди една можност со некоја од многуте хуманитарни екипи да заминат во кратка обиколка на логорите во Стенковец и во воената база на Бонд-Стил. Ќе ги среќава славните лица на првата дама на Америка, Хилари Клинтон, на филмскиот супер-стар Ричард Гир, британскиот премиер Тони Блер и кој ли уште не.

Еден ден, со џипот на Ред-Крос, Џек ќе го наговара да појдат и до Пеќ, каде би можел дури да запали и свеќа на гробот на Теута Мекси, алиас сестра Виола, само ако сака. Тој му стои на располагање.

Дали ќе го исполни своето ветување Џек Џилберт, ако навистина го посака од него тоа?- се прашуваше по сто пати откако му го фрли тој предизвик на маса во еден патемен разговор, по една случајна средба пред ресторанот на МекДоналдс, во центарот на градот. Дали воопшто е можно да се запали свеќа на нечиј гроб во овој сур и суров Балкан, каде ветриштата на војната, тие вечно гладни и бесни пци, не престануваат никогаш да вијат...?

Тој се смести на горниот кат, готов да започне со својата "работа во понапредната фаза", пребарувајќи меѓу материјалите на татковите семплови* со народни песни, ритми и ора.

Сé уште не беше свесен што навистина треба да стори со нив, со тие чудни товари што ги влечкаше со себе толку многу години, небаре најскапоцениот дел од своето наследство, но беше апсолутно сигурен во едно: во својата одлука да пресече, да раскине со сите претходни врски и синџири што го врзуваа со алките на поранешната стварност.

Инстинктивно притисна на VMRL преку интернет. Беше подготвен да отпочне со сурфирање во некој виртуелен град, создаден од неговиот софтвер и да скрши некој лаф-муабет со својот стар и по малку подзаборавен пријател Аватар.

Си го донесе од Америка оној прескап шлем со двете малечки LSD екранчиња од предната страна, не поголем од човечко око. Секое од двете екранчиња е прилагодено да ви го отсече видното поле надвор од визирот. Помеѓу двете дисплејчиња се прави намерно и фазна разлика, за да се создаде впечаток на Третата Димензија. Тоа е што се однесува до сетилото на видот. Проблемот со звукот се решава со шлемот, во кого се интегрирани и слушалки, кои се местат

*семплови-примероци, примери, парчиња (анг.)

директно на ушите. Следната работа е положбата на главата кога се свртува наоколу, или се поместува нагоре или надолу и во исто време тој испраќа информации во компјутерот, кој ги враќа на LSD екранчињата. А и самиот шлем е способен да симулира впечаток на виртуелна реалност, но за постигање најдобро чувство на целосна анимација, потребно е да се вклучат и останатите сетила: за мирис, допир и вкус. Тука се и сензорските ракавици со кабли од стаклени влакна, што се снабдени со диоди, или со фототранзистор. Што се однесува до мирисот, тоа е во директна зависност со условите во просторијата.

Сега нашиот сурфер е подготвен да стартува со VMRL на интернет, во царството на виртуелната реалност. Во некој од неодамна изградените градови, населени со сурфери од сите краишта на светот. Во тие градови, секој си прави своја сопствена куќа, свој сопствен двор, своја сопствена ограда и опкружување.

Во еден од тие градови, секој може да си најде некој од своите стари или нови пријатели, па дури и својата љубена личност.

Овде е и најинтересниот тип, кој чека на вас. Тоа е тој, познатиот Аватар, кој, нели, според браманската религија беше испратен од богот Вишна да се симне од небесното царство на земјата со цел да го спаси светот од потоп. Или, барем, некој сличен на него, но во секој случај, тоа е прототипот на првиот виртуелен човек на ова фантастично патување во просторот на Храбриот Нов Свет. И тука се распрснале толку многу можности. Една од нив е да се залепи сопствената слика на неговото лице како текстура.

И - хокус-покус!

Со тоа сè е сторено.

Вие сте веќе во играта. Штотуку го добивте својот Двојник во светот на Виртуелната Реалност.

Сега можете да се движите низ улиците на овој град колку што ви душа сака, сé е оставено на вас, а таму можете да сретнете сурфери од цел свет, тие се тука, наоколу, околу општите, заеднички места за излегување, каде што се собираат, си муабетат, барајќи и наоѓајќи сé што ќе посакаат, најчудесните нешта за кои сме сонувале некогаш, дури и таинствената насмевка на лицето од Мона Лиза, или речитата тишина и загадочен молк на белата уста од најпознатиот кловн на светот Арлекин, или старомодниот шпион Џемс Бонд, тајниот агент 007... и така натаму.

Можете да најдете кого било.

Целиот светски циркус, со сите најсмешни креатури што кога и да е сте ги сретнале. Сè ви стои на рака. Можете да зборувате со кого сакате. Што и да посакате, ќе најдете таму. Некои од нив ќе ви зборуваат за најновите феномени и можности во светот на хирургијата, или пластичната хирургија, други ќе се обидат да ги споделат со вас своите искуства од архитектурата, сообраќајот, возењето коли (особено, тестирањето коли), а можеби дури и за cyber-сексот.

Впрочем, зошто да не? Да. Зошто да не? Тоа е само прашање на вкусот, ќе рече некој исклучително загрижен тип за таа неизбежна тема на жолтиот печат.

Но што и да кажат, или сторат, тие ќе најдат начин да го откријат таинственото значење на нашите соништа, останувајќи будни и спротиставувајќи се на

владеењето на кој и да е тиранин, облечен во огледала и молњи, во темната зона на смртоносното кралство на кокаинот, хашишот и ЛСД.

Новиот порок е роден. Новата екстаза му е дадена на човека. Тоа е сурфирањето низ светот на Виртуелната Реалност. Таа страотна сила на Храбриот Нов Свет ќе отвори нов светоглед пред нашите очи: - Ќе гледаме кочии на небото и прекрасни градини на дното од океаните (Новата Атлантида? Новиот брод Титаник?) без какво и да е опојно средство.

Да.

Тоа е светот на компјутерите.

Тоа е светот на Виртуелната Реалност.

Овој силен апел против дрогата на интернет, нашиот херој ќе го прочита без некој особен интерес. Тој сакаше нешто друго. Нешто ново. Сакаше да се врати назад. Длабоко назад во својот живот. До последното коренче и жила на своето животно стебло. До Прималниот Крик.

Тој сакаше да узнае нешто друго и нешто многу поживо, да ја раскине врската, да ја растера маглата, да ја отфрли пајажината од таа безболна леснотија на излишната сигурност, да се избави за миг од оваа одвратна реалност што нè притиска до дното на сите дна и да се вивне високо, многу високо, во некоја жива фантазија, во некоја разиграна имагинација. Да добие крилја. Крилјата на Силјан Штркот.

И најпосле, некаде отаде AURORA BOREALIS, или кон крајот на спротивната страна од светот, тој ќе го најде изворот на своите предци, каде што неговиот

дедо, неговата баба и неговите родители се претвораат себеси во штркови. На некој далечен и пуст остров.

И можеби и тој ќе се врати. Во Равен. Во својата родна земја. Кон својот оџак и кон своите ќерамиди,

правејќи го своето гнездо и гледајќи ја нашата последна игра на КИКАРА, или ГНИЛА КОБИЛА, како што ја викаат некаде. Набргу. Напролет. Јаху-у-у!

Само Виола ќе биде повеќе налик на лебед.

На бел лебед.

Аватар нема да ги одбележува датите на времето и на настаните во овој бродски дневник, или BLOG, како што тоа популарно се нарекува денес, зашто тој ќе патува во најдлабокото минато и во најдалечната иднина, неомеѓано, неограничено, оти неговото време е немерливо и постојано, и како што велат поучените *ц и к л и ч н о*, а не историско, или она што оди во права линија, или уште попросто: времето на бајките и приказните, како што велиме ние, обичните луѓе.

Тој можеби ќе го смеша или дури збрка некаде и некогаш минатото со онаа добро позната воведна бајковита реченица *"си било еднаш одамна",* или иднината со онаа другата „*преку седум реки и мориња и зад седум планини"*, но тоа не е ни важно. Овде оваа збрка ќе настане по негова волја, а не по негова вина.

Од друга страна, неговиот брод ќе биде мошне необичен, пловен, но истовремено, и летачки објект, вселенско летало, кое ќе се вивне високо над облаците. Неговото движење по патиштата, пак, ќе се подразбира само по себе.

И најпосле, ние слушаме скоро секојдневно за толку многу НЛО-а во вселената, околу нас, за толку многу вонземни суштества, па тогаш зошто да не

слушнеме нешто и за АВАТАР, вештачкиот Двојник на Нашиот Херој.

Да. Ајде да земеме залет и да почнеме со одбројувањето...

Тој ќе биде таму. Денес. Или утре. Не е важно. Да видиме. Понеделник. Вторник. Среда...Не. Недела повеќе би одговарало. Да. Недела наутро. На први јули. Со Pan-Am, се разбира.

Тогаш-довидување!

„Последниот печалбар од нашите, најмладата преселна птица, ќе летне кон стариот крај," тоа беше напишано во неговиот бродски дневник, во неговиот blog. Тој ќе се врати на своите корени.

„Стариот крај - каде е тоа, по ѓаволите?"

„Во Македонија."

„Македонија - каде?"

„Еден чекор потаму од Итака на Одисеј."

„Не разбирам."

„Ќе разбереш."

„Кога?"

„Еден ден. Можеби скоро. Многу скоро."

*Април, 2006*